СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БР.199

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од четвртото продолжение на Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 27 октомври 1992 година

Скопје, октомври 1992 година

41-ва (ЧЕТИРИЕСЕТ И ПРВА) СЕЛДИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МА1ШД0НИЈА,0ДРЖАНА НА 27.Х. 1992г.

IV ПРОДОЛЖЕНИЕ - ОД ТОЧКА 6-ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЈАНСТВО НА РМ

| | |
|---|---|
| 1.СТОЈАН АНДОВ | 1 |
| 2.ДРАГИ АРСОВ | 5,11,55,109,119,122 |
| 3.МИТКО АНАСТАС0ВСК | 23,27 |
| 4.ФАИК АБДИ | 114,116 |
| 5.Ј0РДАН БОШКОВ | 118,157 |
| 6.ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | 23,58,59,64,131,140,152 |
| 7.АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | 94 |
| 8.РАТКА ДИМИТРОВА | 66,144 |
| 9.БОРКО ЃОРЧЕВСКИ | 99,100 |
| 10.БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | 35 |
| 11.ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ | 49 |
| 12.ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | 57,61,66,68 |
| 13.ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ | 97 |
| 14.ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | 19 |
| 15.НИК0ЛА КРСТЕВСКИ | 93,97,155 |
| 16.КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | 109,121 |
| 17.СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ | 116 |
| 18.ЕФТИМ МАНЕВ | 68 |
| 19.ПАНЧЕ МИНОВ | 137 |
| 20.ТОДОР ПЕТРОВ | 2,9,13,16,18,44,54,69,73,103,110,117,124,142,148 |
| 21.МИХАИЛ ПАНОВСКИ | 48,76,78,89,96,103,139,149 |
| 22.СТОЛЕ СТОЈКОВ | 29,100 |
| 23.Т0МИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | 29,46,73,83,84,87,89,90,91,92,95,141,142,150 |
| 24.АЦ0 СПИРОСКИ | 31,32,45,76,84,147 |
| 25.ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | 46,50,101,129,143,150 |
| 26.НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | 98,99,101,152 |
| 27.БЛАГОЈ ТОШЕВ | 27 |
| 28.ЖИВКО ТОДОРОВСКИ | 50 |
| 29.ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ | 14,10,12,15,17,43,45,48,49,63,72,91,120,123,139 |
| 30.АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | 40 |
| 31.БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | 59,62,86 |
| 32.АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ | 117 |

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од четвртото продолжение на Четириесет и првата
седница на Собранието на Република Македонија,
одржано на 27 октомври 1992 година

Седницата се одржа во сала бр.1, со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Пратениците Симеон Ивановски, Панче Насев, Љубосав Иванов, Симе Наумовски и Душко Ѓорѓевски ме известија дека од оправдани причин не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Обрнувам внимание дека и овој пат пратеничката група ПДП-НДП не е присутна и покрај сите направени напори, мислам дека тоа не може, не е оправдано.

Минуваме на точката 6.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за државјанство на Република Македонија.

Во меѓувреме пратеничката група на Илинден-Слободни демок-рати поднесе амандмани на член 26, став 3 и за бришење на ставот 4 на членот 26.

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандмани на член 2 за бришење на став 1 на член 2,став 1, на член 2 став 2, на член 3 став 1 за додавање нова точка 4 и на член 6 став 1, 2 и 3, на член 7 став 1, точка 2 на член 7 став 1 за бришење на точката 3, на член 7 став 2 точка 6 и на член 8 и за додавање нов став 2 кои Владата

на Република Македонија не ги прифати, односно по кои не се произнела.?

По процедуралната забелешка на пратеникот Тодор Петров на член 26 став 3 и укажувањето на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана заклучивме Комисијата за деловнички прашања да заземе свој став. Комисијата за деловнички прашања достави мислење кое ви е поделено.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 1 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор?
Господинот Петров сака да направи една процедурална забелешка.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Со оглед на тоа што седницата ја прекинавме за да Комиси-јата за деловнички прашања се изјасни по барањето за оценка дали амандманот што го поднесе Владата на член 26 став 3 на предлог-законот за државјанство во согласност со деловникот. Барам Собранието врз основа на член 105 став 2 да се изјасни со гласање, бидејќи не се согласувам со мислењето на Комисијата за деловнички прашања. Дали воопшто амандманот што го поднесе Владата на предлогот на закон за државјанство за враќање на решението на член 26 став 3 е во согласност со деловникот со следното образложение.
Не е спорно правото за мене лично, сметам и за било кој друг пратеник за поднесување амандмани во согласност со членот 344 став 2 од деловникот според кој подносителот на предлогот на законот може да поднесува амандмани се до заклучувањето на претресот на предлогот на законот. Станува збор дали овој амандман што го поднесе Владата на член 26 став 3 воопшто може да се третира како

амандман, бидејќи претходно Собранието со потребното мнозинство утврдено во Уставот го усвои амандманот на членот 26 став 3 на предлог-законот за државјанство. Имено, членот 26, став 3 според предлогот на законот што го добивме за расправа во овој Парламент гласеше: како државјани на Република Македонија во смисла на овој закон се смета лицето кое според досегашните прописи имало државјанство на Република Македонија и СФРЈ. Постапките за стекнување или престанување на државјанството на Република Македонија кои се започнати до влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат според одредбите на овој закон. Државјаните на другите републики на поранешна СФРЈ и државјаните на поранешна СФРЈ кои имаат пријавено живеалиште на територијата на Република Македонија можат да стекнат државјанство на Републиката ако во рок од една година по влегувањето во сила на овој закон поднесат барање доколку имаат постојан извор на средства, се полнолетни и до поднесувањето на барањето законски престојувале на територијата на Република Македонија најмалку 15 години. Парламентот го разгледуваше амандманот на членот 26, став 3 поднесен од Тодор Петров и со потребното мнозинство го усвои амандманот на ставот 3 кој се менува и гласи: државјаните на другите републики на поранешната СФРЈ и државјаните на поранешна СФРЈ кои имаат пријавено законски престој и живеалиште на територијата на Република Македонија со денот на влегувањето во сила на овој закон се сметаат за странци и спрема нив се применуваат одредбите од законот за движење и престој на странците. Лицата од став 1 на овој член ќе можат да се стекнат со државјанство на Република Македонија согласно одредбите на овој закон. Откога Собранието го усвои овој амандман на 12 август 1992 година седницата се прекина без никакво образложение и во меѓувреме во деновите кои што

уследија Владата искористи право да поднесе амандман, со што го врати повторно истото решение на одредбата од членот 26 што беше предложена во предлогот на законот за изјаснување, а кој што овој Парламент со потребното мнозинство не ја прифати. Јас сметам, тоа го укажав и на комисијата за деловнички прашања, се прави преседан во работењето на овој Парламент да ја блокираме работата, да истиот како законодавно тело да не може да донесе веќе ниту еден закон ако било кој пратеник за веќе еднаш изјаснет амандман поднесува ист амандман, макар тоа да биде и Владата како овластен предлагач по кој Собранието повторно треба да се изјаснува, а за што веќе претходно се изјаснил. Впрочем во членот 329 од Деловникот на Собранието во ставот 1 пишува: предлог за измена, или дополнување на предлог на закон се поднесува во форма на амандман. Владата со повторното враќање на решението што го имаше во предлогот на законот злоупотребувајќи го за мене своето право на веќе пресудено нешто во овој Парламент повторно да поднесува амандман, фактички не поднесе никаква измена, или дополнување на претходно прифатеното решение од страна на овој Парламент. И затоа сметам дека со тоа како што беше кажано и на седницата на комисијата за деловнички прашања е извршен за мене еден невиден преседан во работењето на овој парламент што ќе дозволи понатаму да било кој друг пратеник да може како овластен предлагач, не еден, илјада пати да го поднесува истиот амандман со иста содржина додека не се усвои предложеното решение. Имајќи ги во предвид овие мои забелешки, барам Парламентот да констатира дека предложениот амандман од страна на Владата согласно член 329, став 1 не може да се смета како предлог за измена, или дополнување на Предлогот на законот и си останува Парламентот на решението што го усвои на 12 август оваа година.

I/5

СТОЈАН АНДОВ:

Спорад тоа, седницата беше прекината кога господинот Петров бараше став на комисијата за деловнички прашања. Комисијата за деловнички прашања го даде ставот, мислењето свое и извештајот Ви е поделен. Сега господинот Петров бара Собранието да гласа по неговиот предлог. Според тоа, вие го имате и мислењето на комисијата по овие вакви процедурални работи не се води претрес, туку се изјаснува Собранието со гласање. Тоа е во склад со членот 87 став 1, алинеја 1 од Деловникот на Собранието.

Го давам на изјаснување предлогот на господинот Петров.

Кој е за, нека крене рака. (38 пратеници креваат рака).

Според тоа, немаме потребно мнозинство.

Со 40 гласови одлучува Собранието. Имаме 86 присутни.

Констатирам дека предлогот на господинот Петров не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 1 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор?

ДРАГИ АРСОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во врска со овој амандман во членот 2 став 1 да се брише ние повторно се навраќаме и јас навистина овде повторно ќе укажам на недоволното разбирање од страна на Владата во врска со овој амандман. Овде го гледам извештајот и тука е назначено наводно дека е непрецизен, односно не конкретно е изразено тоа дополнување, па јас со образложението во врска со овој амандман ќе кажам нешто и за тоа дополнување. Кога го спомнуваме овој амандман во членот 2 кој што се наоѓа во општите одредби, јас претходно сакам да го поставам прашањето, а пред се тоа прашање го упатувам до Владата. Кога ние

донесуваме еден ваков значаен закон како што е законот за државјанството што овде го предлага Владата мора да расчистиме со една работа. Во кое својство Република Македонија го носи овој закон? Дали како суверена, независна македонска држава која може да им гарантира сопствено државјанство на сопствениот народ, на македонскиот народ, или како субалтерна, подредена, потчинета држава како што беше Социјалистичка Република Македонија пред првите повеќепартиски избори. Сметам дека дилеми повеќе не треба да имаме. Ако е така и ако Македонија ние ја замислуваме како држава самостојна и независна тогаш навистина таа сама треба да одлучува за надлежностите што се превземаат со државјанството, а тие надлежности што ги превзема сега Република Македонија во сверата на државјанството треба да се респектира пред се нејзината контролна функција. Ако зборуваме дека со овој закон Република Македонија ги обезбедува своите контролни функции, тогаш ние нема што повеќе да го поставуваме прашањето, кои луѓе и припаѓаат на Република Македонија и под кои услови ние ќе ги сметаме за државјани на оваа наша држава. Нормално дека со овој закон ние пред се треба да одлучуваме за домашните државјани, односно за државјаните на Република Македонија припадници на македонскиот народ и за тие граѓани сигурно по принципот на добивање државјанство по потекло, односно по крвна врска, треба за тие државјани да обезбедиме поповолна состојба во однос на оние други државјани, односно на странците кои права ги обезбедуваат по другите начела, по начелото на територијата на живеење, односно по престојувалиштето, односно по начелото јус домицили.

Нормално ако поаѓаме од тие позиции и со овие надворешните одредби на Законот. Тука повторно ќе го спомнам членот 2, бидејќи тој во општите одредби само како таков може да се смета. Ние овде можеме да ги дефинираме и тие специфичности што со овој член се

опфатени односно сами да одлучуваме и за тие надворешни одредби? што се опфатени со овој закон за државјанството. Од тие причини јас овде ќе потсетам дека токму овој член е сврзан со поимот на двојното државјанство. И дали ние сега и натаму ќе дозволиме кога сме во таква позиција сами да решаваме за проблемите на државјанството и натаму да го третираме таквиот статус на двојно државјанство и со овој наш закон. Познато ни е дека двојното државјанство посебно во југо-верзијата дозволуваше постоење на сојузно државјанство и постоење на државјанство на федералната единица. Последиците од таквото двојно државјанство на сите ни се добро познати. Таквото државјанство овозможи лесно да се губи македонското државјанство, а исто така лесно да се добива и од неизворното македонско, од изворно немакедонското население. Заради тоа се доаѓаше до ситуација да не се почитуваат важните правни и политички прашања сврзани со власта во Република Македонија, односно сојузното државјанство и без републичкото се стекнуваше едноставно со оние одредби кои што беа наметнати и со кои што се одзимаа надлежностите на Републиката. По тие основи често пати во Македонија не беше тешко од изворно немакедонското население да се добиваат такви функции, или тоа население да учествува во власта на Македонија, а сигурно и тоа го спречуваше статусот и заштитата на политичките права и на другите законодавни надлежности што ги имаше Републиката. Ако ние и натаму со прифаќањето на таквиот статус на двојно државјанство со овој закон го дозволуваме и натаму ние не ќе можеме практично да им ставиме крај на таквите последици кои што овозможија во Македонија под лесни услови да се изврши една тивка окупација, односно врз основа на тие одредби што дозволуваа двојно државјанство, а што се стекнуваа на многу лесен начин во Македонија да доживееме една демогравска експанзија и на одредени

подрачја во Македонија да престане постоењето на македонскиот национален состав, а тој состав да биде населен со припадници од други националности. Се разбира дека со помошта на ваквото двојно државјанство лесно државјаните на Македонија го губеа своето македонско државјанство сигурно со помошта на југо режимот затоа што се стимулираше иселувањето, а со таквото иселување Македонија ги губеше своите државјани, практично таа ги губеше македонците од својата сопствена татковина. И сега кога за прв пат Македонија сама
ги решава надлежностите што се предвидени со законот за државјанството нормално е да се предвидат и такви олеснителни околности за враќање на државјанството за државјаните на Македонија што го изгубиле, а што се припадници на македонскиот народ, а исто така и здобивање на државјанството на иселениците кои што ја напуштија Македонија. Тоа е всушност и суштината на амандманот 2 што овде јас го предлагам, а дополнувањето се однесува што овде Владата посочува дека наводно не е прецизна. Јас мислам дека е прецизна, затоа што по зборот "Македонија" според амандманот добро стои дека се додаваат зборовите "припадник на македонскиот народ". Па според тоа членот 2, односно ставот 1 од овој член во интегрален текст гласи: државјанин на Република Македонија, припадник на македонскиот народ може да има и државјанство на друга држава. На тој начин како што реков ќе се обезбеди добивањето на македонското државјанство по основот на род, односно припадност и на тој начин ќе може да се спречи злоупотребувањето од страна на оние државјани кои штого користат ова право, а кои не се од изворно македонско население.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (36 пратеници).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. '

Кој е за, молам да крене рака. (36 пратеници).

Според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 1 поднесен од Комисијата за ОНО.

Молам, кој бара, збор?

ТОДОР ПЕТРОВ:
Бидејќи се сомневам дека пратениците ги имаат средено сите материјали; амандмани, мислења, ставови, извештаи на работни тела, би било пожелно да се прочита заради тоа што тој амандман гласи, се додава во член 2 став 1 "граѓаните на Република Македонија имаат државјанство на Република Македонија согласно овој закон". Тоа Комисијата го поддржа и претставникот на Владата го прифати. Јас незнам зошто сега се става на гласање.

II/2.

СТОЈАН АНДОВ:

Владата не извести дека не се согласува со тој став на Комисијата и Владата сега треба да каже дали се согласува. За тоа Владата не извести писмено.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Повереникот даде согласност.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега Владата не извести. Имаме допис од Владата. Има збор претставникот на Владата господинот Фрчковски.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Како заклучок дали амандманите прифатени конечно зазема Владата независно од согласноста или несогласноста на претставникот од соодветното министерство во комисиите. Според тоа несогласувањето конечно со овој амандман релевантно е мислењето на Владата.

Несогласувањето оди по тоа што ова право се дефинира со Уставот а не со овој закон. Оттаму оспорувањето на ова право на граѓаните со законот нема никаква смисла освен едноставно повторување, а одредбите за негово конкретно разглабање или остварување и така се дадени во законот. Според тоа таа тактологија Владата сметаше дека не треба повторно да се дефинира во законот.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (37 пратеници)

Според тоа амандманот на Комисијата не е усвоен.

Отварам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници).

Констатирам дека амандманот не е усвоен, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 за додавање нова точка 4, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Ви се молам само една напомена.

Еден дел од амандманите на господин Арсов се дадени утринава и по нив Владата нема заземено став. Има едно општо мислење од Владата но не по секој амандман. Затоа ја молам Владата ако има против по некој амандман или ако со некој се согласува, да ми соопштува.

Молам, кој бара збор?

ДРАГИ АРСОВ:

Амандманот 3 што се однесува на членот 3 став 1 според кој се додава нова точка која гласи точка 4 - со меѓународни договори, сметам дека Владата треба да ја прифати. Затоа инсистирам Владата уште еднаш да се произнесе, бидејќи станува збор за едно начело а тоа е стекнување на државјанство со меѓународни договори, кое исто така е значајно како и другите три начела, а тоа е со потекло, со раѓање на територијата, со природување односно натурализација и со меѓународни договори. Од тие причини јас воопшто не гледам

зошто Владата го издвоила во посебен став и како таков е предложен за стекнување на државјанство на Република Македонија, кога тоа начело е од исто значење како и претходните три начела. Нема потреба да се издвојува. Затоа предлагам и инсистирам амандманот да биде прифатен.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Дали претставникот на Владата сака да каже нешто.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Јас се извинувам ако некои коментари и одговори од Владата не се доволно прецизни, бидејќи дел од тие амандмани се утринава коментирани, директно пред оваа седница.

Имено, ако добро го разбрав господин Арсов, предлага амандман со кој последниот став од член 3 би бил односно пред него би бил ставен бројот 4 и би станал рамноправен со претходните. Тоа не е спорно. И во овој случај како што е во член 3 предложено тоа не е издвоено со некое посебно значење, ниту му е симнато значењето. Тоа е од исто значење. Имено, дека државјанство на Република Македонија може да се стекне и под услови утврдени со меѓународен договор. Според тоа, ако е амандманот таков само пред овој став да стои бројката 4, Владата се согласува.

СТОЈАН АНДОВ:

Владата се согласува и овој амандман станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 6 став 1,2 и 3 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (38 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1,2 и 3 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 7, став 1 точка 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Според предложената формулација на членот 7 од Предлогот на законот, државјанство на Република Македонија со природување може да стекне странец кој поднел барање за прием на дводржавјанство, ако меѓу другите услови ги исполнува и условите да наполнил 18 години живот и до поднесувањето на барањето законски да претстојувал на територијата на Република Македонија непрекинато најмалку 5 години. Тоа е предложеното решение на законот во член 7.

Амандманот што го предлагам се однесува на тоа да се брише условот да наполнил 18 години живот заради тоа што предлагам во точка 2 барањето кое треба да се поднесе за стекнување на државјанство да биде "доколку странецот непрекинато најмалку претстојувал на територијата на Република Македонија 30 години". Ова го предлагам со слендото образложение.

Со предлогот на закон за државјанство на Република Македонија овозможено е правото странец да стекне државјанство на Република Македонија со природување, доколку непрекинато претстојувал најмалку 5 години. Условите за стекнување на државјанство со при-

родување ги определува секоја држава во согласност со нејзините интереси и со оглед на тоа истата има, со своите позитивни законски прописи право да го регулира тоа прашање. Нормално различни држави, независно од постоечките меѓународни конвенции и договори различно го решаваат ова прашаше и различно го определуваат рокот за непрекинато престојување на сопствената територија за да едно лице странец се стекне со право да поднесе барање за стекнување на државјанство. Ова е надвор од случаите кои претставуваат исклучок, утврдени со предлогот на законот кога по исклучок од членот 7 странец кој наполнил 18 години може да се стекне со државјанство на Република Македонија ако претставува посебен научен, културен, економски, национален или друг интерес за Републиката, што значи посебниот интерес што би претставувал исклучок е утврден во членот 11. Ова се однесува како еден од општите услови за било кој странец да добие државјанство кој не претставува таков исклучок.

Република Македонија ни од далеку не може да ја прифати определбата дека треба да претставува емиграционо подрачје за да дозволи масовно преминување на странци во македонско државјанство. Дури постојат устав и законодавство кои ја прифатиле концепцијата странецот да ја прифати и националноста на државата каде што бара прием на државјанството за да воопшто може да добие државјанство на таа држава. Република Македонија не е на таков степен на својот развој за да и е потребна работна сила за да побарува лица, странци кои ќе доаѓаат во Република Македонија бидејќи има доволно невработени и во сопствената држава, за да може под услови за потреба на работна сила на овие странци кои би дошле на територијата на Републиката да им дава и државјанство.

Случај е со многу држави кои и да имаат потреба од работна сила не им издаваат државјанство на странци кои користат работни

визи за престој на територијата на истите. За пример само ќе го наведам Кувајт во кој Кувајчани може да бидат само оние лица кои имаат потекло од пред 1910 година. Затоа и во Кувајт има 3.500 милиони странци а 700 илјади Кувајчани со кувајтско државјанство. Меѓутоа интересот на таа држава бил таков и така го регулирала тоа прашање.

Во Германија според уставот Германец може да биде лице со германско државјанство кој има потекло од пред 1938 година. Во Бразил не може да стане со натурализација странец, да прими државјанство бразилско кој непрекинато не претстојувал на територијата на Бразил најмалку 30 години и ако не се изјасни дека ја прифаќа бразилската националност, имајќи ги предвид какви се приликите во Бразил на пример, а какви се во Републиката, а признавајќи ги и опкружувањата во Републиката и состојбите во истата.

Од горните причини предлагам Собранието да го прифати амандманот во членот 7 став 1 точка 1 да се брише односно да се брише условот да наполнил 18 години живот и да го прифати наредниот амандман на точката 2 која се однесува да до поднесувањето на барањето законски да претстојувал странецот на територијата на Република Македонија непрекинато најмалку 30 години.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Ако го одвоиме демагошкиот дел на образложувањето каква Македонија траба да биде и што треба да се случи, предлогот на амандманот всушност до апсурд ја доведува целата одредба на член 7, бидејќи поаѓа од погрешна претпоставка дека првиот услов да наполни 18 години ја одредува рестриктивноста на државата во однос на странците. Тоа не е точно бидејќи односот на државата кон странците рестрикцијата или допуштањето на емиграцијата или имиграцијата во

земјата е одредена  со точка 6 на член 7 каде се вели дека еден од условите за добивање на државјанство на Република Македонија за странец е неговото примање во државјанството на Република Македонија да не ја загрозува безбедноста на Република Македонија. Само по оваа точка може потполно да се запре процесот на примање на странец, доколку таа политика на Македонија и на Владата, на легитимните органи е таква да тоа го бараат. Според тоа, воведување на вакви строги услови односно апсурдни услови во првите два члена немаат никаква смисла во овој член и затоа сметаме дека не треба да се прифати амандманот и првиот и вториот.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Демагошкиот пристап на господинот Фрчковски е негов проблем и со таков јазик нека разговара ако разговара во Владата. Меѓутоа ќе ја објаснам демагогијата која што тоа министерство на чело со господинот Фрчковски ја продава на македонската јавност и Парламент.

Заменикот министер на господинот Фрчковски ги убедуваше луѓето, членови на работни тела во Собранието во поглед на прашањето за член 26 став 3, дали да изнесува периодот 15 години за прием на државјанство во Република Македонија државјани од поранешните републики на СФРЈ, во поглед на член 7 став 1 точка 2 од Предлогот на закон. Со кое образложение? Со образложение, вели, кога дојде ПДП на разговори кај нас, заради тоа што и го кочиме овој закон толку време, а незнам чии ќев го прави овој Парламент во овој состав.

Кога дошле ПДП да разговараат во Министерството им кажале следното: ако помине во Парламентот 15 години како државјани на поранешните републики да не можете да го добиете дражвајнството или некои од лицата кои што се припадници на албанската националност, а илегално без законски претстој или живеалиште претстојуваат на

територијата на Републкка Македонија, тогаш вие поднесете си барање за прием на државјанство како странец по член 7 и тсогаш нема проблем. Законот ќе биде изигран. Ги упатуваме луѓето како може да ги бараат дупките во законот. Затоа сметам дека амандманот треба да се прифати, а демагогијата Фрчковски нека си ја чува за домашна употреба.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:
Јас незнам зошто господинот Петров се лути.

СТОЈАН АНДОВ:

Немојте да се обраќате на личности. Зборувајте за материјата.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:
Токму за материјата сакам да зборувам.

Не ми е јасна оваа приказна што ви ја прикажал заменикот или потсекретарот во Министерството за внатрешни работи. Вие сте писмен и можете да прочитате овде во членот 7 што носат одредбите.

Одредбата 6 зборува многу јасно дека целата политика на државата може во однос на ова да се гради и по таа одредба, кумула-тивно сите седум услови.

(Се уфрла Владимир Голубовски со прашање а дали мора).

Дали мора или не мора тоа зависи од државата и од нејзината политика. Според тоа овде е оставено можност тоа да се прави. Државјанството странецот под автоматизам го стекнува. Во тоа е разликата и тоа е стандард во сите вакви закони. Немојте така на приказните.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Ако се приказни изјавите ка министерот тогаш не гледам причина да не се прифати предложениот амандман а да се прифати тоа што тие приказни ни биле изнесувани на комисиите, што сега ги има овој Парламент.

На комисиите на овој Парламент заменикот на министерот таквата приказна ја кажа.

Тоа не го кажа потсекретарот, не го кажа тоа било кој пратеник. Самиот потсекретар на министерот кажа дека во разговорите што ги воделе во Министерството со ПДП таков одговор им дале, а тие разговори што ги воделе неможе ние да им ги калемиме освен онака како што тие претставници од министерствата ги кажуваат.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Почитувани дами и господа, го прифаќам амандманот на Тодор Петров и го давам следното образложение. Ќе се обидам во рамките на моите можнсоти и способности да истакнам нешто што го сметам за особено важно и особено суштинско.

Со Законот за македонско државјанство не се регулира само материјата која е предмет и треба да се третира во него, туку овој закон има одредена апликативна улога и одредена политика на популационен план миграција, емиграција на соодветната држава, се разбира доколку таквата политика ги засега националните или државните интереси. Овде го исклучувам типот на државата. Токму затоа низ призмата на овој закон се гледа крајната цел за која всушност го носи државата. Инаку, која би била другата цел и суштина за тоа да се донесе?

Незнам колку оној што го предлага овој закон т.е. Министерството за внатрешни работи мислело и дали воопшто водело сметка за македонските национали и државни интереси, зашто јас воопшто во овие закони кои ги донесува Собранието сепаратно, а не во пакет негледам долгорочна политика, национална и државна стратегија во однос на осмислениот популационен експанзионизам и исламски фундаментализам на македонските простори и тоа со смислена тактичка

и долгорочна политичка и верска индокринација. Ова незалудно го потенцирам зошто, дами и господа, ова што сега ние ќе го направиме, ќе го проектираме како политика и закон ќе претставува основен предуслов и предиспозиција за остварување на една наша одредена крајна цел, нормално ако имаме таква цел. Верувам таквата цел ни е еднакво мила, нужна и постојано потребна, гледајки барем малку подалеку во иднината, но исто така грешките или отстапките може да се направат и сега, а последиците да ги видиме малку подоцна.

За илустрација доволно е да го земете примерот на нашиот главен град на Република Македонија, градот Скопје, а особено по земјотресот од 1963 година. Вистинска популациона експанзија од секаков вид, без нужен долгорочен законски проект, со анархии и без доволно чувство на одговорност во политичка смисла. Како резултат на тоа последиците се пред сите нас, кои сака да ги гледа, а можеби за некого не се гледаат и различно се гледаат во зависност од тоа со која национална диоптрија и стратегија се надгледуваат и спроведуваат. Отсуството на една ваква доброфундирана политика од сите политички субјекти во Македонија, парламентарни и вонпарламентарни, која всуш-ност ќе биде коректив за нашето национално и политично стратешко однесување внатре и надвор, сеедно, може да не чини многу во иднината што доаѓа. Впрочем, без тој коректив и без законска проекција која ќе произлезе како продукт на потребата денес за да опстанеме утре, ние не ќе  можеме и не ќе смееме да правиме постојани и бесмислени отстапувања, зашто ќе се доведеме до подножјето  на огромната цитадела која доста етапно и особено пред очите ни се спрема. Тогаш почитувани пратеници не ќе важи словото на законот фигуративно туку вистината на бројката што се вика популација, а огромната цитадела никогаш повеќе не ќе можеме да ја прескокнеме, да ја надѕреме или престојуваме во неа. Тогаш се губи секаков смисол, дури оној на

терминот - заедничко живеење или сожителство, што е термин ставен во Уставот на Република Македонија.

Со голема желба, несакам да сум во право, меѓутоа, сите факти, сите закони, сите практични и политички однесувања на теренот во Македонија ми даваат за право и одзвонуваат во мене како апол, како молестие да застанеме со голема свест и разбирање кон прашањето што сега го третираме, зошто верувајте по ова прашање ќе нема поправен испит како за македонци. Тогаш кога ќе биде доцна друг ќе ни мери и крои со свои аршини и критериуми. Ова мое залагање и определба, а е определба и на голем број од изборното тело од кое што сум јас избран, не е парцијално, не е проткаено со нациоанлен шовинизам и строго врз грбот и штета на другите кои што живеат во Македонија. Ова го изјавувам со чиста совест, само од една релевантна и непобитна вистина. Таа вистина е вистина македонска, вистина балканска, вистина европска, т.е. на малцинските права. Меѓунационалите односи се и ќе останат стожер околу кој се врти внатрешанта и надворешната стабилнсот на државата, т.е. и политичката стабилност. Сепак, ние и покрај сите наши сознанија и состојби на меѓунационален план допуштаме оваа тема да биде табу тема и дали, ако го имаме, и го имам јас воопшто како пратеник ова право, треба ли еднаш отворено домаќински без предрасуди, без уценувања и предходни отстапки да проговориме јавно. Да не слушне оној загрижениот народ од сите страни во Македонија и да знае која е таа наша заедничка нациоанлна и државна политика и стратегија која законски ја проектираме сега, а плодовите ќе ги збираме подоцна без штета на никој и во стилот и духот на она што го псоедуваат цивилизираните, да не се гради среќа врз несреќата на другиот. Неизбежно кога ова сите го истакнвуаме, секогаше една констатација и вистина овде е присутна. Неможат поголе дел од системските закони да се донесуваат без да се отвори расправа

во Парламентот за меѓунационалните односи, без да се договорат и оцртаат стратешките и долгорочни цели, секако низ таа призма и определба во законите да се вградат детерминантни вредности кои впрочем ќе бидат столбовите за остварување на правичната политичка и стратешка определба на популационен план низ призмата на социјалниот, економскиот, културниот, образвонит и т.н. Токму затоа кога на дневен ред се закони кои длабоко навлегуваат третираат или зафаќаат од оваа табу тема, ние сакајќи или несакајќи природно, логично и човечно се навраќаме и расрпаваме на темата - меѓунационални односи. Очигледно, како да е тоа нешто што несмее овде да се каже и да се сподели заедно со сите и сета грижа што виси и тежи како опасност. Ова не е мистерија, ова е реалност и кога нашата трпеливост и истрајност ги пронајде заедничките цели, тогаш нема воопшто да постои страв за вистината и во прав смисол на зборот заедничко живеење. Ова прашање за мене е најголем предизвик, а се надевам и за вас и само од тоа ќе зависи нашата иднина. А верувајте, таа иднина и овие односи меѓунационални ќе бидат предизвик и за другите балкански држави, па дури и за најголем дел од светот во 21-ви век. Механизмите на меѓусебно комуницирање, живеење и функционирање низ формата и рамките на општествено економската и политичка формација или асоцијација на повеќе вакви формации е иднината врз која се движи и треба да почива идниот свет. Но ние треба да бидеме свесни за тоа, колку побрзо си ги изградиме внатрешните односи без предрасуди и практично, толку побрзо, толку посреќно и побезбедна ќе биде нашата иднина. Конечно, да завршам законските проекти се само тогаш најдобри и најефикасни кога теоретски се подготвуваат, а најпрактично се остваруваат и досегаат до целта заради која и се донесуваат.Впрочем, друго правило незнам дали постои. Затоа, уште еднаш повторувам , целосно го прифаќам амандманот на Тодор Петров и е едно од најдобрите решенија.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Толкувањето од господинот Фрчковски благо кажано е несериозно и тој си дозволува да го потценува Парламентот на Република Македонија со толкувања кои имаат сомнителна вредност и асоцираат на одредена политичка манипулација. Оставање на вака осетлива проблематика на слободна проценка, би рекол, во член 7, став 6 како дискреционо право на некој за нас во овој момент и недефиниран кој е тој, да оценува колку е Република Македонија загрозена или не, уште повеќе заради сегашните такви проценки на институциите на власта на Република Македонија кои се однесуваат како ништо да не се случува и како да е се во ред не ми дава ни почетен оптимизам да поверуваме дека може таквото толкување во однос на таквиот став објективно да биде прифатено.

Затоа, предлагам на македонскиот парламент да го прифати со целата одговорност и сериозност амандманот на господинот Тодор Петров во форма како што беше предложено.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Господа и госпоѓи пратеници, знам дека на некои не ќе му се направи ќеифот, и не од оваа страна, од таа страна. Во целина треба да го прифатиме амандманот што го предложи господинот Тодор Петров. Еве од кои причини.

Господ му рекол на Израел: те враќам во својата земја. А, што нам ни рекол господ? Ве отфрлувам од вашата земја.

За жал ПДП, НДП не се тука и тоа е еден факт, еден голем факт дека тие луѓе од завчера нас не поценија. За жал оваа држава која ја градиме, ја градиме боси одејки низ трновит пат. Зарем е можно за нашата судбина, а и за нив ќе кажам, и за нивната судбина,

за тие луѓе кои со векови живеат со кас да има такви пречки што и самите тие announcement неможат да ги сватат. Ако ја помогнеме нашата држава во целина, која две години се мачиме да ја направиме, за жал не можеме. Затоа што не влеговме во суштината на нештата, и во социјаланта политика и во економската политика и во чистата политика на оваа држава. Знам што зборувам. Јас знам што зборувам затоа што господ на сите ни даде уста, уши и памет. Неможе да ме разбере само тој што ги затнал ушите и паметот му застанал, се бетонирал во главата во мозокот. Зарем треба да има пречки при донесувањето на еден таков закон, еден таков амандман за доброто на сите луѓе кои живеат во оваа земја. Со тоа ќе спречиме многу работи. Предходните дискутанти кажаа кои се пречките и кои се причините што треба да се донесе овој амандман. Не треба да ги повторувам.

И вие господа одозгора, вие новинарите, се обраќа, до вас, ја имам таа слобода, ве молам од она што гледам две години само манипулирате со македонскиот народ. Слободно можам да го кажам тоа. Не за сите, ако сте 20 горе, сигурно 18 манипулирате на штета на вашите деца.

Кога влегов во овој Парламент убаво реков: парите ќе ги изедете. Добро го памтам тој збор. А на кого ќе ги оставите вашите внучиња? Тоа е останато во историајта. Реков врапчиња. За жал можеби во нашите куќи ќе има утки. Сите вие и од оваа страна, и од оваа страна знам дека сте македонци и патриоти. Го знам тоа. Но, како нешто вам да ви пречи. Јас незнам што е пречката. Минатиот пат можевме да ги донесеме сите тие закони без голема главоболка и без многу самодокажувања, и без реитинг на некоја партија. Реитингот на совеста, реитингот на нашиот човек што живее на сите страни на светот. Јас се прашувам господо и ве прашувам: со какво лице вие господа ќе пату-вата во Австралија, Америка во Канада, Нов Зеланд, Шветска, Холандија

Белгија и било каде во светот и ќе се кажете ние сме патриоти македонци, јас сум претседател на Владата, јас сум пратеник, другиот е минситер и т.н. Да ви кажам право тоа право ви го одземам на сите затоа што ние не се погриживме достаточно за тие две години да му подадеме рака на нашиот човек, но манипулираме, шириме дезинформации за Митко, за Трајко, за Петко, за одделни партии и заборавивме зошто сме во овој Парламент, лаги, демагогии и незнам што друго. Тоа важи од претседателот на Републиката па до господинот Митко Анастасовски. Две години манипулација! Луѓето правеле држава, но предходно ги правеле законите и кога влегоа за прв пат внатре во Парламентот беа тие закони кои означуваат држава. Јас не сум правник, но знам што значи држава. Држава да имаш, Бранко, сопствена е твоја куќа, без кирачија.

Тодор Петров се измачи да го даде тој амандман. Владата незнам што има дадено. Во целина погледнато амандманот е прифатлив и не треба да има никакви исклучоци. Ако сакаме да ја вратиме довербата на нашиот човек, ако сакаме да имаме добри меѓунационални односи што за жал ги немаме, а никој досега не се погрижил за тоа, треба трезвено, умно, паметно да ја запазиме оваа држава која ја викаме Македонија. Ми се чини дека пречки надвор нема да имаме ни во Европа ни во Америка ни во Обединетите Нации и да го ослободиме човекот од една опасна игра која се игра внатре во овој Парламент од одделни членови, неможам да ги именувам и не сакам, од врвот па до нашите седишта, што утре ќе не тепа некој, други ден ушето ќе ни го трга некој, една психолошка војна во која го понижуваме нашиот човек. Тоа, Бранко, се обраќам како Бранко како претседателе, треба од Владата до претседателот на Републиката до Претседателството на Собранието да биде туѓо за нас. Тоа психолошко однесување спрема нашиот човек да се изостави. Тоа не е полезно. Да живееш само со страв. Од таму ќе не нападнат, од таму ќе

не удрат, од таму ќе не искубаат... Знаете што правиме со тоа? Со ова се осиромашуваме за нашето признавање. Мајката, ќе речат абе што се овие? Зајаци се луѓе? Достоинствени во својата нација и во своите барања, само така ќе ја најдеме целта, само ќе дојдеме по тој пат правилниот што го барале вашите и моите дедовци.

Јас не бев на првиот амандман, бев на лекар. Велат дека за два гласа неуспеавме да ја поминеме оваа работа. сега сме сите тука. Зарем треба да има дилеми? Не. Еден не гласа, другиот гласа... Всушност нашиот народ гледа во Парламентот, овие снимки ќе одат и подалеку. Гледаат и малцинствата, гледаат и други, сите нека гледаат. Ништо нема спротивно на интересите на тие луѓе кои со векови се мои комшии. Јас не гледам спротивности. Сами ние ги правиме непријатели, ги создаваме? Не. За да се успее и да се доведе општеството кое го создаваме, новиот живот односно државата која ја создаваме треба да ја создаваме заеднички сите ние без оглед на која партија припаѓаме во овој Парламент, без задни мисли, чисти во совеста и само така ќе имаме држава.

IV/1/пј/см

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Заткулисни работи, играње со овој Парламент, играње во партиите, тоа е недозволено за една држава нова која бара оние и се бореа во реката ИС, оние што ги ослепија во Беласица, оние што сега очите му ги земаат грците, јас прв пат го поставив во овој Парламент Дојранското Езеро, така..., оние што загинаа во другите војни кои што се воделе во сите краишта на Македонија и оние што умреа по голите отоци, по егејските острови и по затворите во по одделни делови на нашата држава. Сакате ли држава ќе ве прашам. Сакаме. Кога сакаме ќе ги донесеме сите закони кои ги сака нашиот народ. Ви благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?
Господин Тошев.

БЛАГОЈ ТОШЕВ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, јас во целост се слагам со предложениот амандман на господинот Петров,па би молел еден од пратениците или од Владата кој што не се слагаат со предлогот односно амандманот на господинот Петров, а воедно и ја познава повеќе оваа материја да објасни чии интереси се бранат со барањето кога тоа го бара македонската државност да се добива со 5 години престој пример во Македонија. Дали тоа го прават за нивни блиски роднини или пак се сака да се легализира една лага што ја пуштија низ светот ПДП - НДП дека во Македонија ги има од 800 до еден милион албанци. Сметам дека со овој закон ќе се исправи една голема лага, една голема лага господа пратеници. Се прашувам

зошто албанското малцинство го најде најприкладно односно ја најде најприкладна Македонија како подрачје за диво доселување. Мое лично убедување е дека сето тоа е остварено на начин со мито. Па, сметам дека сите македонци што се огрешиле да му ги вратат парите на албанското малцинство кои што дојдоа до диво вселување во Македонија, до диво градење на куќи до диво купување на имоти, до диво доселување и ред други работи и семетам дека тоа е и главниот мотив што ние тука не можеме македонските партии, независно од идеолошката припадност да донесеме заеднички заклучоци за добробитот на македонската држава. Сметам дека македонските челници време е да си го стават прстот на умот и јасно и гласно да се произнесат пред македонската јавност за кого работат. Дали за добробитот или предавството на македонската држава. Македонскиот народ никогаш не бил против албанското малцинство. Али за македонското малцинство кој што се во Македонија, за македонските албанци господа пратеници, не за оние кои што дојдоа како туристи и останаа тука. Македонските албанци се тие за кои што можеме да зборуваме за добробит и истовремено за сожителство. Но, за тие што се дојдени гледаме дека разорително делуваат во Македонија, сакаат да не скараат. Според тоа, би требало и да си одат.

Јас го поздравувам и апелот на Здружението на жените од Скопје. Тие не преколнуваат внимавајте оти историјата ќе ве памти ако не ги донесете одредените системски закони. Да, го поздравувам тој апел. Но, ние сме тука господа пратеници, сега македонски партии, независно од идеолошката припадност. Не сакаме да донесеме закон за државјанство. Зошто? Секој нека си го постави во својот мозок ова прашање.

IV/3

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?
Господин Стојков.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани пратеници, лично го поддржувам амандманот на членот 7 на Законот за граѓанство поднесен од пратеникот Тодор Петров,за да не ни се случува и понатаму кога имаме гласање за испразнетите пратенички места како што е случајот во општината Гази Баба населба Синѓелич сега, македонците да не излезат на гласање, иако се над 8.000 гласачи и затоа со двојно помалку гласови би добиле пратеник од националностите. Значи, се нема верба во институциите на власта и добрите намери на таа власт. Се создава впечаток не за создавање, туку би можело да се каже за продавање на македонската држава. Попустливоста на актуелната влада кон одредени националности и подлегнување на нивните учени создава впечаток на општа немоќ и неединство на македонскиот народ, за чии претставници и ние како претставници се декларираме, барем овие сега што останавме во ова Собрание. Опасноста по националното опстојување ја чувствува секој македонец подгреана и со незавидната егзистенционална положба.Дајте да бидеме еднаш единствени за овие системски закони, а законот за државјанство можеби е еден од главните стожери за опстанок на македонската нација и просперитет на македонската држава.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?
Господин Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа, го прифаќам амандманот на господин Петров од овие причини: Ке се размислувам дали ќе говорам ако овој закон започнуваше и завршуваше со член 7. Меѓутоа, истиот закон има и член 1

каде по потреба на оваа држава прави отстапување кога може еден странец стекнува поповолни услови државјанство на Република Македонија. Нема да ви биде на одмет ако оваа одредба ја прочитам каде јасно стои "по исклучок од член 7 на овој закон, странец кој наполнил 18 години живот може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува посебен научен, економски, културен национален или друг интерес на Република Македонија." Оваа одредба јасно ни говори дека она место каде министерот се повика на точка 6 од член 7 да може да се цени загрозувањето на безбедностана Република Македонија за издавање на државјанство. Со ова е јасно кажано дека ние можеме да даваме по поповолни услови државјанство на странци само во тие случаи, во моменти на создавање на држава се оди на тоа да се цени дали државата ќе има интерес против својата територијална положба, геополитичка положба, ќе има потреба од населување, раселување на територијата. Ако се утврди дека таква работа не е потребна за населување, тогаш се оди во начело на рестриктивниот елемент. Начелото на рестриктивниот елемент е во основните одредби во Законот за државјанство каде се говори дека овој и овој ќе може да стане државјанин на државата.

Господа, ние сега повеќе се занимаваме со положбата на националните малцинства, отколку со положбата на државата. Јас само едно ќе кажам, како човек нема да допуштам да со нас повеќе понатаму кога на некој ќе му текне ќе дојде на седница со поставено одредено барање или ова ќе ни го удоволиш или не. Па, тогаш дали оваа или било која Влада, за да би останала на своја позиција, е чекајте ние сега ќе бараме поткрепа во меѓународни документи, во меѓународната положба, во локалната положба и ќе правиме отстапки. Ако вака продолжиме да знаете дека навистина ништо нема да постигнеме.

Еднаш за секогаш овде треба да бидеме на јасно. Или ќе правиме држава во кој ќе живеат и народи и народности под услови утврдени со Уставот, или пак само на некои вечно ќе им се додворуваме, а оној на кој му се додворуваш секогаш ќе има една желба повеќе од твоето додворување. Таква желба што ја спомна и господинот Стоиле Стојков ни се остварува во Гази Баба. Во таа изборна единица можете да сфатите една работа, во таа изборна единица еден албанец има војник во Армија на Македонија, а искачаат некаде околу 4000 гласачи да гласаат. Ние од 8000 гласачи скоро 2000 војници во Македонската армија, немаме 2000 гласачи. Што правиме сега. Ние сами распродаваме. ' Зошто? За интерес на националните малцинства. Тие незнам како да ги кажам наши однесувања на контрола или без контрола, секогаш говориме што ќе каже друг. Па, додека немаме снага секогаш ќе бараме да каже некој за нас. Овде предлогот на господинот Петров е токму и во тоа да не ни се населуваат неконтролирани странци и да може во секој момент да постави прашање што е со моето малцинско прашање, кад сум јас, каде се моите права, а е странец. И, затоа ви апелирам овој амандман заиста говорам како рестриктивен елемент во Законот да го уважиме. Ако има некој толку да му станало желба да биде државјанин на оваа држава, па ние да бидеме,да примаме научници, да примаме што, но да примаме секој криминалец од друго место да дојде овде да бара заштита, верувајте таква работа не ни треба.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?
Господинот Ацо Спироски.

АЦО СПИРОСКИ:

Почитувани пратеници, Јас ќе дискутирам малку за член 7 по однос...

СТОЈАН АНДОВ:

По амандманот на господинот Петров расправаме.

АЦО СПИРОВСКИ:

Токму тоа мислам суштината на амандманот на господин Петров е содржана токму во одредбите на член 7. Така господине претседателе ќе го земам правото да дискутирам за целосниот член 7 со упоредба на членот 26 на Законот за државјанство од причина што гледам некои допирни точки кои го елиминираат член 26 на овој закон. Ние на оваа седница дискутираме за Законот за државјанство и дискутираме за начините на кои тоа истото се стекнува. Кажуваме дека се стекнува со потекло со раѓање, со природување, а сега изгласавме и со меѓународни спогодби. Меѓутоа кога посматрам членот 7 со природување, тогаш нормално ги посматрам условите под кои може одредено лице да стекне државјанство на оваа држава. Она што сакам да го кажам по однос на овој член и да го споредам со членот 26 е следното. Во ставот 3 на членот 26 за државјаните на поранешната СФРЈ предвидени со одредни услови по кои можат тие да стекнат државјанство на оваа Република. Условите во членот 26, ставот 3 се 3 и тоа:

Како услов број 1 е наведен да има постојан извор на средства. Кога посматрам членот 7, тогаш ја гледам и точката 3 каде што кажува да има обезбедено стан и постојан извор на средства. Значи, имаме повторување.

Кога го гледам вториот услов да се полнолетни, ја посматрам точката 1 и веднаш читам да наполнил 18 години живот.

Крајно, кога го гледам последниот услов до поднесувањето на барањето законски да претстојувал на територија на Република Македонија најмалку 15 години, ќе ја погледнеме точката 2 на членот 7 до поднесувањето на барањето законски да претстојувал на територија на Република Македонија непрекинато најмалку 5 години. Единствена измена и споредба помеѓу овие два членови, а се однесуваат баш на лица

кои живееле во поранешната СФРЈ е во точката 2 односно во ставот 3 на членот 26 е предвиден рок од 20 години ??? предвиден рок од 5 години. Апсолутно не го гледам местото и улогата ча членот 26 во овој закон.

Сакам да ми се даде образложение зошто е тоа ставено и зошто ќе служи од причини што сите потребни услови кои ги одредува членот 26, ставот 3 се внесени во членот 7 со тоа што има едно изигруван во однос на рокот.

Во однос на стекнување на државјанство на оние лица кои ќе го побараат тоа ми се чини дека и останатите одредби кои следат, а тоа се 7 во однос на овој член лицето лесно ќе може да ги исполни и на овој начин го стекне македонското државјанство.

Треба сосема сериозно да се анализира предлогот на господинот Петров и ова што го нуди претставникот на Владата односно владата од причини што тука гледам едноставно изигрување на членот 26, една опасност на македонскиот народ во губењето на својот идентитет. Уште е покатастрофално кога ќе го посматраме овој член и понатаму има една резервна клаузула на која исто така сакам претставникот на Владата да ми даде јасен и дециден одговор, а се однесува во ставовите кои следат после точките од ставот 2 и 3 постои едно објаснување во Законот кое по мене не е логично, меѓутоа дава простор за разни размислувања, а се однесува на следното: Се смета дека условот во ставот 1, точка 7 на овој член е исполнет доколку лицето кое поднело барање е без државјанство. Значи, се работи за лица однсоно категорија на лица кои немаат државјанство.

Понатаму истото да се коментира по исклучок од став 1 точка 7 на овој член "лицето може да стекне државјанство на Република Македонија ако даде изјава дека се откажува од странското држајванство". Некои нелогични работи стојат, меѓутоа јас можам да дадам само коментар само на овие лица кои ќе имаат третман дека не припаѓаат на ниедна

држава, дека се лица без државјанство. Тоа се лица, веројатно, ќе бидат лица од Косово. Молам, да ми се даде одговор на тоа прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој друг бара збор?
Господин Змејковски.

V/1.- СП/ЉР

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави г-дин Змејковски.

БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:

Почитувани пратеници, најпривн би сакал да кажам дека во целост го подржувам амандманот на г-динот Петров и ќе дадам едно кратно образлсожение.

Законот за државјанство на Република Македонија е еден од оние фундаментални закони со кои се удираат темелите на Македонската држава. Населението односно државјаните на една земја се еден од оние клучни фактори од кои зависи самиот карактер, суштина и постоење на една држава. Затоа неслучајно сите модерни демократски држави мошне прецизно, принципиелно и ригорозно го решиле прашањето на стекнување или губење на правото на државјанството на своите граѓани. Одредувањето на тоа кои се и колку можат да бидат државјани на една држава е суштинско егзистенционално прашање кое во самите темели на опстанокот на секоја држава и народ дури и најголемите и најдемократски држави во Европа и Светот прашањето на државјанството го имаат регулирано на еден мошне ригорозен, рестриктивен и доследен начин кој бара исполнвување на бројни услови за да може еден граѓанин да стане државјанин на таа држава-домаќин-така што на пример во повеќе земји во Европа и Светот секој граѓанин кој не е роден во таа земја е должен да исполни повеќе услови за да стане државјанин.

- да има работа,

- стан,

-да живее подолго време во таа земја и што е најважно

- да биде лојален кон легалната власт на истата држава.

V/2.-

Прашањето за државјанство на Република Македонија како држава е повеќе од значајно, бидејќи директно задира во самобитието на постоењето, егзистирањето на македонскиот народ. Делен поделува, раселуван, асимилиран и уништуван Македонскиот народ денеска се соочува со своето - да се биде или не.

Со своето опстојување и постоење односно со своето историско и легитимно право да има своја национална држава, како што имаат сите народи на Балканот и во Светот. Зошто ова прашање по сите свои битни определби не е само правно и политично прашње, туку историско, егзистенционално, барем што се однесува до македонскиот народ. За тоа има бројни причини од кои посебно би ги потенцирал следните:

Македонскикот народ, за разлика од останатите балкански народи последен ја создаде односно ја возобнови својата национална држава чии корени влечат уште до државата на Алекснадар Македонски. Раководството кое по војната за национално ослободување дојде на власт во Македонија преку елиминација на национално определените кадри создаваше услови за целосно елиминирање обезличување, уништување на националната свест на македонскиот народ. Наметнувањето на југословенската идеја за сметка на националната значеше вистински погреб на афтентичната македонска идеја за суверена самостојна македонска држава во своите етнички граници. Истото тоа раководство понесено од своите егоистични карактеристични амбиции дозволи, спротивно на Законот на Македонската држава, да се населува секој на кој ќе му текне и кога ќе му текне. Таквата политика доведе до тоа денеска македонскиот народ да се чувствува несигурен, загрозен, обесправен во својата сопствена држава:

Огромната инвазија на немакедонско население посебно од 1970 година, па се до ден денеска се манифестира како директна закана на неговото постоење односно опстанок. До степен македонскиот народ да се чувствува како национално малцинство во својата сопствена држава. Таквата антимакедонска политика, за жал, продолжува и денеска под раководство на актуелната власт во Републиката на чело со претседателот на Републиката Киро Глигоров. Доселувањето на сеуште неутврден огормен број граѓани од БиХ како директна последица на Платформата Глигоров-Изетбеговиќ претставува огромна опасност за самото постоење и егзистирање на македонскиот народ и веќе предизвика оправдани реакции и незадоволства кај граѓаните во Македонија.

Исто така, прифаќањето на мал број години како услов за стекнување на државјанство претставува фактички легализација на стотици илјади диво доселени албанци од Косово, Метохија и Албанија кои илегално се доселија во Македонија во изминатите три децении, посебно во Западниот дел од Македонија:

Апсолутно не се точни произволните тенденциозни тврдења на поедини пратеници, од коалиција ПДП и НДП дека сите грѓани на некогашната СФРЈ или ФНРЈ автоматски биле државјани на Република Македонија. Република Македонија во законка и правна смисла од секогаш имала свое македонско државјанство пропишано со закони кои за жал никогаш не биле почитувани доследно.

Дозволете ми да ве потсетам на некои одредби во тие закони. Според Законот за државјанство на НРМ од 1950 година, "Службен весник на НРМ" број 16/50 "државјаните од другите републики на ФНРЈ можат да бидат почесни државјани на НРМ".

Член 2, по членот 3 тие ги уживаат истите права како и државјаните на НРМ освен оние права за кои со закон изрично се бара државјанство на НРМ.

Според член 6 од истиот закон доколку едниот родител е државјанин на НРМ, детето е државјанин на НРМ доколку двата родители се спогодат детето да биде државјаннин на НРМ.

Во член 13 и 14 е определено дека државјаните на друга народна република од ФНРЈ можат да станат државјани на НРМ ако тоа го побара, за што решение доенсува министерот односно во тоа време секретарот за внатрешни работи.

Член 17, според членот 20 од Законот државјанство на НРМ се губи со добивање на државјанство на друга република, а во членот 24 стои дека секој државјанин на НРМ мора да биде запишан во книгата за државјанство. Со овој Закон фактички беше регулирана состојбата во Република Македонија по војната. Слични одредби има и во Законот за државјанство од 1965 година "Службен весник" број 9/65 и од 1977 година "Службен весник" број 19/77.

Сето ова покажува дека при регулирање на прашањето на државјанството на Реаублика Македонија никогаш не постои автоматизам односно добивање или губење на македонското државјанство секогаш било прецизно законски регулирано. Тоа што не се почитувал Законот е друго прашање. Затоа предлагањето на рок помал од 30 години по новиот Закон што треба да се донесе е во директна спротивност со Македонските нациокални интереси и претставува обид да се легализира колонизацијата на Републиката што води кон губење од македонскиот национален итендитет, а за кратно време и територијален интегритет.

Во прилог на ова зборуваат и последните нелегитимни разговори на коалиционата влада со албанското малцинство за федерализација односно распарчување на Македонија. По се изгледа тоа е само една од постапките што актуелната коалициона власт им ја ветила на албанците за да може да се формира сегашната коалициона влада. Освен тоа дали може да им се даде така лесно право на државјанство на оние доселени граѓани во Мкаедонија кои во изминатиот период покажале отворена нелојалност кон Македонската држава, пред се, при спроведвуањето на пописот, при гласањето на референдумот за самостојна Македонска држава, при усвојуванвето на Уставот на Република Македонија итн.

Исто така, апсолутно е неприфаливо регулирањето на прашањето на државјанството да биде врз основа на некаков договор на Конференцијата за Југославија. Ова прашање во сите држави во светот е исклучиво внатрешно државно прашње. Евентуални меѓународни договори можат да важат и кај нас само тогаш ако тие бидат ратификувани во Собранието, односно во овој Републички Парламент.

Внесувањето на таква одредба во Законот уште еднаш покажува дека сегашното државно раководство посебно коалиционата влада се неспособни да се изборат за вистинска суверена и независна Македонска држава и со своето незнаење и интерес дозволуваат други да ни ги регулираат нашите внатрешни односи. Таквиот нивен однос значи дозвола секој да ни се меша во внатрешните работи и да ни ги гази и негира суверенитетот и независноста на Македонската држава и затоа на крајот ќе замолам да гласате за овој амандман во целсот да биде поддржан.

V/6.-

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави г-дин Александар Флоровски.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Почитувани пратеници, го пирфаќам амандманот на г-динот Петров и би го дал следното образложение.

Еден од основните темели на македонската држава е Законот за државјанство, како таков еден од најважните системски закони кои во иднина треба да ја штити македонскта држава од сите приливи на немакедонско население, кое може да доведе до дестабилизација на Република Македонија, а според сите показатели таа е веќе тука. Со тоа е губење на националниот идентитет на државата и Македонија да остане само географски поим на картата.

Како резултат на скоро 50-годишното комунистичко владеење од Лазар Колишевски кој со државен удар успеа да ги ликвидира и отстрани македонсктие патриоти во интерес на своја штета, па се до денеска т.е. до г-динот Киро Глигоров барем по мене се насетува една перфидна антимакедонска политика чија крајна цел е обезличување и на овој преостанат дел од распарчана Македонија. Сигурно не во интерес на македонскиот народ, туку можеби во интерес на нешто туѓо во што сесрдно им помага коалицијата преточена во Влада на Комуно-албана која работи за свој интерес и своја сметка. При ваква состојба тешко некој може да ме убеди дека ќе се донесе закон за државјанство соодветно на интересите на Македонскиот народ затоа што господата комунисти и нивните приврзоци работат исклучиво во интерес на своето политичко опстојување и лична корист по секоај цена не водејќи сметка за македонскиот народ и виталните интереси на државата како што е Законот за државјанство.

Впрочем, тие се главните виновници за повоениот македонски егзодус во западно европските и прекуокеанските земји прогласуваќи отворени градови како што беше примерот со Скопје 1963 година кога стана град со најголем број албанска популација и ничии земји дозволија да се населат едикојси дојдени од беспаќата на Косово, Босна, Санџак, Албанија, а можеби во режија и под патронатство на тогашното комунистичко просрпско ориентирани макеоднски функционери на чело со главниот инквизитор господинот Лазар Колишевски. Денешната состојба е слична на тогашната. Комунистите под мотото "опстанок по секоја цена" и "дај што ќе дадеш" а можеби и некои сценарија диригирани од надвор се фатија во оро токму со оние кои работат против интересите на Република Македонија и македонскиот народ. Примерот со лидерот на ПДП Невзат Халили и неговата изјава за непостоење на Македонци за Германската телевизија АРД. Значи, во Владина коалиција која, покривајќи се под плаштот на граѓански партии, отворено работат против македонските национални интереси. Нивната цел е како прв чекор "илирида" која ја промовираше г-динот Положани кој, ако не се лажам, е албански државјанин и како втор чекор голема Албанија со дел од територијата на Република Македонија.

Барањата на Албанците за измена на Уставот и вградување на албанското малцинство како конститутивен народ на македонската држава е токму она за што се залага министерот за надворешни работи на Албанија г-динот Алфред Серечи кој признавњето на Македонија го условува со гореспоменатото. Законот за државјанство е последниот бедем кој може и мора да го зачува македонскиот карактер на Републиката. Во оваа смисла Владата на Република Македонија и мнозинстовто на СДСМ на таа Влада мора да преземе енергични чекори соод-

ветни на интересите ка Макелснскиот народ и државата, се разбира, доколку имаат национално чувство и совест а тоа е мининум 30 години непрекинат престој со сите нишани на територијата на Република Македонија како основен услов за добивање на македонско државјанство.

Како резултат на толку фалената платформа Глигоров-Изетбеговиќ во Манедонија имаме наплив на огромен број бегалци од БиХ чиј број воопшто не се знае што многу придонесува за дестабилизација на така нестабилната Македонска држава.

Не би сакал многу да елаборирам, но само би ве потсетил на соопштението  на партијата на СДА кога најде плодно тло за работа во Републиката дека Македонија па не може да биде христијанска, па дури беа и толку дрски и безобразни да кандидираат свој пратеник во "Гази Баба". Доказ повеќе за неодговорната политика чиј главен креатор е г-динот Киро Глигоров, затоа господа пратеници, се однесува на левите партии, размислувајте за Македонија и нејзиниот национален опстој што е најбитно во овие навистина историски мигови и еднаш за секогаш сватете и самите и себе уверетесе дека со политиката на отстапки и тотална дефанзива спрема малцинствата протежирана од официјалната државна политика на Република Македонија може само да доведе до губење на националниот идентитет и достоинство кое г-динот Глигоров го сруши со интервјуто во хрватскиот неделник "Глобус" од 9 октомври 1992 година. Цитатот гласи: "Македонскиот претседател Киро Глигоров предупредува дека неговата непризната држава економски ќе се сруши во идните две недели" интервјуто е од 9 октомври, "па ќе надојде политичкиот екстремизам и ќе предизвика нова Балканска војна многу покрвава од онаа во Босна" и резигнирано заклучува г-динот Глигоров, "подобро роб, отколку гроб".

Само луѓе научени да робуваат и слугуваат можат ова да го кажат господа пратеници. Доста му беше на македонскиот народ илјадагодишно ропство под византиска, турска, српска, бугарска и ненародна власт во периодот од 1945 година наваму.

Законот за државјанство мора да биде во интерес и само во интерес на Македонскиот народ за да утре не се случи најтрагичното и како народ се претвориме во безлична маса кој, кога и како сака ќе ја меси и обликува и утре господа пратеници да не ве обвинвуаат дека попусто сте живееле и животот сте го поминувале како трговци и џамбази продавајќи ја Македонија. Во спротивност треба да размислувате за историската одговорност која ќе падне на ваша сметка и на сметка на вашите поколенија, но ќе може да се констатира дека е премногу доцна за поправен испит.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?
За збор се јави г-динот Фрчковски.

ЉУБОМИР ФРЧКВОСКИ:

Господа пратеници, овој член сосема несоодветно е искористен за еден потполно неразбирлив политички маркетинг кој со него нема врска. Имено, проблемот на странци и проблемот на стекнување на државјанство на другите односно граѓаните кои имаат државјанство на другите републики на СФРЈ не е ист член. Приказните за тоа дека наливот на граѓани од другите републики ќе се реши со овој член се сосема декласирани и нема никаква врска со него. Тоа се решава со членот 26. Ова е член кој го решава нашиот однос односот на оваа држава кон странците - генерално. Со внесување на вакви рестриктивни одредби воопшто не се решава проблемот со националностите ниту пак проблемот со државјаните на другите

држави од бивша СФРЈ во Македонија и таквото врзување единствено е демагогија, немам никаков друг одговор за тоа. Овој член го решава проблемот и ставот на оваа држава кон странците. Со внесвуање на овие рестриктивни одредби нема да можеме да дадеме ни кога сакаме на некој француз државјанство кога сметаме дека е потребно. Оттаму е апсурдно да се прифатат, ќе се доведеме во таква смешна ситуација да проблемот од кој наводно овде се заштитуваме него решаваме со овој член, а да имаме запрека, да имаме нормална државна интервенција во оние делови во кои треба да имаме и во која сите држави ја имаат. Оттаму сметам дека не треба да се прифати амандманот во ниеден случај.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас излегов на говорница само да укажам на една дезинформација која што министерот ја кажа. Имено, ако се прифати ваквата рестиктивна политика во поглед на добивањето на државјанстзо на Република Мкаедонија на странци не би можел да добие државјанство па ни еден французин. Меѓутоа, во членот 11 многу убаво се демантира ваквото излагање на минситерот по исклучок од член 7 на овој Закон странец кој наполнил 18 години живот може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува посебен научен, економски, културен, национален или друг интерес на Република Македонија така што ако има некој французин, американец било кој, кој сака да добие македонско државјанство, а е од посебен научен, културен, економски, национален и друг интерес без да ги исполнува условите од овој член 7, може да добие државјанство така што нема потреба да се изнесуваат дезинформации дека ако се прифати 30 години како услов за стекнување на државјанство дека со такви исклучоци не ќе може да се добие државјанство.

VI/1/CC/лј

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Фрчковски.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Јас навистина незнам дали има смисла понатаму да се расправа за некакво правно објаснување на членот. Се работи за две различни концепции политички кои сега се кршат на овој член. Ние мислиме дека немам никаква врска поврзувањето на членот со позицијата на Македонија во однос на националностите или во однос на државјаните на другите Републики и на СФРЈ.

Членот ја отвора можноста државата под одредени услови кои се стандардни во повеќето европски држави, потполно исти да се има можност тоа да го направи. Точката 6 во дадениот член потполно и остава исто така можност да ја креира политиката спрема странците. Дефинитивно од потполно затворање до потполно отворање, во рамките на дадените шест кумулативни услови. Одтаму, членот не треба да се прифати. Мислам на амандманот.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Спировски.

АЦО СПИРОВСКИ:

Јас сеуште не ја гледам потребата баш на членот 26 ставот 3, на овој закон, од причина што тука, а и самиот закон за стекнување на одреден услов пропишува форма. Доколку се исполни таа форма тогаш настануваат работите што треба да се сторат.

Меѓутоа, во членот 26, став 3, дискутираме за државјани на други републики односно државјани на поранешната СФРЈ. Тие, во овој закон мора да имаат третман на странци, затоа што во истата таа држава веќе настанаа држави. Тоа е факт. Тоа не е враќање назад. И ние сме од кои од нив  признаени. Друг е статусот со Југосалвија која не е

призната и која никој не ја признава и како ќе се решава тоа понатаму. Меѓутоа, за нас е форма дека тие се веќе странци. Тоа е нешто што е така. Што е потребата од тоа двоење.

А, во однос на изигрувањето на рокот, јас го кажав тоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Од министерот не прифаќам две работи, дека се работи за демагогија и политички маркетинг.

Се работи за донесување закон со кој се устројува држава. Тоа се два основни елементи од кои треба да тргнеме. А, најбитно што е, членот 26, став 3, не е предложениот текст за граѓани набивша СФРЈ. Ова собрание усвои текст, ги смета сите за странци, па сега расправањето има смисол во континуитет се овие две одредби, затоа што Владата сама поднесува амандман на веќе усвоениот текст за што бара да се усвои како да се работи за граѓани од бивша СФРЈ. Значи, ние сега прв пат имаме еден текст на закон што ова Собрание го утврдило и, откако ке се произнесеме за предлогот на амандманот на Владата, дури тогаш ќе има смисла говорењето на минситерот дека се работи за друг по однос на граѓани односно на странци. Овде, сега и во член 26 став 3 и во член 7 се говори за странци. Затоа сметам дека треба да го уважиме предлогот односно амандманот на Петров.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Стефковски.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитувани пратеници, сметам дека се кажа нешто во врска со членот 7 и амандманот на господинот Петров. Тоа што го кажа господинот

Стојановски е едната вистина. Втората е што ??? многу работи ??? седници на комисијата јасно се кажуваше од претставниците на Владата дека оној што нема да го искористи правото по членот 26 став 3 ќе го искористи по членот 7. Логиката налага дека во случајов треба да биде ист рок и во член 26 став 3 и во член 7 точка 2, онака како што е предложено од господинот Петров.

Сметам дека со едни вакви однесувања на Владата се дава можност да се изврши со донесувањето токму на законот за државјанството да се изврши оној попис под меѓународна контрола во кој што попис ке бидат опфатени сите доселени лица на територијата на Република Македонија и веќе пред меѓународната јавност ќе се фигурира со одредена бројка која што придонесува и за одредени други апетити во рамките на државата.

Одтука сметам, без да се многу должи, дека едиснтвено заштитно средство во овој случај за Републиката и за Македонија е токму усвојувањето на предлогот на господинот Петров и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во целост го подржувам.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор госпоѓа Лазаревска.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Заради појаснување на ситуацијава јас би го прашала господинот министер дали ако мислам заради полесно одлучување при гласањето на сите пратеници, дали ако подносителот на барање за државјанство не ги исполни условите за државјанство од член 26 ке биде третиран како странец?

Ако биде третиран како странец, дали по член 7 ќе може да го добие државјанството во рок од 5 години? Дали ке биде третиран како странец тој што нема да ги исполни условите од член 26? Ова заради поедноставување при гласањето.

VI/4.-

СТОjАН АНДОВ:

Има збор господин Фрчковски, министер за внатрешни работи

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Прашањето што го постави госпоѓата јасно е дека оние државјани на бившите републики на СФРЈ кои не го исполнуваат критериумот, а поднеле барање за наше државјанство, по член 26, секако се третираат како странци. Понатаму, меѓутоа, не е рокот симнат на пет години, туку се работи за сосема нови услови што се поставуваат за странците. Тоа се седум кумулативни услови од кои, како што знаете, ги читате сите тие, кои не постојат во член 26, заклучно со најсилниот, а тоа е дискреционото право на минстерството да го даде или да не го даде државјанството иако се исполнети сите услови. И, притоа, да не даде образложение за лицето кое тоа го бара. Затоа, состојбите се потполно јасни на тие две на различни начини. Затоа не треба да се поистоветува ниту да се спојува рокот.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Пановски.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Почитувани пратеници јас барам овде со Законот да се расчистат законите и на Министерството за внатрешни работи да не му се даде никакво дискреционо право да одлучува. Врз основа на тие дискрециони права поединци се збогатија, а остаи тоа што се збогатија, него ни ја наполнија Македонија со и народно, немакедонско население. А, тоа беше и државна политика на бившата СФРЈ да се менува етничката карта на Македонија.

Затоа барам строго да се дефинираат условите на овој закон затоа кој се ќе може и кој се не ќе може да добие државјанство и да се

исклучи дискреционото право на министерството за внатрешни работи затоа што иекрено се плашам дека ќе продолжат махинациите околу добивањето на државјанство и некои вработени таму повторно ќе почнат да се богатат.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Фрчковски.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Јас навистина не разбирам од кои критериуми при овие предлози се водите. Ова е стандард во секој закон за државјанство, државата да го задржи ова дискреционо право за себе. Секаде. Никоја држава од тоа не се откажала ниту формирала посенби услови. Постојат податоци за лица кои не можат да се формираат во условите а кои соодветни органи ги знаат, зошто не го даваат државјанството. И, не само заради тоа, туку се засилува со тоа што не даваат образложение за тоа. Оттаму, ако од ова се откажеме јас мислам дека ние се откажуваме токму од она за кое досега овде толку многу се зборуваше.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не)-

Бидејќк никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (42)

Кој е против? (45)

Воздржани (2).

Збор побара господин Цветан Јовчевски.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Господине претседателе, се сомневам во гласањето и барам поддршка од десет пратеници за поединечно гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Има поддрпшка од пратениците.

Повелете, да се прочитаат пратениците заради поименично глаасње.

Претходно збор побара господинот Стефковски, во врка со ова, инаку немаме расправа.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Мислам дека на повеќепати ми се случува како ќе се предложи гласање поименично, лицата пратеници што не учествувале во гласањето накнадно влегуваат во салата. Оттука сметам дека треба да гласаат оние кои учествуваа во ова глаање. А, сите пратеници што не гласале и се надвор да останат надвор.

СТОЈАН АНДОВ:

За ова имаме јасна деловнична одредба и неа ја применуваме.

Молам заменикот на секретарот да го прочита списокот, а пратениците сите да влезат во салата. Молам, вратата да се затвори.

ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:

1. ФАИК АБДИ (против)
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА (не е тука)
3. ХАМИД АЛИУ (не е тука)
4. ЕШРЕФ АЛИЈУ (не е тука)
5. СТОЈАН АНДОВ (против)
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ (за)
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ (за)
8. ТИМЕ АНДОНОВ (против)
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ (за)
10. ДУШКО АРСОВСКИ (против)
11. ДРАГИ АРСОВ (за)
12. БРАНКО АРСОВСКИ (против)
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ (за)
14. ЈОРДАН БОШКОВ (за)
15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ (против)

16.АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ(против)
17. ПЕТАР ГОШЕВ (против)
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ (за)
19. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ (за)
20. САНДЕ ДАВЧЕВ (против)
21. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ (против)
22. ТОДОР ДИМОВ (против)
23. ДОСТА ДИМОВСКА (за)
24. РАТКА ДИМИТРОВА (за)
25. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ (против)
26. БОРКО ЃОРЃЕСКИ (за)
27. ДУШКО ЃОРЃЕСКИ (не е тука)
28. ЗУДИ ЕМИНИ (не е тука)
29. ЈОРДАН ЗАФИРОВ (против)
30. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ (за)
31. НАСЕР ЗИБЕРИ (не е тука)
32. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ (против)
33. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ (против)
34. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ (за)
35. СИМЕОН ИВАНОВСКИ (не е тука)
36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ (не е тука)
37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ (против)
38. ИВАН ИВАНОВ (против)
39. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ (за)
40. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ (за)
41. РИСТО ЈОВАНОВ (за)
42. ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА (воздржана)
43. РИСТО КЕЛЕШОВ (воздржан)
44. ТАШКО КИРОВ (за)
45. ЗОРАН КИТЕВ (не е тука)
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ (за)
47. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ (за)
48. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ (против)
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ (против)
50. НИКОЛА КРСТЕСКИ (за)
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА (за)
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ (за)

VI/8.

53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ (за)
54. ФЛОРЕ МАСЛКОВСКИ (против)
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ (против)
56. ЕФТИМ МАНЕВ (за)
57. СТРАШО МИЛКОВСКИ (против)
58. ПАНЧО МИНОВ (против)
59. МАРИН МИЛЕНКОСКИ (против)
60. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ (против)
61. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ (за)
62. ВАНЧО МЛАДЕНОВ (против)
63. ЏЕЛАДИН МУРАТИ (не е тука)
64. АВДИ МУРТЕЗАНИ (не е тука)
65. НАИФ МУСТАФА (не е тука)
66. СИМОН НАУМОВСКИ (не е тука)
67. ПАНЧЕ НАСЕВ (не е тука)
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ (против)
69. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ (за)
70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ (против)
71. ЈОВАН НИКОЛОВ (против)
72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ (против)
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ (за)
74. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ (за)
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ (против)
76. ТОДОР ПЕТРОВ (за)
77. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ (не е тука)
78. ДИМИТАР ПОПОВСКИ (против)
79. КИРО ПОПОВСКИ (против)
80. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ (против)
81. ШАБАН ПРЕВАЛА (не е тука)
82. ИСМЕТ РАМАДАНИ (не е тука)
83. БОЖО РАЈЧЕВСКИ (против)
84. ИВАН РАМБАБОВ (против)
85. НЕИМ СЕЛМАНИ (не е тука)
86. ФЕРИД САДИКУ (не е тука)
87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ (против)
88. АЦО СПИРОСКИ (за)
89. РИСТО СТАНКОВСКИ (против)
90. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ (против)
91. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА (против)

92. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ (против
93. СТОИЛЕ СТОЈКОВ (за)
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ (за)
95. РИСТО СТАМЕНОВ (за)
96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ (за)
97. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (не е тука
98. ЏЕЛИЛ ТАИРИ (не е тука
99. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ (за)
100 ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ (за)
101 БЛАГОЈ ТОШЕВ (за)
102 ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ (против)
103 ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ (за)
104 ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ (за)
105 ДУШАН ТРПЧЕВСКИ (за)
106 АГИМ ФАЗЛИУ (не е тука
107 АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ (за)
108 БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ (против)
109 АБДУРАХМАН ХАЛИТИ (не е тука
110 СЕФЕДИН ХАРУНИ (не е тука
111 МУХАМЕТ ХАЛИЛИ (не е тука
112 СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ (против)
113 НЕЏАТИ ЏАФЕРИ (не е тука
114 АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ (против)
115 ВЕБИ ЏЕМАИЛИ (не е тука)
116 БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ (за)
117 ХИСНИ ШАКИРИ (не е тука

VII/1 сј/вц

СТОЈАН АНДОВ:

Вкупно гласале 89 пратеници од кои 42 за, 45 против и двајца воздржани. Според тоа, амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 точка 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Овој амандман беше пред малку образложен во рамките на амандманот за бришење на точка 1 од став 1 на членот 7 од предлогот на законот за државјанство и истиот гласи: "во членот 7 став 1 точка 2 бројката 5 се заменува со бројката "30" така да до понесувањето на барањето за прием во држајванство на Република Македонија со придојдување странец да може да добие македонско државјанство доколку престојува на територијата на Република Македонија непрекинато најмалку 30 години. Барам пратениците да го изгласаат овој амандман.

СТОЈАН АНДОВ:

За ова се водеше расправа.

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, кој е за, молам да крене рака?

За, гласаа 34 пратеници.

Констатирам дека амандманот не доби потребно мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 точка 2 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

VII/2

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Драги Арсов.

ДРАГИ АРСОВ:

Почитувани пратеници, сигурно дека е неспорно значењето на овој став од точката 2 во членот 7 каде што се зборува за годините односно за рокот сврзан со престојот на странски лица и по тој основ за здобивање на државјанство. Во врска со ова иако овде доста се зборуваше во прилог на мојот амандман сврзан со овој член што се однесува на став 2 точка 2 во однос на годините со кој амандман јас предлагам место пет години да биде 15 можам да го кажам следното:

Се согласувам со господинот Фрчковски односно со предлогот на Владата дека со членот 7 се решаваат прашањата сврзани со државјанството што се однесуваат на странски лица. Тоа е точно, тоа е неспорно. Затоа што претходните две начела според кои може да се добие државјанството, а тоа е по потекло и по раѓањето на територијата односно по начелото два за кое што зборувавме, а кое со раѓањето на територијата како што реков може да се каже дека со тие две начела се опфатени оние граѓани кои што престојувале односно што се родени на територијата на Македонија од порано и за кои што не станува збор кога ро спомнуваме овој рок. Меѓутоа, станува збор за оние граѓани во Република Македонија за кои што се елаборира во членот 26 во ставот 2. Имено станува збор за тие граѓани кои што треба да стекнат државјанство по начелото за престојување и тука е недоразбирањето со господинот Фрчковски затоа што токму членот 26 ја предвидува и таа основа бидејќи и таму изричито се наведува дека ќе се решава проблемот на државјанството на оние жители, на оние државјани од поранешна Југославија кои имаат пријавено живеалиште

на територијата на Македонија затоа сметам дека овој член е значаен посебно точката 2 бидејќи тој не го исклучува токму тој фактор за да се решава на тие граѓани од поранешна Југославија на територијата на Македонија кој и по тој основ има пријавено престојувалиште односно живеалиште треба да се решава неговиот статус. Од тие причини неможе да се исклучи значењето на рокот и затоа ние се залагаме тој рок да не биде прифатен како што го предлага Владата односно да биде пет години затоа што таков краток рок за прием на страни лица во државјансто познаваше и поранешното државјанство односно државјанството на СФРЈ според кое требаше 3 години страно лице да живее во Југославија па да добие државјанство.
Таквите кратки временски рокови не се познати во ниедна европска земја и од проста причина затоа што за таков краток рок адаптацијата на околината за било кој странец е сосема кратка и не овозможува негово адаптирање во средината во која што го има пријавено своето живеење. Од тие причини се предлагаат и подолги рокови и според таа институција престојувањето на територијата на Македонија за такви лица што бараат државјанство сигурно треба да биде поместена а според мојот предлог јас тоа поместување од пет години го предлагам на 15 години.  Од тие причини што овој рок исто така се усогласува и со рокот во членот 26 став 3.

Со мојот амандман исто така предлагам како дополнителен критериум за прием на државјанство покрај рокот да се прифати и постојаниот извор на средства за живеење односно лицето да има обезбедено егзистенција и да не биде финансиски товар на државата. Во прилог на тоа се залагам со амандманот да се внесе и институцијата

здравствена состојба затоа што оваа институција не им е непозната на одделни европски земји. Тие таквата институција ја предвидуваат кога го решаваат прашањето за прием во државјанство. Инсистирањето на овој услов сигурно е значаен ако се имаат предвид специфичните интереси на Македонија, а ние знаеме дека тие специфични интереси на Македонија од аспект на здравството се многу неповолни и затоа со овој предлог кој што предвидува да се прифати институтот за здравствената состојба само ќе се отстранат пречките за финансиското оптоварување на Републиката заради високите здравствени трошоци по приемот на лицата кои што ќе го примат македонското државјанство.

Од тие причини инсистирам Собранието да го прифати овој амандман.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

36 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Ве молам, овде имаме еден амандман сега е поделен амандманот на член 7 став 1 точка 2.

Дали ви е поделен амандманот. (да)

Ако е поделен амандманот, дали некој бара збор во врска со тоа.

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, содржината на амандманот ја имате пред вас и таа гласи: во член 7 став 1 точка 2 бројката 5 се заменува со бројката 15. Оваа формулација на членот 7 се изедначува

со одредбите на член 26 став 3, според кои сите оние кои досега немаа државјанство на Република Македонија ќе добијат државјанство после поминување на рокот од 15 години. Ваквата формулација на овој начин важи за сите странци, нема можност од проигрување на законот. Ова не го исклучува дискреционото право на легитимно избраните органи како државни органи надлежни за оваа материја, воедно не внесуваме поим странец од бившата СФРЈ и она што досега се третираше како поим странец. Според тоа, нема странци од СФРЈ и странци од странство туку сите се третираат во категоријата странци и за нив важи рокот од 15 години за стекнување на државјанство на Република Македонија.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ.

Сакав да кажам драги македонци, ама мислам дека е депласирано тоа секако, во особено сложени и стресни ситуации нормално е, човечки оние што се жртви на таквите стресови и не се свесни се однесуваат ирационално. Се случува човек да изгуби рака и да се смее, меѓутоа од другиот ден животот му е променет и ја плаќа тежината на ситуацијата. Јас би сакал само малку према себе сами да се завртите и да размислите што значи овој закон за државјанство на Република Македонија. Овој единствен закон што неможе во мир да се менува повеќе, а ќе ја достигнеме ситуацијата она што е постигнато во Либан и ќе се сеќаваме на овие моменти. Пред две години несакавте да поверувате од оваа говорница кога беа искажувани одредени прогнози што се обвистинија.

VIII/1.-ДВ/МЛ

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас сум исто така за траен мир во Македонија. Само заради мирот во Македонија апелирам уште еднаш да размислите заради тоа што во име на мирот вие подбуцнувате војна, ако одлучите неодговорно и ако спроведувате само директиви. Сепак вие сте повеќе од пратеници на една политичка партија. Пратеници сте на сопствениот народ.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Не би се осврнувал воопшто на некои лични обраќања поготово од мојот почитуван колега по струка, Голубовски. Мислам дека не е потребно апсолутно еден на друг да си укажуваме за каков закон станува збор денес колкава е неговата тежина за заокружувањето на државно-правниот статус на Република Македонија. Во такви услови целосно би бил задоволен од сета досегашна работна атмосфера со некои мали исклучоци, ако се пристапува конструктивно, ако се пристапува аргументирано. Затоа би сакал, да не се навраќаме на тоа,иако е тоа право на секого, затоа што оваа говорница не зборува само за тие на кои поедини наши колеги пратеници се обраќаат, туку зборува пред се за самите тие кои на говорницата застануваат и се обраќаат, дека во такви случаи треба потполно ситуациите да ги расчистиме, иако се согласувам дека останува правото на тој што зборува од говорницата да дава квалификативи за предавници, непредавници, Македонци, не Македонци и тн.

Ви се молам. Станува збор за врзани два члена. Член 26 и членот 7. Пред да го завршиме членот 7 јас за себе си исто така би сакал да бидам сосема начисто заради тоа што сметам дека сум свесен за тежината на одлуките што денес ги донесовме потполно исто

како и сите тие кои што укажуваат од оваа говорница дека одредени пратеници треба да се свестат дека се претставници на македонскиот народ, па со иста таква свест одговорно да се однесуваат кон законот. Станува збор за следното:

Со член 26 се регулира идниот статус на државјанството на сите граѓани од бившата СФРЈ. Ако по член 26 тие граѓани каде што од Владата е предложено цензус од 15 години и другите услови во ставот не добијат статус на државјани на Република Македонија, тогаш е сосема јасно, тоа што го кажа колешката Јумеровска и пред неа Биљана Лазаревска дека ако не добијат статус на државјанство во тој момент тие остануваат странци. Штом ќе постанат странци ги враќаме на член 7 каде што станува збор за странци. Сега прашањето е во следното:

Откога странец кој дошол од член 27, од статусот државјанин на бивша СФРЈ во член 7, дали му се симнува цензусот од 15 години на 5 години или не, или е додатно прашањето, во што сум убеден и го бранам и секогаш ќе го бранам уште од една додатна причина а тоа е следното:

Не поминал по член 26, постанува странец. Му останува цензусот од 15 години и доаѓа во групата на странци по член 7. Му останува цензусот од 15 години, а член 7 му наметнува нови 5 додатни услови. Јас така го разбрам и го поставувам прашањето пред да го завршиме членот 7. Еве јас кажувам што јас подразбирам и што сакам да расчистиме. Значи се префрла на член 7, останува цензусот од 26 член и му се наметнуваат нови додатни услови кои што ќе ги мине, или не. Од тоа дали е тоа така или не, зависи нашиот однос спрема предложените амандмани кои ги поминавме и спрема амандманите кои во овој момент се на дневен ред. Според тоа би сакал, пред да го завршиме

членот 7 затоа што ???? веќе со наредниот член да ги расчистиме овие односи заради тоа што не може никој да ме натера на линијата Македонец-не Македонец, предавник или непредавник да им го ускратам правото на сите странци. Еве пред десетина дена имав средба со еден новинар до канадското државно радио кој изрази желба веднаш да подаде молба и да постане државјанин на Република Македонија. Значи, станува збор во членот 7 за странски државјани: Французи, Англичани, Американци и т.н. кои што имаат или сопруга Македонка, граѓанка на Република Македонија и тн., дека за нив би го ограничиле правото да претстојуваат во Македонија 15 години за да постанат граѓани на Република Македонија. На тоа на било која основа не може никого да ме натера. Тоа е основата зошто ги поддржуваме предлозите на Владата така како што се дадени изворно.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Јас мислам ова што го кажа господинот Ханџиски е она што. тој би сакал да биде во законот, а не она што е во законот.

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Тргнувам од најдобро изречените намери на господинот Ханџиски по повод член 7. Меѓутоа ние сме една нова самостојна, суверена и независна држава која има многу посиромашен и опаднат стандард. Право е на секоја држава да го штити стандардот на своите држави и да се штити од упад во овој момент на азилатни.
Бидејќи законот за државјанство, барем за нас како држава демократска, отворена, нова е менлива категорија која понатаму може да претрпи измени, во овој момент не можеме да кажеме дали ќе имаме поволни или неповолни странци. Сите странци кои бараат државјанство на Република Македонија, а кои што се од посебен значај

економски социјален културен и ? интерес за Република Македонија, користејќи го дискреционото право на господинот министер ќе можат да добијат државјанство. Според тоа не држи образложението според кое, ако некој странец е од посебен интерес за Република Македонија а бара да добие државјанство тоа нема да го добие. Ние мора да се заштитиме од странците кои и покрај наведените услови овде сепак не го исполнуваат законскиот цензус од 15 години. Мораме да знаеме со колкав број на луѓе располагаме, какви се нашите можности за прием на луѓе од страна па дури потоа да објавиме, доколку тоа го оцени официјалната државна политика дека овој закон ќе претрпи измени, дека ќе станеме многу полиберална и отворена држава и дека ќе им дозволиме на странците со 5 години да стекнат статус на државјанство. Затоа ве молам барам амандманот така како што ви е предложен да биде прифатен.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Само да се доизјаснам после излагањето на гсспоѓата Јумеровска за новиот амандман за кој станува збор иако реков дека пред да го завршиме членот 7 треба да ги расчистиме работите, дека не го поддржувам да се покачи цензусот на 15 години за сите странци за кои јас зборувам.

Барам во името на пратеничката група на СДС пауза од 15 минути, да се овие дилеми расчистат.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, предлагам пауза од 15 минути.

(По паузата).

VIII/5.--

Предлагам да продолжиме со работа.

Ве молам имаше односно се предложи пауза за да се појаснат некои работи околу овој амандман. Незнам сега кој ќе даде појаснување.

Предлагам министерот Фрчковски да ни даде едно појаснување во врска со овој амандман.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

На господинот Ханциски како и на господинот Голубовски по стручна основа не им иде со правото. Толкувањето е погрешно.

Во членот 7 се дефинираат исти услови за сите странци, сите странци под еднакви услови. Ние немаме различни типови на странци, странци настанати од бившите државјани на СФРЈ и странци дојдени од некое подалечно странство. Тоа се исти стандарди и неможе да има разлики. Неможе да има ситуација во која некој претстојувал законски 13, 14 години, не поминал по одредбата 26 и сега повторно уште 5 години му се дофрлаат, а за странците кои се регуларно странци, кои еве престојувале две години со постојан престој за странци, на нив им се сметаат овие две години и се очекува уште 2 години да престојуваат. Оттаму таквото толкување не држи. Имено, оваа опсесија со рокови која ни се наметна овде и која се политизираше воопшто не држи. Имено, членот 26, височината на рокот која е најрестриктивна од законите на бившите југословенски републики, се врзува со намалување на условите. Имено, се бара само полнолетство и законско престојувалиште. Законско престојувалиште значи дека оние кои го немаат регулирано на начин на кој дефинираат нашите прописи, не можат ниту по тој член, независно од престојот да добијат државјанство. Тоа значи дека голем дел од луѓето на кои овде се асоцираше дека на некој начин нелегално престојуваа во Македонија тие и така нема

да добијат ниту по член 26 државјанство токму елиминирани од овој услов.

Меѓутоа, тие кои го немаат исполнето условот од 15 години и овие додатни два услови од членот 26 доаѓаат и се третираат како странци. Тогаш тие може да бидат само странци еднакви со другите странци. Не може тука да има разлика и од нив да се бараат 13 плус 5 години, а од оние странци, да речеме, кои имаат досега веќе добиено дозвола за престој на странци 2 години престојуваат, од нив се бара значи уште три години, а претходните две им се сметаат. Тоа неможе така да се регулира со законот. Имено, тие доаѓаат под еднаков терк и понатака другите услови. Велам уште еднаш рокот овде не е најрестриктивниот услов. Импресијата од него е типично политичка. Најрестриктивните услови во член 7 се другите услови, заклучно со дискреционото право што го задржува државата. Оттука сметам дека не треба да се лицитира со години, амандманот не треба да се прифати, треба да се прифати решението кое стои во основниот член 7.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Овој закон нормално дека ќе има и треба да има и политичка димензија и едно теоретско расправање, академско да кажам кое не може да се примери на интересите на македонската држава. Пак ќе кажам уште еднаш со констатација не е примерено ни на оваа ситуација за која што сме собрани. Па ние знаеме кои ќе бидат тие странци. Зошто зборуваме за Англичани и Французи и незнам што, кога ние знаеме за кои странци станува збор. И ние сакаме да го решиме проблемот на механички прилив во Македонија и се користиме, барем би требало да се користиме со суверено право како што го користи секоја друга држава во своето конституирање во светот.

VIII/7.-

Тука стана збор дали треба и навистина можеби е грешка што само се задржуваме на рокот, на престој. Можаби ако ние бевме одговорни за тоа што значи овој закон, требаше да го отвориме прашањето токму и за сите други елементи кои ќе ја потенцираат рестриктивноста, заради тоа што тоа сега не стана збор, за тоа повеќе ќе зборувам кога ќе дојде на дневен ред амандманот што сакам да го предложам на член 26 став 3. Ние зборуваме за рок и се споредуваме компаративно спрема законите на Словенија, Хрватска и другите, бидејќи ни се наметнува некако така решавањето во Женева, а не зборуваме за тоа дека токму законите на Словенија и Хрватска содржат елементи кои ние ги избегнавме, а ни се сугерира временски да се усогласиме.

Прво, ние мора да сватиме дека Република Македонија во изминатите пет децении ја оставивме без механизни на контрола на претстојот на граѓаните од другите делови на Југославија. Една Словенија може да се согласи и со две години, место еквивалентот што ние го нудиме од 20 години и помалку механички прилив да има, затоа што таа мислела цело време на заштита на својот простор. Ние не можеме заради тоа да ја осудиме неа или другите бивши југословенски републики. Затоа мора еднаш да се ослободиме од тој двострук морал, едно лицемерие и да разговараме отворено. Ние сакаме со законот за државјанство да ги отстраниме сите проблеми што механичкиот прилив ги носи со себе, а особено затоа што тој механички прилив има други конотации, негативни за нас бидејќи непријателски е насочено делувањето на тоа малцинство. Се работи за отворено непријателство на националистичка и сепаратистичка основа. Ние сме одговорни како генерација, генерација која што воедно има и среќа да расправа за самостојноста на Република Македонија, а веднаш сакаме да ги срушиме сите шанси на воспоставување на таквата држава.

VIII/8.-

РАТКА ДИМИТРОВА:

Се јавувам за едно појаскување почитувани пратеници.

Мислам дека остана во воздухот да виси тоа дека овој амандман кој што бара покачување на бројката од 5 години на 15 на некој начин доаѓа во колизија со останатите рестриктивни одредби на законот и со дискреционото право на министерството. Тоа не е точно. Се менува само бројката, а сите тие остануваат.

Убедена сум дека со овој амандман ние не носиме закон кој е против другите националности во нашата држава. Искрена сум за сожителство на сите кои живеат тука со нас со децении и столетија. Но, законот што го носиме не е против нив. Тој е природна и потребна заштита на една држава и на еден народ чија географска положба претставува перманентна опасност од распарчување или исчезнување.

Инаку, апсолутно сум против секакво двоење на религиска основа. Зборот фундаментализам по мене не треба ни да се спомнува овде на оваа говорница.

Сакам да ве потсетам почитувани пратеници дека делот од Македонците кои го зборуваат можеби најмилозвучниот македонски јазик се со мухамеданска вероисповест. Ако е таа вистинска и од срце јас високо ја почитувам. На нашата почва неопходна е искрена соработка на кристијанската црква и на мешихатот. Но, тоа не значи дека од нашата држава треба да направиме, какошто би рекле Русите "прахадној-двор"

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници,ќе морам да се надоврзам на претходната седница и ќе кажам дека ако не беше оваа седница немаше да знам дека постојат странци од внатре и странци од надвор, бидејќи преку носењето на членот 7 и членот 26 ние имаме странци  од бившата СФРЈ и странци од т.н. досегашно странство.

VIII/9.-

Ако се апстрахираме од постоењето на член 26 став 2 и зборуваме само за член 7, а изгледа ќе мора само така да се однесуваме и покрај тоа што двата члена според мене се во колизија, тогаш испаѓа дека Република Македонија во овој момент и покрај нискиот животен стандард, јас велам дека ние го штитиме само стандардот на граѓаните на Република Македонија, е држава која што располага со доволно природни богатства, која што има силна економска моќ и која што ги повикува сите странци кои имаат желба и потреба односно од азил да дојдат на територијата на Република Македонија, бидејќи само за пет години тие ќе добијат државјанство.

IX/1/ЛК/ОМ

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА (ПРОДОЛЖУВА):

Она што овде беше речено да не се поврзува члек 26 и член 7 навистина недржи затоа што доколку се усвои овој член 7 со кој што на сите странци и покрај условите кои што се нудат и за кои што се вели дека се рестриктивни, а ако ги прочитаме ќе видиме дека не се воопшто така рестриктивни, тогаш сите кои живеат на подрачјето на Република Македонија, а кои по член 26 нема да добијат државјнаство, со овој член 7 ќе бидат државјани на Република Македонија со само 5 години. Тогаш да не се залажуваме ниту себе, ниту народот и во тој случај доколку биде прифатен член 7, ќе предложам псотапка за бришење на член  26 од истоимениот закон.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувани пратеници, последното образложение на министерот Фрчковски сметам дека сосема јасно ја укажа разликата и разграничувањето меѓу членот 26 и членот 7. Сметам дека тоа е сосема реално и во ниеден случај не се спомна дискреционото право да го исклучува членот 7, доколку се покрене бројката 5 на 15 години. Сепак, како пратеник потписник на овој амандман, би кажал од кои причини сметам дека Собранието треба да го усвои овој амандман.

Најнапред, кога суштината на членот 26 е сама по себе дојдена од причини што така дошло времето со распаѓањето на Југославија и граѓаните од другите Републики кои живеат овде го решава нивниот статус. Во едни други услови таков член воопшто не би постоел. Доколку членот 7 остане со 5 години странец да стекне право на државјанство доколку ги исполнува и другите предвидени услови во тој  член, сметам дека ќе бидеме сосема некоректни и нереални спрема голем број на граѓани во оваа Република кои ќе бидат бенифицирани со

членот 26, а тоа се состои во тоа што граѓанин што со исти услови кој наполнил пореќе од 15 години, а неговиот брат може да се случи да има 14,5 години или за еден месец да му фали, тој не ќе може по тој критериум да го стекне тоа право. Од тие причини во овој случај, се додека не сме дошле до членот 26, ми се чини дека е најреално да се подигнат годините од 5 на 15. Тогаш дискреционото право Министерството може пак да го користи и во тој случај ми се чини ќе има далеку повеќе тензии од граѓани кои не ќе го стекнат тоа право, што некој дел од граѓаните ќе го стекне по член 26. Може да се јават безброј демонстрации, луѓе со 14 или 12 години кои живеат на оваа територија не ги користат тие права, Министерството тогаш може да го користи дискреционото право, митинзи и штрајкови без број. Така, во една законска регулатива кога ќе наполни 15 години тогаш ќе си го побарат тоа право како и тие што го стекнуваат по овој автоматизам.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас сметам дека не постои никаква неповрзаност меѓу член 26, став 3 и членот 7 односно според мое мислење, а и според текстот на Предлогот на законот истите се поврзани еден со друг. Според член 26, став 3 се овозможува како што е предлогот на Владата државјните на поранешните републики на СФРЈ и државјнаите на поранешната СФРЈ да можат, покрај другите услови, да добијат државјнство, доколку непрекинато престојувале на териотријата на Република Македонија 15 години. По член 7 од Предлогот на законот странец може да добие државјанство ако непрекинато престојувал најмалку 5 години. Сакам да дадам по мое видување едно објаснување за што министерот не го образложи докрај барањето од пратеникот на пратеничката група на СДС, што би значел членот 26 во корелација со членот 7.

IX/3

Странец односно државјанин на поранешна Република ???
на територијата на Република Македонија, во моментот на влегувањето во сила на овој закон, што сега се предлага да се донесе, ќе треба да поднесе по член 26, став 3 барање за прием на државјанство во Република Македонија. Тој знае дека 15 години нема и неможе да го исполни тој услов за да стане државјанин на Република Македонија. Ќе го почека рокот од една година, преодниот период додека се поднесува барање, 4 години имал од денот на влегување во сила на законот и таа една година пред, добива 5 години. Тој е странец и како странец по член 7 ќе поднесе барање за прием во државјанство и ќе добие државјанство.

Во членот 7 , став 1 постои дискреционо право на министерот за внатрешни работи да го одбие барањето на тој странец. Во таа политика на тоа министерство јас не верувам. Зошто? Заради тоа што подсекретарите од тоа министерство ги убедуваа пратениците дека преговорите во Министерството за внатрешни работи со пратениците на ПДП-НДП биле такви што сами тие ги упатувале, ако неможе да добијат државјанство по член 26, став 3, да си побараат како странци. Тогаш јас поставувам прашање како ќе го користи дискреционото право министерот за внатрешни работи на тие лица можеби да не им даде државјанство, еден, двајца, тројца, една илјада, пет илјади, стоилјади, незнаеме колку се. Затоа што министерството за внатрешни работи ги нема тие податоци како што потсекретарите на тоа минситерство на седници на комисиите тоа сосема децидно го кажаа.

Според членот 9 од Уставниот закон за прогласување на Уставот на Република Македонија многу децидно се определува дека

државјаните на другите републики во СФРЈ кои на денот на влегувањето во сила на овој Уставен закон имале пријавено живеалиште на територијата на Република Македонија, а немаат државјанство на Република Македонија, што значи ние со Уставниот закон сме ги инагурирале дека се странци ќе можат да стекнат државјанство на Република Македонија во согласност со законот за државјанство на Република Македонија. Овде не станува збор во процедура за донесување на закон за права на национални малцинства, за закон за добивање државјанство на Македонија за странци, туку станува збор за закон за државјанство на Република Македонија и поставувам прашање чии интереси ги штитиме сега моментално со вакви за мене изврттени дискусии, кога ги штитиме правата на странци кои треба да стекнат државјанство во Република Македонија.

Друго, државјанството на поранешните републики односно државјаните на поранешните Републики на поранешна СФРЈ и дефакто и дејуре се странци заради тоа што државите во кои што живеат си прогласиле самостојност, без да ја прашаат Република Македонија или нашиот Парламент. Прогласиле самостојност и меѓусебно сме се признале како самостојни држави, сме воспоставиле дипломатски односи, па и ние до пред некој ден слушавме соопштение на Министерството за односи со странство на Република Словенија како самостојна држава која ги повикува за оделни права на словенечките државјани кои имаат престој и живеалиште во Република Македонија како да се однесуваат. Што значи, ние не сме ја создале ситуацијата да имаме самостојни републики, па сега сакаме странците односно државјаните на поранешните републики да ги избркаме со сила од територијата на Република Македонија. Државите во кои што живееле добиле статус на самостојни држави и тоа е за нас странство.

Затоа, сметам дека поврзувањето на член 26, став 3 е неминовно со членот 7 и кореспондираат еден со друг. Дискреционо право на Министерството - па ние сами треба како Парламент да донесеме одлука дали Републиката ќе ја претвориме во имиграционо подрачје за да секоја мајка која изгубила дете од цел свет да може во Македонија да добие државјанство. Ние треба тоа да го утврдиме и затоа како Парламент, како политика и стратегија на оваа држава, дали ќе се претвориме во миграционо подрачје. Затоа сметам дека нестанувајќи збор воопшто за никакви права на малцинставата бидејќи државјнаството не е колетивно право на националните малцинства, впрочем, тоа го потврдија претставниците на ПДП-НДП што не се присутни моментално во оваа сала, со тоа ја докажале нивната автохтоност на овие простори и колку се тие стари и присутни колку што се стари планините во Македонија заради тоа што се ценкаат за 5 години, за 2, за 1, а Министерството за внатрешни работи на тие барања им излегува во пресрет. Ако е во прашање коалиција за да се одржи, мене ми се чини дека државните интереси на Републиката за да утре некој не преговара со сите нас заедно преку статистички показатели, е моментот сега да го доенсеме овој закон, затоа што еднаш стекнато право со овој закон веќе никогаш неможе со било каква измена да се промени. Затоа јас сметам дека како давеникот когасе фаќа за сламка, не пројде амандманот на 30 години, нека секој сам си цени и оценил сигурно зошто гласал за или против, меѓутоа, бидејки е предложен 15, а е во корелација член 7 со став 3 на член 26 дека треба да се прифати овој амандман.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Сакам да протестирам против користењето на приказните од страна на господинот Петров во собраниската сала бидејќи овде јасно се работи за амандманите, за законот и за елаборација на законот. Што вие сте слушнале, има ли смисла да не гњавите со тоа. Тоа од една страна.

Од друга страна  оваа одредба во овој закон е предложена во истата ситуација? и од минатата Влада, господо нема тука никаква коалиција. Какви се тие глупости! Истото решение беше потполно, потполно истото решение и тогаш немавме вакви коментари туку членот помина таков каков што е. Сега е политизирано тоа токму од причини кои сега треба да ги бараме и не држат никакви коментари дека се работи за некакво впуштање и се работи за некакви преговори од кои произлегол овој член. Тоа едноставно е манипулација, не е вистина.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Тие приказни што ги зборуваше, ако се третираат како приказни од пратеникот Петров од оваа говорница, ги зборуваа подсекретарите на минситерот Фрчковски на седници на работните тела во Собранието и тоа за мене не се приказни, а каков однос има пратеникот Петров за да ги користи тие приказни овде, кога ќе дојдеме на други закони бидејќи тие закони самиот министер кажа дека се предложени од старата Влада, за други закони јас ќе го прашам него со какво лице седи пред нас пратениците овде кога тогаш спротивни ставови од името на таа иста  Влада застапувал како претставник по законот за лично име, а сега за тој закон сосема други ставови застапува.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Овде навистина јас признавам дека неуспеав  да ве убдеам да ме разберете во што е проблемот. Господа, говориме за член 26 став 3.  Па член 26 став 3 гласи вака:

"Државјаните на другите републики на поранешната СФРЈ и државјаните на поранешанта СФРЈ кои имаат пријавено законски престој и живеалиште на териториајта на Република Македонија со денот

на влегување во сила на овој закон се сметаат за странци и спрема нив? се применуваат одредбите од Законот за движење и престој на странци"

Ова е усвоено на ден 12 август од ова Собрание. Тогаш господин Андов непретседаваше, туку Тито Петковски и тој ја прекина седницта и во тој момент господинот министер Љубомир Фрчковски стави амандман кој сеуште не е разгледуван во истиот ред тој гласи вака:

"Државјаните на другите републики на поранешна СФРЈ и државјаните на поранешна СФРЈ кои имаат пријавено живеалиште на територија на Република Македонија може да стекнуваат сржавјанство на Република Македонија ако во рок од една година по влегување во сила на овој закон поднесат барање, доколку имаат постојан извор на средства се полнолетни и до поднесување на барањето законски престојувале на територијата на Република Македонија најмалку 15 години".

Настана спор дали може Владата која е предлагач на законот, откако ќе се изгласа еден текст на законот, да поднесува и бара измена на така усвоениот текст или не. Тоа се најде во одредниците на член 334 од Деловникот, каде подносителот на законот има право до усвојувањето да поднесува амандмани. Сега Владата поднесува амандман и цело време овде не мачи да ни докаже дека имаме текст во амандман. Владата треба да добие виза овде тој амандман да мине, па тогаш да биде составен дел на законот. Досега ние имаме друг текст и во оваа смисла сега одредбите од член 7 држат дека има смисла да се говори за странски државјани. Текстот на законот гласи, и во член 26 и тие се странски државјани. Ако не е така, јас ќе го замолам секретарот нека ги извади стенографските белешки од седницата од 26-ти кога се прекина, нека прочита што е, што усвоил Парламентот, што изјавил министерот. Ако не е така, да дискутираме поинаку

Инаку, господа разберете, ако денес не направиме рестрикции во годините на траењето, ние создаваме држава која навистина е населувана и раселувана по желба на трети на туѓи интереси, а не на македонски. Сега треба ли ние македонска држава пак да правиме населување под туѓи интереси? Не. Ова нека биде 15 години за сите. Рестрикциите што се предвидуваат во член 7, тие не се намалуваат, само ова се зголемува. Па не ли е рестрикција, го прашвуам сега министерот и 5 години и една година и еден ден и еден час и сто години. Се е тоа рестрикција, штом влегува во текстот на законот дека една форма мора да се исполни. Овде формата е години на траење 5, се предлага од група пратеници 15 години. Во другите ограничувања не се навлегува. Господа, исклучиво право, исклучиво дискреција на државата е во член 11. Таму е апсолутно дискреција на државата, освен што има едно ограничување за неа, се бара странскиот државјанин да има 18 години, а другото се подведува под што. Вели: "ако тоа претставува посебен научен, економски, културен, нациоанлен или друг интерес за Република Македонија". Ова е така една широка слобода, да може под било кој услов ако во одредени моменти државата има интерес да даде некому прием во државјанство да може да биде примен, а нормалниот тек ќе се одвива преку член 7, што веднаш ако не се прифати амандманот на Владата да се измени, ќе има еднаков третман. Таму ги прогласува апсолутно за странци што е во согласност и со одредбите по член 9 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија. Ова се и правни и фактолошки состојби, па треба да oцениме што треба да направиме. Политичкиот дел е за право наше дали ќе се браниме со поостри или пофлексибилни мерки.

X/1/пј/см

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Спировски.

АЦО СПИРОСКИ:

Јас само кратко би се задржал на говорница со тоа што би упатил едно прашање до Владата до претставникот или до претседателот, било кој да одговори, пошто сме сите пратеници како во некоја недоумица, а јас навистина не можам да ги двојам работите помеѓу член 7 и член 26, став 3 по однос на прашањето за државјани на поранешната СФРЈ и странци. Барам едно децидно објаснување и како пратеник тоа ми се чини по деловникот го уживам тоа право да ми се даде право по однос на член 7, споредено нормално со членот 26, ставот 3. Тука да ми се каже под странци кои лица се третирани, односно дали тоа ги исклучува и државјаните на поранешната СФРЈ. Односно, пак ќе дополнам во членот 7 се регулирани правата на сите оние странци вон поранешната СФРЈ, мислам на соседите и на целиот свет. Дали ќе можат државјаните на СФРЈ кои се издвоени посебно во членот 26, ставот 3 да се појават со барања во членот 7. Јас мислам дека сум јасен и тука барам одговор.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што сум еден од потписниците за овој амандман сакам да дадам и едно малку пошироко објаснување во врска со предлогот за овој амандман. Исто така, ќе се осврнам и на некои невистини што беа кажани овде од оваа говорница за време на претходните расправи во врска со овој закон, кои што мислам дека треба да се разобличат од оваа говорница. Многу ми е жал што не присуствуваaа господата од ПДП и НДП, но тоа не им дава за право и нас не ни дава

за право, овде сега да не ги кажеме работите кои што за цело врсме беа импутирани од нивна страна. Конкретно за што се работи? Тука за цело време беше лансирана тезата за автохтоноста на албанците во Македонија, а исто така ја кажаа, ја споменаа некои дискутанти. Еднаш за секогаш треба да ги расчистиме некои поими од историјата и жалосно е што една огромна армија на истсоричари во Македонија прећутеа и не кажаа многу работи кои што беа обврзани да ги кажат во врска со исфрлената наводна автохтоност на Албанците во Македонија. За тоа постојат многу докази, едноставно само требаше да се потрудат господата македонци историчари и да и ги презентираат на Македонската јавност. Имаме разни институти, имаме академија итн. Околу таа автохтоност на Албанците во Македонија постојат многу докази кои што најдиректно ја побиваат таа нивна теза. Јас не сакам сега да се впуштам во оценка за нивна автохтоност на Балканскиот полуостров или Јужна Италија итн. но на оваа територија на денешнава Македонија тврдам дека нема никаква врска со било каква нивна автохтоност. За тоа се повикувам и на пописите, на турските пописни тефтери во кои што има многу веродостојни податоци, за пописите од 1443 година, 1458 година, 1481 година, 1529 година, 1569 година итн. Овие податоци се во истамбулските во турските архиви и секој кој што сака да ги види му се достапни. Од тие податоци, од тие пописи многу јасно и недвосмислено се гледа дека на оваа територија на денешна Македонија немало ама баш ниту еден единствен албанец во тоа време.

Исто така, оттаму може да се види дека прва населба на населени албанци во Македонија е селото Штировица под Кораб и тоа кон крајот на 17-тиот век.

Други докази од кои што може да се види ова околу нивната автохтоност наводно претставуваат и грамотите од времето на Цар Душан кои што се наоѓаат во Хилендарскиот манастир...

СТОЈАН АНДОВ:

Ве опоменуваат да зборувате за амандманот.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Јас ве молам никој да не ме опоменува, сакам да си го кажам, бидејќи тоа што го имам, бидејќи ова е најважниот закон што треба да го донесе ова Собрание и ве молам господине претседател да не ме прекинувате во моето излагање. Бидејќи сум и еден од предлагачите на овој амандман.

СТОЈАН АНДОВ:

Тогаш образложете го амандманот.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Ова е се во функција на амандманот.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние имавме начелна расправа по законот, требаше да се јавите господине Пановски.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

И ова е начелна расправа.

СТОЈАН АНДОВ:

Не, ова е по амандманот.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Ова е расчистување на една многу суштинска работа зошто ако се усвои овој закон како што се нуди, тогаш ќе бидеме најдиректни соучесници со една политика што се водеше во последните 45 години, политика на менување на етничката карта на Македонија и тоа не само на овој дел на Македонија туку на сите поробени делови на Македонија, политика која датира уште во 1913 год.

која се спроведуваше во сите три дела на Македонија на окупираните делови, политика на денационализација и на присилни преселби на македонскиот народ. Значи, како што кажав друг доказ околу автохтоноста што овде цело време беше пласирана и во Уставната комисија претставуваат и грамотите од Хилендарскиот манастир, кој што можат да се најдат во оригинална верзија, а кои грамоти потекнуваат од времето на душановото царство. Тоа претставуваат еден вид законски повелби, кои што важеле во тоа време и во кои што грамоти се регулирала еден вид власта за време на Цар Душан, која што власт била поделена по манастирите и за секој манастир, за секоја област што ја зафаќал тој манастир со овие законски повелби се регулирал животот во тие области. Оттаму, недвосмислено се укажува дека не постоел ниту еден единствен албанец на оваа територија. Таму се нарекуваат Арбанаси и дури се дадени и за областа на Косово и Метохија и дури таму се дадени само неколку, одреден број на фамилии кои што ги имало таму. Додека во овој дел на Македонија воопшто ги немало, а дури со една грамота број 30 од која што е од тетовскиот манастир дури се забранува влегувањето на, како што пишуваат травничари, арбанаси и власи во областа на тој манастир. Што значи дека уште за време на Цар Душан е воочено менталитетот за експанзионизам и освојување на територии од оваа националност.

Исто така, како доказ може да ни послужи и енциклопедии во цел свет што ги има за таа нивна наводна автохтоност. Пример е и енциклопедијата Британика во која се дадени однсоно е дадена етногенезата на јазиците на овие простори од најстариот век, па до ден денешен и во кој што јасно се гледа, ова е една фотокопија (ја покажува фотокопијата), од енциклопедијата Британика, ја составувале најеминентни научници кои што нема причина да биле субјективни, бидејќи не се ниту македонци, ниту албанци во кои што се гледа јасно дека

македонскиот јазик е автохтон јазик на овие простори од најстариот век па преку средниот век до модерно време Албанскиот јазик нема ниту во најстариот век, ниту во средниот век. Единствено се појавува како модерен јазик и тоа во просториите на денешна Албанија и на Јужна Италија. Сметам дека не треба да се плашиме да донесеме порестриктивни мерки во врска со ова државјанство, бидејќи на тоа не упатуваат многу примери од светот, а најсвеж пример е и една Естонија која што донесе закон да од 1940 година, значи од времето на окупацијата од страна на Русија, сите доселеници дојдени во тој период се прогласени за странци. Не ми е јасно зошто ние се плашиме да кажеме јасно и гласно дека сме биле под окупација од страна на тие држави што ја поделија Македонија 1913 год., дека се водеше за цело време овде политика на денационализација, на вештачко населување со инородно население кое што дека е и многу битен фактот дека Македонија ниту беше прашана при формирањето на втора Југославија во тој прочуен АВНОЈ, немаше претставници од Македонија, дека во Македонија беше извршен државен удар во 1945 година, дека на првиот македонски претседател на Президиумот на АСНОМ му беше судено, дека во тој период од 1946 година до 1952 година беше искасапена цела македонска интелигенција, дека од периодот 1956 и 1959 год. со почетокот на егзодусот на турците од Македонија беше започнат периодот на диво населување на Македонија со инородно население, кое што диво населување трае и до ден денешен и на кое диво населување му кумуваа една огромна маса на македонци, вазали на белградскиот режим. Конечно, прогласувањето во 1963 година на Скопје за отворен град беше најдиректно во функција на ова диво населување на Македонија и менување на етничката карта на овој дел на Македонија.

Исто така тука беше изречена и една невистина од пратениците на ПДП Хамид Алиу, Насер Зибери и Мухамед Халили дека доколку се усвои овој закон како што се предлага со амандманите што се понудени од пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ, од Тодор Петров, од нас и уште од некои дека тоа најдирекно ќе ги тангира и македонците по потекло од Егејска Македонија дојдени во периодот од 1957 година па наваму. Тврдам дека тоа е лага, дека не е вистина, бидејќи сите македонци што, барем големиот дел, огромниот дел од нив што се дојдени овде од источните земји, а по потекло се од Егејска Македонија присилно се населени во функција на оваа политика на тие што ја поделија Македонија, Грција, Југославија, Србија и Бугарија, дека огромниот дел на Македонците по потекло од Егејска Македонија си бараа и си добија државјанство на Македонија. Ова е еден примерок од тие решенија во кое што многу убаво се вели дека се прима во државјанство на Социјалистичка Република Македонија или државјанство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. За тоа што господата кои што се населуваат диво во Македонија, ја спроведуваа државната политика на бившата СФРЈ, не сакаа да си побараат државјанство, тоа многу доволно кажува за тоа кои им беа намерите и во чија функција биле при нивното доселување овде и колку ја почитуваат и ја чувствуваат за своја оваа држава овде, Македонија.

Исто така, не треба да се плашиме да го усвоиме овој амандман овде што може како најсвеж пример да ни послужи третманот на Македонците во Хрватска, во Словенија, најверојатно и во Србија, не сум доволно запознат за таму, околу тоа кои рестриктивни закони ги донесоа овие бивши држави на СФРЈ и колку нашите Македонци имаат право да гласаат итн. Значи, после сите овие укажувања

сметам дека овој амандман не треба, туку мора да се изгласа ако веќе јавно сме се декларирале дека 15 години ќе биде таа граница. Инаку, јас сум цврсто убеден дека со сите тие работи што се случуваат дека со тие познати дискрециони права во Министерството за внатрешни работи, да не го лажеме народот, таа граница воопшто нема да биде 15 години, како што се пропагира во член 26 став 3 од овој закон, туку еден огромен дел, ако не сите, кои што не го фаќаат тој услов од член 26, став 3 ќе го добијат тоа македонско државјанство по овој член 7.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Овде се поставени две прашања, едно од Господинот Спироски. Јас морам да ви кажам, можеби инаку би минале преку тие прашања, меѓутоа ова е навистина важен закон. И со право луѓето што се во дилема околу поврзаноста на членот 7 и членот 26 треба доволно да се појаснат работите.

Второ, тука господинот Стојановски постави едно прашање околу ставот на Владата по членот 26 на 12 август и оттогаш промените кои настанале во ставот на министерот. Јас тоа така го сфатив.

Молам, дали вие мислите дека тоа односно тие две прашања можат да се расправат на пленарна седница или е потребно да направиме една пауза, па на комисиите да се разјаснат. Да се разбереме, комисиска расправа водиме.

Господинот Стојановски не сака туку-така да се расправа туку стенограмот да се земе па да се види овој што рекол, оној што рекол,  тоа е барањето, Ве молам.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Јас реков, моја мана е што не успеав да ве уверам за што разговараме денес овде, односно што јас појаснував. Сите претполагаат дека текстот што е предложен на законот да е тој, јас укажувам на една друга стварност, а тоа е дека на седницата од 12 август ова Собрание го прифати амандманот на Тодор Петров и членот 26, став 3 претрпе измена односно доби друга содржина. Содржината ја читав, да не ја повторувам, а сега овде ние расправаме како да е и понатаму на сила текстот што е предложен. На таа иста седница кога ние го усвоивме новиот текст министерот Фрчковски од оваа говорница кажа дека "јас на така усвоениот текст, користејќи се со одредбите од член 334 на Деловникот ставам амандман, кој амандман има содржина на изменетиот член." Сега ние говориме дека таму имаме државјанин на други републики, имаме од СФРЈ, имаме, имаме... меѓутоа имаме друг текст. Таму тие се прогласени за странци и сега смисолот на член 7 од 15 години има смисол апсолутен со 26 новата содржина што ја дал Петров. Тие имаат една целина.

XI/1.- СП/ЉР

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (продслжение)

Затоа сите се еднакви, меѓутоа, тоа што го коментира претседателот јас не барам да видиме што пишува таму, јас реков ако не е така да говориме по овој текст што сега го имаме во заблуда. Ве молам да се прими она што имаме текст од членот 7 со амандман да биде 15 години наместо 5 години. Имаме член 26 став 3 кој ги прогласува сите странци и сега амандман од Владата кој амандман е ист што е предложен во Законот. Времето не би не натерало да водиме сметка и така дојдовме во една заблуда да имаме друг текст пред себе. Затоа не барам да се расправа на комисии затоа што е расправано пред Собранието. Петров говореше дали ќе може усвоен текст на закон Владата да го изменува. За жал, дали може или не може, моето толкуваше е такво да предлагачот на Законот до неговото донесување може да предложи амандмани. Меѓуота, се поставува друго прашање што ќе биде ако се продолжи вака. Тој амандман да не беше на Владата Законот ќе минеше вака, но амандманот дојде , дојдовме да расправаме за целиот закон. Дали ова нема да биде, ако сега на Владата и дојде во глава па да предложи амандман  во завршните одредби, па пак да почнеме одново да расправаме за Законот. Затоа се говори за еден принцип на работа. Ако се усвои текстот на Собранието да се гласа за него, па ако некој има нешто спротивно нека се предлага измена и дополнвуање на законот. Тоа би било подобро и поефектно.

АЦО СПИРОСКИ:

Јас барав појаснување заради сите нас, меѓутоа, сметам дека во сета работа постои само еден одговор од едноставна причина и малку кога логично би се посматрале работите не може да има

двоење помеѓу државјанин на поранешната СФРЈ и странците. Во која смисла? Во членот 26 токму се ограничуваат правата на тие државјани на СФРЈ во однос на членот 7 и таму децидно стои. За нас тука е споредно и нејасно што на пример ако под странци третираме се што граничи надвор со СФРЈ, тогаш ако се поставуваше прашањето за еден Маѓар или Русин воопшто немаше да има дилема да се изгласа 5 години. Се знае точно каде е проблемот и инсистирањето овој проблем е да се разреши. Мора јасно и децидно овие норми што се во Законот да се стават пред нас пратениците без алтернативни решенија, бидејќи тие носат многу забуни, тоа беше карактеристика на поранешниот систем една одредба да се толкува на повеќе начини, а ми се чини дека барем во овие работи основните системските работи јасно да бидат псотавени работите за да очекуваните проблеми кои ќе настанат инаку ако се оди крајно во суштина и она што се инсистира 15 години и некој што мисли дека тоа ќе биде голема последица, ми се чини дека нема да има голема последица, освен во временскиот размах со тоа што сепак ние мора да признаеме дека дискутираме за Законот за државјанство, што подразбира дека и оние што не се македонци сакале или не со овој Закон ќе станат македонци односно ќе се изјаснуваат легитимно како државјани македонци, а како националност можат нормално да се кажуваат она што се. Ми се чини тоа се последиците.

Она што сакам да упатам е тоа дека сепак треба малку посериозно да гледаме на работите и еднаш за секогаш да се договориме дека оваа држава мора да се гараи, мора овие закони да се носат што побргу од причина што веќе можеме да го користиме искуството на поранешнтие републики кои тоа веднаш го сторија си ја заокружија државноста, има толку натрупани проблеми и штрајкови, а ова се стражна кочница за една добра организација. Ете во тие

републики размислуваат за конвернтибила? а за нас е прашање кое уште не е влезено во малиот мозок па навистина треба да се најдат начини и форми еднаш да го решиме ова прашање, да ги донесеме овие закони и оваа држава треба да тргне како што треба.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Иако беа кажани некои квалификативи за техничарите и нивното разбирање на правото сепак изгледа дека најголемите проблеми настануваат поради недоразбирањето помеѓу правниците. Ние повторно како да навлегуваме во еден ќор сокак независно од тоа што навистина сите имаме и желба и одговорност конечно овие системски закони толку важни за заокружување на државно правниот статус на државата да завршат, меѓутоа, сите во денешниот пристап имаме најмалку два различни приоди. Едните кога дискутираат за член 7 на кој моментално стоиме, дискусиите околу одредбите на тој член ги темелат на сознанието дека во членот 26 став 3 текстот е оној што се прифати на една од продолжението на 41-та седница амандманот на г-динот Тодор Петров во кој е кажано дека по донесвуањето на овој закон сите граѓани од бившите југословенски републики постануваат странци. Другите кога излегуваат на оваа говорница дискутираат за одредбите на членот 7 врз база на текстот од амандманот кој на истиот тој член 26 на ставот 23 го поднесе минситерот за внатрешни работи. Јас сум еден од тие заради тоа што како техничар не знаејќи право слушам што е досега правено во овој Парламент и што е пракса досегашна, а досегашната пракса се темели на некој член, а дали е тоа членот 334 од Деловникот за работа на Собранието каде е кажано дека се додека Законот не се изгласа независно од тоа дали се дискутира последниот член сеуште можат да се поднесуваат амандмани. Притоа

амандмани може да поднесува и Владата, меѓутоа Владата како предлагач на Законот ако поднесе амандман тој амандман станува составен дел на текстот на Законот. Јас тоа го знам.  Ако е така кога зборуваме, барем тие како мене, за композицијата на членот 7 секогаш тргнуваме од постапката дека членот 26 став 3 е онаков каков што министерот за внатрешни работи со амандманог го предложи. Другите за членот 7 зборуваат онака како што членот 26 став 3 произлезе од амандманот на г-динот Петров. Каква е сега ситуацијата за да не се најдеме во ќорсокак. Јас знам дека се она што Собранието го носи како закон има право самото да го толкува или тоа право изворно да му го пренесе на претседателот на Парламентот и колку што знам, иако не го знам точно членот од Деловникот, само, претседателот на Собранието врз база на тоа пренесено право има право да го толкува Деловникот. Ако може претседателот на Собранието да протолкува дека во тек на донесување на закон додека не е завршена постапката Владата има право стално да излегува со амандмани и тие да станвуаат составен дел на текстот на Законот, тогаш е сосема јасно зошто едните за членот 7 расправаме така. Ако претседателто на Собранието не може да даде такво толкување втората варијанта е самото Собрание да си го земе правото да го протолкува Деловникот дали амандманот на минситерот за внатрешни работи е составен дел на Законот. Ако и тоа не може, тогаш нека седнат правниците од ова Собрание да не извлечат од овој ќорсокак.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: . .

Јас не знам дали ова ни треба или сакаме да ни треба. Ако ни треба, ќе гласаме. Ако сакаме да ни треба нема да гласаме.

Зошто? Законот се предлага, Собранието го усвојува, оди член по член. Она што ќе го утврди Собранието по Деловникот дадено само на предлагачот на така утврден текст на Законот се поднесе амандман. Тој амандман треба да влезе во процедура и за него треба да расправа Собранието. Дозволете само една работа. Што ќе биде, кој сака нека го толкува, ако Собранието изгласа вака. Предлагач сум јас нека биде пак Владата, не вие тоа што го изгласавте не е така, јас ви давам амандман, јас сум законодавец. Каде е разликата помегу законодавното тело и извршната власт. Предлагачот има право да предложи, а не и да му наложува на Собранието. Сега на тој текст што го усвоило Собранието му дава право Деловникот само на предлагачот, а не и на другите можни предлагачи, само на него тој да се појави со амандман. Тогаш за него ќе се расправа како за сите амандмани.

Видете што. Некому не му оди во прилог и на министерот нема да му оди во прилог сигурно, а ако не биде така ќе треба да оди на гласање и затоа реков ако сакаме и ако ни треба. Ако ни треба еве ќе направиме со гласање да здоволиме. А зошто сега ни е ова. Треба да дојде до таму, ние имаме текст на тој закон. Видете зошто, каква е логиката. Ако г-динот министер не ставеше амандман дали Законот ќе влезеше на гласање? Да. Остана само тој член друго ништо се усвои и тој дојдовме на членот 28 и тука се прекина. Тогаш минситерот се јави, јас за тоа ги барам стенограмите да се прочитаат во кој момент и кога тој вршел интервенција. Во тие случаеви ве молам ние имаме два текста едниот е предлог, а другиот е утврден текст. Ако сакаме да го менуваме зошто го вика амандман, на кого? Сега мора да се бара од некого да се согласи, ако бараме согласност од Владата, тогаш Владата сама на себе ќе биде законодавна власт, а Амандманот се поднесува до Собранието, а Собранието утврдува текст на закон. Нека биде така, а ако не е дајте го Деловникот ќе го прочитаме.

XI/6.-

СТОЈАН АНДОВ:

Ова е мајсторство да се збркаат работите.

За збор се јави Михаил Пановски.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Јас мислам дека влегуваме во една опасна замка да почнеме да се расправаме околу овие правни заврзлами. Тука пости конкретен амандман, се дискутира, може да се дискутира уште ако некој сака и нека се гласа и да одиме понатаму. Постои Предлог на закон, кога ќе ги обработиме,сите амандмани одиме на гласање и готово. Што сега да навлегуваме дали било вака или онака. Дајте да работиме конструктивно затоа што влегуваме во една опасна замка да почнеме со овие правни еквилибристики и воопшти да не ја завшриме работата што сите од нас ја очекуваат.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВКСИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас се согласувам со претходниот дискутант изгледа навлегуваме во деловнички непотребни замки, но претседателот на ЗПК или задоцни, или не е нешто во ред. Овој проблем што го наметнуваат сега наново да го отвораме, тој беше расчистен во почетокот на седницата согласно членот 105 претседателот односно комисиајта за деловнички односи даде објаснување и крајниот арбитар Собранието со гласање без претрес одлучи и тоа е веќе расчистено и да продолжиме конкретно по материјалната расправа по Законот.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Го почитувам Гештаковски само толкувањето на деловничката комисија е дали ќе може, таму е стенограмот, дали ќе може на изгласан текст во Собранието некој да поднесува амандман или не.

Тоа беше барањето на господинот Петров на Деловничката комисија за толкување на Дсловникот одлучувала, а не дали тој текст или не. Немјоте така колега.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако допуштите можеме да ја намалиме целата оваа гужва. Ве молам, сега ние расправаме по текстот на Предлогот на закон. Се додека не донесеме закон , додека не констатирам јас или тој претседава овде, деке усвоен Законот дотогаш текстот што е на расправа е предлог на закон. Како предлог на закон ништо не е усвоено. Може да биде усвоен амандман, но влегува во Предлогот на законот. Тоа е сеуште предлог на закон. Може на усвоен амандман Владата да даде друг предлог на амандман со тоа станува составен дел или било кој предлагач, или составен дел на предлогот. Ве молам, сеуште е предлог, ништо не сме усвоиле.

ТОМИСАЛВ СТОЈАНОВСКИ:

Тогаш што сме усвоиле.

СТОЈАН АНДОВ:

Не е усвоен, туку амандманот е уврстен во предлогот. Усвојвуањето на амандманот само значи дека станува составен дел на предлогот.

ТОМСИЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Но не сме гласале за тоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Само за тоа сме гласале, а Владата дали дава амандмани на амандманите или не зависи од нејзината проценка дали Законот ќе ги помине кога одиме на гласање по Законот. Само тоа е ништо друго инаку дотогаш амандмани се даваат, се додека предлогот е

во претрес односно, Предлогот на законот е во претрес се даваат амандмани.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Да не одиме на ова ќе го повикам г-динот министер од своја уста да каже на што стави амандман. Не сакам од вас претседателе.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Непотребно навлеговме во дискусија и непотребно се искомплицира работата во овој случај потполно е јасно дека предлагачот било кој во овој случај Владата до крајот на расправата може да поднесува амандмани. Незгодната работа за вас г-дине Стојановски е тоа што кога предлагачот предлага амандмани тие истовремено стануваат составен дел од текстот и за нив не се гласа посебно, како и амандманите на другите кои не се предлагачи. Затоа излезе амандманот кој претходно беше усвоен од Собранието се бајпасира односно се измени само со писмен предлог на Владата кој стана составен дел на текстот. Сега расправаме за старото решение на Законот или за усвоениот писмен нов амандман на Владата. За тоа расправаме сега, а не знам дали ќе се согласиме или не.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Г-дине министре, кој е законодавен на власт Владата или Парламентот?

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Не сме го донеле Законот, тој е уште предлог.

XI/9.-

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дозволете, се до донесувањето на законот да има да поднесува ва амандман, а некој мора да одлучува и вие немате составен дел вие треба да му го одземете правото на Собранието ако одлучува поинаку, затоа велам амандман да поднесете. Собранието со гласање овде го измени текстот на законот, за тој член гласаше затоа што дозволете, гласаше за амандман и се произнесе со гласање и затоа сега оди амандман на готов текст, а не на Законт.

XII/1 сј/вц

СТОЈАН АНДОВ;

Има збор господин Крстевски.

Многу ми е жал убаво ви објаснив. Усвоен е закон само кога законот е донесен и нема расправа по него тогаш. Тогаш може само со дополни и измени или не знам што на законот. Дотогаш амандмани колку сакаш.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Јас во однос на оваа работа ќе си дадам лично мислење кое сметам е издржано. Во однос на Владата што доставува амандман мислам тоа е во постапка на предлагање, во постапка точно, во постапка се додека се предлага доколку достави Владата амандман тој си останува на нивниот предлог ако е Владата предлагач. Овде е сосема поинаква ситуацијата. Амандманот на Тодор Петров е усвоен, а Собранието постапува во понова фаза од Владата. Владата едноставно е само предлагач. Ние веќе тој амандман го имаме усвоено и неможе со нов амандман под претпоставка да има можност Владата да доставува неможе автоматски да го измени текстот на усвоениот, тогаш веќе ја зема улогата што вели Томе, на Собрание. Тој е посебен амандман и посебно треба да влезе во процедура, а не директно да го измени текстот. Тоа ние што сме го усвоиле неможе да не корегира Владата, а ние сме точно овластени да ја корегираме Владата. Тука тој амандман на Владата, посебно како предлог треба да се усвојува.

Друго што се цитира извештајот на Комисијата за деловник тој е само поделен само меѓу пратениците а не е усвоен што Гештаковски го смета како конечна ситуација. Тој ја предлага таа да се разреши оваа ситуација. Меѓутоа тоа не е усвоено, сметам предлогот, амандманот на Владата не е составен дел на текстот. Да се спроведе посебна постапка, за него да се изјаснуваме.

XII/2

СТОЈАН АНДОВ:

Морам да кажам многу ми е непријатно за госаподата правници овде (некои од пратениците велат дека тие разјаснуваат) не разјаснуваат они, повеќе збркуваат. Многу неточни работи се изнесоа. (некој од пратениците бара збор процедурално) Гештаковски бараше збор, и ова е процедурално. Се ова е процедурално. Ја изменивте целата состојба овде, направивте........ (реакција на пратениците во салата) сите заедно, сите заедно.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

И мене ми е жал, ама изгледа ние сите забораваме што работевме овде пред два три сати. Предлагачот кој го покрена спорот, деловничкиот спор, самиот предложи да се реши по член 105. Предлагачот пратеникот Тодор Петров, претседателот постапи по самиот предлог и тоа е деловничкиот спор, едино без претрес така се расчистува и гласаме не за извештајот. Собранието одлучи за деловничкиот спор за ова прашање сега што се наметнува и тоа е расчистено и никој не може да го измени. Тоа е чисто. А другото што се однесува изгледа одредени пратеници и претседателот кажа, не го читаат деловникот. Деловникот доколу се чита е многу јасен и гласен. Член 334 не знам какво толкување произлегува од него, подносителот на предлогот на закон може да поднесува амандмани се до заклучување на претресот по предлог на законот. Претресот по предлог на законот не беше завршен, не беше заклучен и цело време можеше да се поднесуваат амандмани.

Инаку по другото недоразбирање од страна на претседателот на Законодавно-правната комисија кој вика амандман, став 4, амандман на подносителот на предлогот на закон и амандман со кој тој се согласи се сметаат за составен дел на законот и тоа е многу чисто

и како е од **?????????** амандман да има третман со однос на друг предлагач и сметам дека самиот покренувач, да повторам јас деловничкиот спор од член 105 е расчистен и сега повторно тоа е пратеникот Тодор Петров, кој Собранието одлучи и нема што повеќе да се расправа.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Стојановски, ве викаат вас, не од таму ве молам, немојте, немојте од таму дојдете овде на говорница.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Прашувам отворено што станува со амандманот што ова Собрание на Петров го усвои, што станува со него? Дали Владата има такви ингеренции односно предлагачот на закон да ги одбива'ѓгие, да ги ништи апсолутно. Ако има негде тоа, дајте да го видиме каде

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, ако може да појаснам многу да не се расправаме. Владата нема можност да дава две категории амандмани. Сите владини амандмани имаат иста вредност, процедурална, деловничка, во колку е таа предлагач и не само Владата како предлагач и било кој предлагач било кој, пратеник ако предлага, после кога дава амандман тоа е составен дел на основното решение на основниот предлог и тоа никој не може да го земе без оглед што менува со тоа. Без оглед на тоа што се менува, што е предметот на амандманот.

Втора работа, предлагачот ако прифати туѓ амандман, на било кој друг тоа е составен дел на предлогот, нема гласање, не се гласа, се гласа за целината на законот, не се гласа по амандманот. Мене ми е чудно како тоа не му е јасно на господин Стојановски.

XII/4

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Во име на седумте пратеници предлагачи на амандманот за кој што беше на дискусија протестирам до вас претседателе што дозволивте да се разводни дискусијата за овие непотребни работи. Заседаваше деловничката комисија во врска со овој случај, донесе некои заклучоци како што донесе и сега ние овде седум пратеника кои што го предложивме овој амандман за цело време се работеше амандмански, се чувствуваме оштетени што цела дискусија околу нашиот амандман е свртена во сосема друг непотребен правец. Ве молам да ја прекинете оваа дискусија и да се продолжи дискусијата по нашиот амандман и да се гласа.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, јас не покренав процедурален спор, тој мора да заврши и да можеме да се вратиме на амандманот, се разбира. Дали е завршен спорот процедурален, ве молам. Не е, еве ги се јавуваат госпоѓа Лазаревска, па господин Јакимовски.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Морам да кажам неколку збора дека оваа истава ситуација се повтори и кога имаше амандман врз усвоен амандман при изгласувањето на Уставот. Оваа ситуација ќе се повторува се дотогаш додека на некого не му одговара она што се изгласало во Собранието. И Владата има право навистина да поднесе свој амандман, ама Владата има и морална обврска спрема ова собрание затоа што неможе да се оди до недоглед изгласан амандман, па амандман на амандманот, па изгласан амандман па амандман на амандманот. Се работи за една морална обврска на Владата према ова собрание. Јас ве молам, вакви дискусии сигурно ќе имаме и понатаму затоа што пак на некого пак некој друг изгласан амандман нема да му се допадне. Можеби беше почестен не Владата него некој пратеник да го дадеше тој амандман. Ве молам да се вратиме

на амандманот кој што е предложен на членот 7 од предложениот закон.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Почитувани пратеници, мислам дека е ова една хипотетичка ситуација до апсурд и натаму ми се чини е непотребно било какво разгледување на било какви амандмани бидејќи секој евентуално усвоен амандман може да се очекува дека Владата ќе поднесе амандман да остане стариот текст и веројатно ќе треба да се разреши овој спор поинаку. Предлагам директно да поминеме дури на усвојување на законот. Тешко е дека нешто ќе може да се измени и доколку Собранието предложи амандман, го усвои Владата со свој амандман ќе го поништи тој амандман и ете веќе се испостави дека ја има таа можност.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Морам дополнително да се произнесам, обврска на комисијата за деловнички прашања е дали да одговори на прашањето дали Владата по усвоен амандман има право и понатаму да достави амандман. Ставот е до усвојување на законот дека има право да поднесе амандман, а судбината ќе се решава тука. Да не ги мешаме брзините, Гештаковски што кажува друго. Исто велам категорично усвоен е амандманот под претпоставка до конечна постапка на законот текстот гласи по усвоениот амандман од Собранието. Од Собранието нема повисок орган во Македонија, не република, обично Македонија се вика не само република, ќе мислиме од поранешен состав. Сметам во посебна постапка, инаку во спротивност со оваа варијанта јас сметам дека сосема се замаглува работата. Ние ќе ги усвоиме овие амандмани до половина закон, во Владата ќе одат и ќе прекуцаат нивни амандмани, ќе ни го доставаат и ние ако не се известиме не знаеме што сме усвоиле. Категорично оваа фаза е усвоен тој амандман, по тој текст треба да го усвоиме.

Да се дозволи евентуално нов амандман, но за нас текстот е познат однапред и се наслонуваме на она што сме го усвоиле предходно и дури сами себе се негираме. Затоа постапката почнува од предлагач па завршува во Собрание.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас не сакав да се јавувам, мислам има многу дискусии непотребни исто да кажам да ги поддржам оние што непотребно кажуваат дека се расправа за оваа проблематика затоа што прашањето се расчисти во врска со интервенција на господин Тошо Петров процедурално (Тодор Петров од место интервенира дека треба да направи фонетска промена на името дека тој е Тодор) еве интервенира не сака името да му се менува на Тодор Петров.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, немојте бидете коректни.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Затоа што бараше интервенција на надлежно тело, тука. Надлежно тело се искажа по тоа прашање, исто така се искажа и Собранието со гласање. Проблемот е во тоа што Владата интервенираше со амандман во моментот кога Собранието усвои амандман на господин Тошо Петров, пардон Тодор Петров и го искористи своето деловничко право Владата, предлагачот и интевенираше. Овде Собранието денес кога се изјаснуваше по однос на мислењето на комисијата за деловнички прашања исто така Собранието се изјасни, практично го искористи своето право Собранието да го цитира мислењето на Комисијата за деловнички прашања. Тоа значи дека ова исто Собрание и во постапка кога би биле завршени целокупната процедура и би бил усвоен законот утре на предлог на овластен предлагач може да донесе сосема спротивен закон од тоа што гласал денес со закон. Тоа се случи денес со гласањето на Собранието по однос на заклучокот на комисијата за деловнички прашања. Тоа што на некому, на дел од залагања овде на пратеници

не му се допаѓало првиот резултат од гласањето на господинот Тодор Петров на амандманот за Тошо Петров, Тодор Петров.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам бидете коректни во ословувањето на луѓето.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не е намерно. Мислам и второ што на некој не му се допаѓа резултатот од денешното изгласување на Собранието е прашање на вкус. Но, дека е во согласност со деловникот и дека ова тело овде како Собрание не највисок туку единствен законодавен орган може да носи одлуки такви какви што носи согласно деловникот треба ова собрание да ги почитува. Во тоа е целата смисла на оваа зарвзлама што несакаме да ја признаеме дека се случуваше онака како што се случуваше пред наши очи. И мислам дека проблемот е апсолвиран и не треба да се навлегува во понатамошна расправа по ова прашање затоа што на некој начин може да значи и опструкција во понатамошната работа по однос на донесување на законот.

БОРКО ЃОРЧЕВСКИ:

Господо, нема да се задржувам многу, во правните работи нема да се мешам, доста беа искажани несогласувања помеѓу пратениците и сега никој не знае во кого да верува, но само едно знам дека со изгласување на овој закон ја решаваме судбината на македонскиот народ кој опстојувал со векови овде на овие простори. И затоа има расправии.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Ѓорчевски, ве молам ако не зборувате процедурално дајте ќе ви дадам ред како бива по ова да прекинете тогаш.

ЃОРЧЕВСКИ:

Јас сум да прекинеме со тоа, да одиме и на гласа^зе.

СТОЈАН АНДОВ:

Не може некој по амандманот уште сака нешто да каже.

Амандманот ни е во расправа, немојте така.

БОРКО ЃОРЧЕВСКИ:

Дозволете, многу ретко излегувам, многу малку се задржувам и не сакам да ме прекинувате.

СТОЈАН АНДОВ:

Е па видите ќе излезете по тоа што треба да зборувате.

БОРКО ЃОРЧЕВСКИ:

Не она што ќе зборнеш, што ви тежи односно што ви жежи го прекинувате човека.

СТОЈАН АНДОВ:

Не, не, или зборувајте процедурално, објаснете што мислите за процедуралниот спор.

БОРКО ЃОРЧЕВСКИ:

Јас мислам дека ја решаваме судбината на македонскиот народ, дали да опстане понатаму на овие простори или не.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа нема врска со процедурата.

БОРКО ЃОРЧЕВСКИ:

Има, ако го дотераме на 15 години Македонија ќе ја уништиме.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро. Ајде сега оди.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани пратеници, јас го држам за збор господинот Наќе Стојановски тој е добар правник кој самиот овде кажа пред малку дека ова Собрание, тие одлуки што ги донело треба да ги почитува што значи ова Собрание побара по залагање на господинот Тодор Петров објаснувањге од комисијата за деловнички прашања да ни се објасни процедурата дали министерството односно Владата има право да поднесе на утврден текст на член на закон, дали има право да поднесе амандман.

Деловничката комисија се одредии дека има право и ние го изгласавме, овде го потврдивме. Меѓутоа, ова исто Соибрание утврди текст на членот 26 и таа одлука ова Собрание треба да ја почитува, а Владата поднесува на утврден текст амандман. Во тоа се остои целата заврзлама. Јас мислам господинот Наќе Стојановски, на тој начин го стватив дека е така. Што значи ние го утврдивме текстот, си ја почитуваме одлуката и тој текст понатака преставува текст на член 26 на законот, а Владата поднесува амандман. Целото решение е тука.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас кажав тоа што кажав. Веројатно господинот Стоиле слушна тоа што му одговара од тоа што го кажа овде, така го разбрав. И повеќе немам намера да станувам ни по ова прашање мислам ни по расправијата. Стојам повторно на ставот дека тоа треба да се продолжи со работа.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитувани пратеници, ајде да се слушаме нели, (затоа што пратениците зборуваат меѓу себе) макар да јас не сум да воспоставувам ред туку претседателот. Видете, проблемот се јави кога ние расправавме по членот седум на кој е даден амандман од група пратеници. Оние кои што претседателот Андов ги искористи што од едно невнимание што побараа некакво си објаснување беше повод за оваа расправа се со цел да се прекине седницата. Оттука и господинот Стојановски излезе и господинот Спировски објаснија она што требаше некој да им објасни, па оттука произлегува дека треба да продолжи расправата точно по членот 7 по амандманот од потписниците, од подносителите на амандманот на членот 7. Ние вештачки го уфрламе членот 26 ставот 3, кога ќе дојдеме таму ќе се договориме во смисла на она што се кажа и јас сега да не го злоупотребувам ќе го кажам своето мислење кога ќе дојдеме токму на членот 26 став 3, а сега треба да продолжиме по амандманот што е поднесен на членот 7 и така треба да заврши оваа расправа мислам сега.

XIII/1/CC/ЛJ

СТОЈАН АНДОВ:

Сакам да укажам дека кога некој покренува процедурален спор, моја задача е да добие збор за таа работа во сред расправа. Тоа е деловничка обврска на претседателот и секој кој ќе претседава овде има така да постапи. А, дали некој едно намеравал или друго, тоа е негово прашање, вие видете се, прашајте се таму, договорете се ке правите ли така или нема да правите така. Инаку, ако нема за таа процедурална расправа...
(од присутните во салата се слуша дека нема)

Ако нема тогаш одиме натаму по амандманот.
Дали некој бара збор по амандманот поднесен од групата пратеници? (Не бара).
Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака? (41)
Молам, кој е против амандманот нека крене рака(40).
Дали има воздржани (Никој).
Молам да се изброи колку пратеници се присутни во салата.(во салата настана жагор во смисла на негодување).
Молам, мораме да утврдиме колку се присутни во салата. Не знаеме дали минал амандманот. Треба прво да видиме колку има присутни во салата. Амандманот ќе помине кога јас ке констатирам. Само тогаш.

Информиран сум дек во салата се присутни 84 пратеници. Значи, двајца не гласале. Од 84 присутни пратеници, ако 41 гласале за амандманот тој број не е доволен. Јас молам да ја констатирам вистинската сосотјба. За да помине амандманот треба да има 43 гласа а не 41.

XIII/2.-

Збор побара господиииот Пансвски.

МИХАИЛО ПАНОВСКИ:

Доколку не е поминат амандманот, тогаш барам поединечно да се гласа и тоа не со цел дека не верувам во броењето, бидејќи јас никогаш не верувам во броењето, очигледно тука бидејќи гледам дека нон стоп се манипулира со броењето, не се сака да се воведе електронско гласање, барам поединечно гласање со оглед на тоа што, доколку не се усвои овој амандман дозволуваме за 5 години престој да им се дава државјанство и да се види со име и со презиме кои се тие што ке го гласаат тоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е недопусливо што го правите господине Пановски кога одим на гласање. Тоа е недопустливо. Тоа е против секоја демократија. Тоа не смеам јас да го допуштам, такви испади. Тоа е испад.

Имаше барање за поединечно гласање.

Дали има поддршка од 10 пратеници?

(Присутните пратеници од редот на ВМРО-ДПМНЕ и независните кандидати креваат рака за поддршка на поединечното гласање.)

Очигледно дека има поддршка на повеќе од 10 пратеници.

Господинот Петров сака да каже нешто процедурално.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Право е, меѓу другите пратеници, според Деловникот, како што секој може да се посомнева во резултатите од гласањето така и претседателот тоа да го констатира и да се сомнева и самиот тој и да бара поименично гласање. Меѓутоа, нека претседателот биде принципиелен и кога за секој амандман се гласа бара колку се за, колку се против колку се воздржани и на крајот, уште еднаш да побара службите да ги пребројат колку се присутни после секое гласање, за да биде принципиеле според Деловнкот до крај. Има право да си ја брани коалицијата,

како претседател на партија  како коалиционен партнер меѓутоа вака да го манипулира парламентот, не.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, господинот Петров, може да мисли што сака за коалицијата и за мене лично. Меѓутоа, морам да објаснам како се гласа.

Ако се покаже дека 41 се само, а 40 се другите кои се против, јас морам да проверам кога е за еден глас морам да се сомневам и да утврдам колку се присутни. Ако се 35, нема гласање натаму. Затоа  штоосновниот уставен минимум, цензус не е задоволен. Затоа и на овој начин постапувам.

Господинот Петров повеќе има намера да сее сомневање во постпаките овде отколку што има доказ за тоа. Се разбира, нема никаков доказ. Секогаш кога гласаме има право да покрене. Тој е пратеник како и сите вие, да бара поединечно гласање, тогаш ќе се утврди. Затоа мислам, ваквите сомневања како тој што ги изнесува можат многу да наштетат бидејќи ние донесуваме разни одлуки. Не ги проверува на време туку после општо заклучува.

Ве молам да одиме понатаму. Одиме на поединечно гласање. (Од поедини пратениц има разни дофрлувања).

Ова е Сораниска сала и Собраниска седница. Држете се за редот на седницата. Ве молам, ве молам, слободни извикувања надвор од седницата.

(Дофрлувањата од поедините пратеници продолжуваат и понатаму)

Повелете надвор, кој сака, нека вика како сака.

Молам тишина, господинот заменик секретар не ќе може да слушне како се изјаснувате.

Му давам збор на господинот заменик секретар, Тодоровски.

XIII/4.-

ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:

1. ФАИК АБДИ (против)
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА (не е тука)
3. ХАМИД АЛИУ (не е тука)
4. ЕШРЕФ АЛИЈУ (не е тука)
5. СТОЈАН АНДОВ (против)
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ (за)
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ (за)
8. ТИМЕ АНДОНОВ (против)
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ (за)
10. ДУШКО АРСОВСКИ (против)
11. ДРАГИ АРСОВ (за)
12. БРАНКО АРСОВСКИ (воздржан)
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ (за)
14. ЈОРДАН БОШКОВ (за)
15.ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ (против)
16. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ(против)
17. ПЕТАР ГОШЕВ (за)
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ (за)
19. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ (за)
20. САНДЕ ДАВЧЕВ (против)
21. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ (против)
22. ТОДОР ДИМОВ (против)
23. ДОСТА ДИМОВСКА (за)
24. РАТКА ДИМИТРОВА (за)
25. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ (против)
26. БОРКО ЃОРЃЕСКИ (за)
27. ДУШКО ЃОРЃЕСКИ (не е тука)
28. ЗУДИ ЕМИНИ (не е тука)
29. ЈОРДАН ЗАФИРОВ (против)
30. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ (за)
31. НАСЕР ЗИБЕРИ (не е тука)
32. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ (против)

33. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ (против)
34. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ (за)
35. СИМЕОН ИВАНОВСКИ (не е тука)
36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ (не е тука)
37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ (воздржан)
38. ИВАН ИВАНОВ (против)
39. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ (за)
40. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ (за)
41. РИСТО ЈОВАНОВ (за)
42. ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА (за)
43. РИСТО КЕЛЕШОВ (не е тука)
44. ТАШКО КИРОВ (за)
45. ЗОРАН КИТЕВ (не е тука)
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ (за)
47. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ (за)
48. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ (против)
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ (воздржан)
50. НИКОЛА КРСТЕСКИ (за)
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА (за)
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ (за)
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ (за)
54. ФЛОРЕ МАСЛКОВСКИ (против)
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ (против)
56. ЕФТИМ МАНЕВ (за)
57. СТРАШО МИЛКОВСКИ (против)
58. ПАНЧО МИНОВ (не е тука)
59. МАРИН МИЛЕНКОСКИ (против)
60. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ (не е тука)
61. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ (за)
62. ВАНЧО МЛАДЕНОВ (против)
63. ЏЕЛАДИН МУРАТИ (не е тука)
64. АВДИ МУРТЕЗАНИ (не е тука)
65. НАИФ МУСТАФА (не е тука)
66. СИМОН НАУМОВСКИ (не е тука)
67. ПАНЧЕ НАСЕВ (не е тука)
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ (воздржан)
69. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ (за)

70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ (против)
71. ЈОВАН НИКОЛОВ (против)
72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ (против)
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ (за)
74. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ (за)
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ (против)
76. ТОДОР ПЕТРОВ (за)
77. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ (не е тука)
78. ДИМИТАР ПОПОВСКИ (воздржан)
79. КИРО ПОПОВСКИ (против)
80. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ (против)
81. ШАБАН ПРЕВАЛА (не е тука)
82. ИСМЕТ РАМАДАНИ (не е тука)
83. БОЖО РАЈЧЕВСКИ (против)
84. ИВАН РАМБАБОВ (против)
85. НЕИМ СЕЛМАНИ (не е тука)
86. ФЕРИД САДИКУ (не е тука)
87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ (воздржан)
88. АЦО СПИРОСКИ (за)
89. РИСТО СТАНКОВСКИ (против)
90. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ (против)
91. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА (против)
92. НИКОЛАСТОЈАНОВСКИ(против
.СТОИЛЕ СТОЈКОВ (за)
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ (за)
95. РИСТО СТАМЕНОВ (не е тука)
96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ (за)
97. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (не е тука)
98. ЏЕЛИЛ ТАИРИ (не е тука)
99. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ (за)
100 ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ (за)
101 БЛАГОЈ ТОШЕВ (за)
102 ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ (против)
103 ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ (за)
104 ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ (за)
105 ДУШАН ТРПЧЕВСКИ (за)

106 АГИМ ФАЗЛИУ (не е тука)

107 АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ (за)

108 БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ (воздржан)

109 АБДУРАХМАН ХАЛИТИ (не е тука

110 СЕФЕДИН ХАРУНИ (не е тука

111 МУХАМЕТ ХАЛИЛИ (не е тука

112 СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ (против

113 НЕЏАТИ ЏАФЕРИ (не е тука

114 АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ (против)

115 ВЕБИ ЏЕМАИЛИ (не е тука)

116 БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ (за)

117 ХИСНИ ШАКИРИ (не е тука

СТОЈАН АНДОВ:

Да констатираме дека за амандамнот гласале 85 прсутни.
За амамндманот гласале 43, 34 против и 8 воздржани, што значи дека Амандманот е усвоен.

Одиме понатаму.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние имаме доставено амандман на членот 7 од господинот Кирил Ковачевски.

Дали господинот Кирил Ковачевски го повлекува амандманот?

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Го повлекувам.

СТОЈАН АНДОВ:

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 за бришење на точката 3 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор?

ДРАГИ АРСОВ:

Навистина јас сакав да биде присутен министерот во врска со овој амандман затоа што сакам да му упатам едно прашање.

Бидејќи со овој амандман во членот 7 став 1 во точката 3 предлагам да се брише за лицето кое бара државјанство по основ на престој во Република Македонија да има обезбедено стан. Тоа е во првиот дел на точката и понатаму стои - постојан извор на средства за живеење и тн.,

Сметам дека овој услов не е рамноправен услов со другите затоа што лицето кое врз овој услов бара државјанство може да биде и надвор од Републиката, да има стан овде и поради таа ситуација тој не може да ги задоволи критериумите што се однесуваат на член 7, лицето кога бара државјанство да се повикува на начелото за престој односно да престојува и да бара врз основот на престојувалиштето државјанство.

Исто така овој услов не го сметам за рамноправен во однос на другите затоа што е во спротивност и со Уставот затоа што

во Уставот на Република Македонија во член 31 стои дека странците обеабедуваат право на ссслственост врз основа на законот, а бидејќи тој закон не е ни донесен па по тој основ лицето кое бара државјанство не може да го исполни овој критериум да има обезбеден стан кога тоа уште со Уставот нема остварено право на сопственост во Република Македонија. Од тие причини барам овој дел од точката 3 да се брише затоа што со претходниот амандман кога предлагав другиот дел од оваа точка да се инкорпорира во претходниот амандман, не беше прифатено. Затоа инсистирам само на овој дел од точката.
(Со седницата продолжи да раководи Тито Петковски).

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор? (Никој). —

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака, (23).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1 за бришење на точка 3 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 за додавање точка 8 поднесен од пратеникот Тодор Петров. Молам, кој бара збор?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Во членот 7 кој се однесува за добивање статус државјанин на Република Македонија на странец, покрај условите наведени во седум точки, една што ја прифати исто така во претходната постапка ова Собрание, предлагам да се додаде и една нова точка како услов за стекнување на државјанство кое се состои во следното:

XIV/3.-

Предлагам странец кој бара прием за државјанство на Република Македонија покрај условите кои претходно ги дискутиравме, мора да даде и изјава дека ја прифаќа припадноста на македонската нација. Еве во што се состои суштината на овој предлог.

Владата во своето мислење ни дава објаснување дека амандманот не го прифаќа од причини што не е јасно што ќе значи во праксата дадената изјава за прифаќање припадноста на македонската нација и каква тежина има самата таа држава.

Оваа одредба е присутна и во уставите на други држави, а од следните причини:

Овој предлог е еден од основните заложби за обезбедување на националниот карактер на државата односно дека станува збор за Македонија како национална држава на македонскиот народ кој вусшност е мнозински народ во државата Македонија.

Станува бесмислено странец да прими државјанство на Република Македонија и од моментот на приемот на државјанството тој сепак да ја задржи припадноста на државата од која барал отпуст на државјанство. Неможе Французин кој ќе дојде на пример во Македонија да си остане Французин по државјанство до крај. Тој ќе биде Французин по потекло ќе биде припадник на македонската нација.

Ниту една држава во светот не толерира поднесување странец да земе државјанство на таа држава за да ги наметне јазикот, културата, обичаите од државата од која доаѓа во државата чие државјанство го прима. Сосема е неприфатливо странци да добиваат државјанство во дадена држава за да го променат веднаш националниот карактер на односната држава.

Не може Македонија да прифати странци кои припаѓаат на друга нација, да се населуваат во Македонија, да добиваат државјанство

На Македонија за да после тоа тие странци со македонско државјанство, а сега македонски државјани кои припаѓале на друга нација од државата која што ја напуштиле се хомогенизираат територијално, да бараат автономија, специјални статуси, образование на сопствен мајчин јазик во сите степени на образование, научни и културни установи за развој на својата национална самобитност, коренсподенција на државните органи на управата или на било кој друг субјект со нив на јазикот на нацијата на која му припаѓале односно на државата од каде што дошле во Македонија за да добијат македонско државјанство и т.н. Затоа оној странец кој бара македонско државјанство мора да ги прифати стандардите на државата Македонија. Во спротивно и неможе да го добие. Неможе државјанин на поранешна република на СФРЈ да добие државјанство по било кој основ од овој закон за да бара неговите национални групи и етнички на територијата на Република Македонија каде што живеат да ги имаат истите права како што ги имал во неговата сопствена национална држава.

Македонија ни во кој случај не може да биде ветена земја за сите народи од целиот свет за да може на нејзината територија да се градат било какви специјални статуси за барање за прогласување на некакво мултинационално подрачје.

Од наведените причини се предлага да се прифати овој амандман. Меѓу другото и да се заштити државата Македонија за да не може странец кој можеби припаѓа на нација чии припадници живеат како национално малцинство на територијата на Македонија, доаѓајќи и примајќи државјанство во Македонија да се однесуваат како да станува збор за нивна сопствена национална држава, а не за Македонија како национална држава на македонскиот народ и да бара да му припадне се она што го имал во неговата национална држава на нацијата на која што тој и припаѓал. Таквите странци во Македонија

може да биде по државјанство само македонци со своето етничко потекло и ништо повеќе. Всушност и во многу други устави на западни земји кои ги цитираме дека ни се урнек за да го донесеме и овој закон или било кои други закони, во своите одредби прифаќаат следната терминологија:

Во Шпанскиот устав не се зборува за граѓани, се употребува поимот Шпанец, во Франција не се зборува за граѓани на Франција, туку се зборува за францускиот народ. Во Германија исто така се зборува за германскиот народ и Германец. Во Бразилскиот устав се употребува терминот бразилец, бразилски народ, независно што можеби во еден Бразил постојат и расни разлики. Ова е од причина што ние 45 години создававме такви разлики и такви однесувања во практиката, а тоа го констатиравме и во Уставот на Република Македонија, ги прогонувавме луѓето кои се бореле за самобитноста на македонскиот народ и на македонската државност.

Во современи услови почнавме да го употребуваме терминот "граѓанин" наместо терминот "Македонец", создавајќи еден нов хибрид на некаква граѓанска држава. Сакам да го искористам правото да кажам дека оваа држава Македонија е национална држава на македонскиот народ. Граѓанинот како граѓанин може да се третира само како правен однос на поединецот спрема државата како организирана власт на дадената територија. Меѓутоа не постои граѓанин во светот кој нема припадност на одредена нација или соодветно национално и етничко потекло заради тоа што и државата е синоним на нацијата. Ако не постои нацијата не би постоела држава. Затоа не би постоеле организација - лига на државите, туку постоела лига на народите. Не постои организација на обединети држави, постои организација на обединети нации.

Имајќи го предвид ова за да македонија го одбегне темпото кое други наметнуваат, својата и на нарадот и на територијата на која што живее македонскиот народ, македонската држава мора да добие во меѓународни рамки, а и пред самата себеси национална дефиниција. Затоа предлагам странците кои бараат прием на државјанство во Република Македонија да мора да дадат изјава дека ја прифаќаат припадноста на македонската нација која ја сочинуваат не само Македонците по род, туку и сите македонски државјани, Македонци, независно од нивната национална и етничка припадност, за да не наметнуваат соодветни односно други национални соодноси и пропорции, барање и права што ги имаат во нивните сопствени национални држави. Затоа предлагам и барам Парламентот да го усвои овој амандман.

ФАИК АБДИ:

Почитувани пратеници, мислам дека овој предлог на господинот Петров и ова толкување заслужува висока оценка на посматрање, проучување и теоретизирање и од друга страна во практиката што тоа значи.

Ние овде усвојувајќи го Уставот на Република Македонија рековме и се согласивме и на Конгресот на мојата партија што се одржа минатата година на 7 јули кажавме дека во преамбулата на Уставот мора да стои дека оваа е национална држава на македонскиот народ заради тоа што има Македонци во Егејска и Пиринска Македонија и тие треба да имаат своја матична држава. Тоа е обврска на оваа држава.

Вчера овде престојуваше една делегација од Франција која имаше средба со претставниците на ПДП-НДП, со претставниците на турската партија, со мојата партија и разговаравме токму на оваа тема.

XIV/7.-

Мислам дека ова толкување на господинот Петров заслужува внимание да го малку дообјаснат докторите по правни науки од аспект на теоријата на државата и правото и теоријата на нациите итн.

Ја знам дека во една тунгузија, односно Австралија земја на Абориџаните, таму е доволно двегодишен период на непрекинато живеење да стекне државјанство на Австралија и прашање е дали постои австралиска нација.

Во практиката државниците се изразуваат, велат повик до нацијата. Дали и овој предлог значи едно оправдување и вистина дека во Бугарија живеат само Бугари, во Грција само Грци итн. Јас тврдам дека не е тоа така и не треба така да се поврзуваме. Ако овде треба да го има тој елемент, поистоветување на државјанството со нацијата, мислам дека тоа добива конотација на многу лоши размери, апсурд е таквото нешто. До каде ќе ни оди тоа сожителство на тој начин.

Овде на оваа трибина излегуваат пратеници. и да зборуваат за такво нешто дека некој кога прима државјанство и тие што се државјани на Република Македонија, без разлика на националноста и верската припадност дека тие по нација се Македонци, мислам дека е тоа срамна работа за сите нас што го слушаме, а камо ли да се прифати такво нешто. Веројатно тоа е право на секој пратеник, право на секоја партија, ние да речеме впрочем во Србија имаме незнам какви се партии и СПО и дражичевци и јотичевци и четници и тн., во Германија сега влегоа во Парламентот и кукасти крстови итн. , се знае слободно, демократија е. Дајте повеќе да мислиме за овие работи и да ги отфрлиме таквите нешта. Ние утре треба да живееме заедно.

XV/1/ЛК/ОМ

ФАИК АБДИ (ПРОДОЛЖУВА):

Ние овде се обидовме во левиот блок малку да помогнеме во една работа да не ги заоструваме односите со некој друг народ националост итн. сакаме малку да ги заштитиме, но нивна грешка е што не беа тука вечерва да гласаат и тие. Тоа значи немаше да помине што сакаш. Но поминато е поминато. Ние знаеме и мора да признаеме, мора тоа да знаеме дека оваа држава се вика Македонија и таа ќе остане понатаму Македонија. Но за нејзино добро, за трајно сожителство, за мирот овде во Македонија мислам дека сме обврзани сите и одговорноста ја носиме сите што сме овде, пред се ние овде, Парламентот кој го избра народот. Ако дојдовме овде со намера да создаваме некој раздор кој што ќе не отера во недоглед, а ние пред сите странски делегации зборуваме за некои си права на нациоанлностите од аспект на образование, воспитување, култура итн., а овде од оваа говорница се прокламира нешто друго, а не тоа, мислам дека тоа не води кон добро пред се за Република Македонија. Мислам дека овој предлог амандман на господинот Петров да не се подржи. Иако не при-паѓа кон ВМРО-ДПМНЕ, ВМРО-ДП или Слободни демократи и токму тие треба да го одбијат тој предлог заради тоа што тоа има лоша конотација на нешто многу опасно, зашто несакам да зборувам.

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:

Го повикувам Тодор Петров да го повлече овој амандман од причини што како македонец со вакви амандмани со вакви тенденции се чувствувам навреден. Амандманот го сметам повреда на традициите на македонскиот народ од дамнина, македонец кој што се гордеел со својата нацлоанлна припадност каде што ќе се најде во светот, се гордеам со македонците кои што секаде низ светот кажуваат дека се

по нација македонци. Ги почитувам што го почитуваат државјанството на земјата во која што живеат, да таа се вика Албанија, дали се вика Бугарија, Грција, Канада или Австралија. Она што ние не сакаме некој во други држави да ги принудува македонците да се откажуваат од својата нација и националност, зашто и од каде такви идеи од оваа говорница во овој Парламент да бараме некој да се откажува од својата националнсот, да бараме да бидат македонци по државјанство тоа е наше право и должност на оној што бара државјанство македонско по овој закон денес тука го подготвуваме на крајот да го изгласаме. Сметам дека настапот на Тодор Петров за мене е големо разочарување, кој имал доста успешни настапи од оваа говорница. Овој ден не е негов ден, мислам дека ја разочарува македонската јавност и целата демократска јавност која ќе дојде до текстот на оваа седница. Сметам дека ова е под нивното на Крушевскиот манифест и апсолутно на сите традиции и честа на сите македонци во сите времиња во кои живееле.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Господинот пратеник има право да се срами од излагањето на било кој друг пратеник па и од излагањето на пратеникот Петров, како што и пратеникот Петров можеби цело време се срами што левата страна им ги спроведува интересите на отсутните пратеници.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Почитувани пратеници, ако некој мисли дека законот за државјнаство на Република Македонија се доенсува за да им се угодат желбите на пратениците на ПДП-НДП, мислам дека многу лошо се лаже и тоа не е точно. Овој Парламент донесува закон со кој ќе се регулира државјанството во Република Македонија. Нема никаква врска со тоа дека

некој ги штити интересите од овој или оној. Некој што смета дека треба да се срами треба да се срами токму тој што се обиде од оваа говорница во овој Парламент на Република Македонија да промовира веќе виден фашизам во Република Бугарија, кој сите граѓани на Република Бугарија ги прогласи за бугари, покрај македонците, турците и другите и дури се обиде да им ги смени имињата, но се разбира за кратко.

Јас ве молам овој амандман на господинот Петров во оваа сала да не биде прифатен, бидејки тоа би бил најголем срам за македонскиот народ кој, зборуваше господинот Стојче, нема ни таква традиција ниту пак сака такво нешто.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Дами и господа, сметам дека дикцијата на амандманот едноставно не одговара на дикцијата која постои во Македонскиот Устав. Можеби во други држави, како што е Бразил или Франција или незнам каде, при стекнување државјанство се практикува давање таква изјава. Но колку мене ми е познато, во Францускиот устав не се зборув за малцинства. Ние пак во нашиот Устав зборуваме за нациоанлности. Дали тоа е поволно или не, ќе покаже натамошниот тек. Но јасно е кај нас во Уставот се запишани и други етноси како националнсоти, па дури и поименично. Сега што би било ако се усвои ваквиот амандман а да кажеме некои од овие националности кои се тука запишани во Уставот од власите, албанците, ромите и турците побара да биде државјанин и добие тоа. И тој ли ќе биде тогаш македонец? А во Уставот барем за нив е наведено дека можат да бидат и немакедонци. Друго е да се припадници тие секако ќе бидат од македонската нација во смисла на поимање како што многу граѓански општества тоа го чинат денес. Но во нашата држава многу тешко ќе може да се спроведува ваква одлука.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака?

За амандманот гласаа 8 пратеници. Амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Оломан Сулејмани.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 точка 6 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор?

ДРАГИ АРСОВ:

Ова што го предлагам со амандманот во член 7 став 2 точката 6 да се измени со следното дополнување: "лицето кое бара државјанство на Република Македонија да го почитува правниот  поредок на Република Македонија" тоа е дополнувањето и натаму да следи како што стои во точката 6 - "и неговото примање во државјанство на Република Македонија да не ја загрозува безбедноста на Република Македонија. Ова дополнување го предлагам затоа што сметам дека е значајно од проста причина што ваквиот услов постои кај сите држави и тие за прием на

државјанство на странски лица одредуваат правила за однесување и почитување на правниот поредок на тоа лице кон ДРЖАВАТА ЧИЕ ДРЖАВЈАНСТВО го бара.

Со исполнување на оваа институција се спречуваат инсти-туциите што можат да ја нарушат или загрозат безбедноста на република Македонија и се утврдува дека странецот со неговото примање во државјанство во Република Македонија има позитивен однос спрема Републи-ката. Еден од основните критериуми за лицето што бара здобивање со државјанство на Република Македонија треба да биде почитување на правнот поредок што значи дека сите свои духовни и физички сили ќе ги стави на располагање на Републиката и ќе ги почитува законите и Уставот. На тој начин ќе се избегне непочитувањето на политичките интереси на Република Македонија во смисла на одредувањето на надворешните решенија што ги употребуваат оделни европски земји во прилог на примерност, лојалност итн. Од тие причини инсистирам овој амандман Собранието да го прифати.

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи овие амандмани се утрово дадени, не се на работни тела дадени објаснувања на Владата зошто не прифаќа некој од нив, молам господинот министер да објасни.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Владата не го прифаќа овој амандман од следните причини:

Прво, така дефиниран - почитување на правниот поредот, тој е небулозен. Во членот 7 , точка 4 стои точно: против него да не се води кривична постапка, што значи дека кршење на правниот поредок во ранг на правење на кривично дело со водење на кривична постапка е предмет кој може да го оспори, правно да го отежне неговото примање, а не и секој сообраќаен прекршок, што исто така може

да се толкува како непочитување на правниот порелок во една експензивна смисла. Оттаму, решението во членот 7 е по прецизно и стандардно, а вториот дел од амандманот веќе е содржан — неговото примање во државјанството од точка 6 да не ја загрозува безбедноста на Република Македонија. Од тој аспект член 7 е далеку попрецизен, го исполнува сето ова барање на еден попрецизен начин и амандманот не треба да се прифати.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, бидејки колегата Арсов бара да се почитува правен поредок, а министерот ни кажа нешто друго, па затоа би имал едно прашање до министерот.
Дали е на место и државнички оправдано некои граѓани од другите републики или од други држави на бивша Југославија да добијат државјанство на Република Македонија, ако за време на неговото живеење над 15 години во Република Македонија повеќепати е осудуван за кривично дело против народ и држава и казнуван за прекршоци против јавен ред и мир.

Прашањето го поставувам од причини што со Предлог законо". вaквите случаи не се решени и ќе имаме можност Република Македонија да се стекне со државјани кои биле судени и казнувани за дејствија против неа.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

29 пратеници гласаа за амандманот, според тоа амандманот не е усвоен.

XV/7

Отворам првтрес по амандманот на член 8 и за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор?

ДРАГИ АРСОВ:

Во прилог на овој амандман сакам да кажам дека тоа е во духот на законот за државјанство што се предлага од страна на Владата и затоа инсистирам да се респектираат овие предлози бидејќи тој е во прилог на нашите сонародници односно овде како што во законот се дефинирани како иселеници, иако за мене тоа не е моментално прифатлив термин, но сепак тоа е така како што е дадено. Сметам дека и покрај таквото дефинирање, со овој закон треба да се заклагаме за тие поповолни услови за прием на државјанство за македонските иселеници и нивните потомци и за оние странци што се во брак со државјаните на Република Македонија. На тој начин сметам дека ќе се санираaат и некој неправилности што се направени на поранешните македонски државјни со одземање на државјанството. Со предложената можност за повторно добивање на државјанство на сите македонци на кои им е одземено државјанството и на нивните потомци не до првото колено како што стои во текстот на законот, туку јас се залагам тоа да биде до третото колено, што го предлагам и со амандманот. На тој начин ќе се оствари правото на тие што досега тоа право неможеле да го добијат и да се стекнат со државјанство. Затоа, сметам дека покрај оваа олеснителна околност , со овој амандман, посебно со новиот став 2 кој се однесува на странските лица кои се во брак со иселени од Македонија ќе се подобри содржината, а исто така ние ќе псотигнеме многу со олеснителните околностл и со грижата што на овј начин ќе ја изразиме спрема нашите иселеници, спрема кој досега се вршеше една голема неправда.

XVI/1/пј/см

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Господин Фрчковски, министерот за внатрешни работи и претставник за Владата.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Владата овој амандман не го прифаќа и веќе неколку пати се изрази со слични амандмани во членот 8. Имено, државјанството и давањето државјанство со овој закон не прави разлика по етничка основа, се даваат, се истакнува државјанство, граѓани и тие понатаму се граѓани на Република Македонија, независно од етничката припадност. Исто така и етниците од Република Македонија не можат да се разликуваат со ваквото право по етничка основа и поради тоа единствен член и единствен начин тоа да се регулира во овој закон по иницијатива, веќе знаете како одеше е членот 8 со кој иселениците се дефинираат како иселеници од Македонија, независно од етничка припадност. Вториот дел од решението е врзано со ова, првото колено по кое може со природување да добие државјанство. Единствен начин во рамките на правниот поредок да се остане и да не се направи радикална дискриминација е ова решение, амандманот не треба да се прифати според мислење на Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Молам, кој е за нека крене рака.

31 пратеник гласаа за.

Констатирам дека не е усвоен амандманот.

Отварам претрес по амандманот на членот 26 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров. Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Овде е грешка не е нов став 3 туку нов став 2.

Значи, ова по членот 26 по ставот 2 се додава нов став кој гласи. Тоа е амандманот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, нека крене рака.

33 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

Господинот Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Фактички ова е по мое лично видување еден од најспорните одредби во предлогот на законот и ова беше проблем на полемика која се разви за деловничко толкување според кое што Собранието на Република Македонија на седницата од 12 август го прифати овој амандман со иста содржина, тој амандман стана составен дел на Законот, меѓутоа заради прекинот на седницата Владата го искористи тоа свое право и поднесе повторно амандман што стана составен дел на законот со иста содржина со која што беше предлогот на законот.

XVI/3

Амандманот што е предложен бара ставот 3 да се промени и да гласи: "државјаните на други републики на поранешна СФРЈ и државјаните на поранешна СФРЈ кои имаат пријавено законски престој и живеалиште на територијата на Република Македонија со денот на влегувањето во сила на овој закон се сметаат за странци и спрема нив се применуваат одредбите од законот за движење и престој на странци. Лицата од став 1 на овој член ќе можат да се стекнат со државјанство на Република Македонија согласно одредбите на овој закон. Образложението е заради следното, пред се заради постоешето на формулацијата на член 9 од Уставниот закон за спроведување на Уставот според кое што државјаните на другите републики во поранешна СФРЈ кои на денот на влегувањето во сила во овој уставен закон имаат пријавено живеалиште на територијата на Република Македонија, а немаат државјанство на Република Македонија, ќе можат да стекнат државјанство на Републиката во согласност со законот за државјанство. Фактички со членот 9 е констатирано дека државјаните на поранешните републики на СФРЈ и државјаните на поранешна СФРЈ на територијата на Република Македонија од прогласувањето на уставниот закон, а тоа беше 20 ноември 1991 година имаат статус на странец. Заради тоа што нивните матични држави од кои што, потекнуваат добиле статус на самостојни држави.

Јас сакав да ја поткрепам оваа формулација на членот кој што е предложен и заради следните законски обврски според постоечките позитивни законски прописи. За мене е сосема неприфатливо да се објаснува од оваа говорница да се објаснува дека формулацијата на предложениот член 26, став 3, според која државјаните на другите републики можат да примат државјанство на Република Македонија доколку рокот од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон поднесат барање за прием на државјанство и притоа непрекинато престојувале на територијата на Република Македонија 15 години.

воопшто не е техничко прашање, туку е прашање од суштински карактер.

Не е техничко прашање заради тоа што бројката 15 е сосема проблематично одредена и понудена. Од тие причини и пратениците од коалицијата ПДП-НДП кои не се присутни ги вршеа сите условувања и уцени до сега да се прифати можноста државјаните на поранешните републики на поранешна СФРЈ да прима државјанство на Република Македонија со најмалку непрекинат престој од 5 години или според предлогот на амандманот на пратеникот Абдурахман Алити да можат да добијат државјанство сите лица кои што се затекнале на денот на влегувањето во сила на овој закон на територијата на Република Македонија. Според сојузните поранешни прописи на законот за државјанство, Законот за државјанство на федеративна Република, поранешна народна Република Југославија утврдено е, донесен во 1946 година, за прв пат е утврдено и воспоставено државјанство на граѓаните кои што биле жители на сите републики кои ја сочинувале федерацијата Народна Република Југославија. Според овој закон во член 1 за граѓаните беше предвидено единствено сојузно државјанство во став 3 беше утврдено дека државјанин на Федеративна Народна Република Југославија може да има државјанство само на една народна Република.

Понатаму, во истиот закон, во член 29 се наведува дека секој сојузен државјанин може да бара да биде примен во државјанство на друга народна Република, доколку се исполнети условите и се поднесе молба за добивање на државјанство на друга народна Република. А во член 28 дека државјанство на Народна Република може да се промени со примање во државјанство на друга народна Република. Што значи и во Уставот и со Уставот во 1974 година според кој СФРЈ поранешна беше составена од републиките кои имаа статусна држава

секој граѓанин на таа СФРЈ поранешна можеше да има престој и живеалиште на територијата на цела на СФРЈ поранешна меѓутоа доколку го промени престојот и живеалиштето од една република во друга должен е да си побара отпус ако бара нормално, отпус на државјанството од Републиката чија што територија ја напушта и да побара прием во државјанството на Републиката чија што територија ја населува, односно добива престој, законски престој и живеалиште. Од таа гледна точка воопшто не може да постои проблем дека државјаните на другите републики на поранешна СФРЈ немале право да го променат државјанството доколку тоа го барале. Проблемот е што тоа право тие не го барале. Моментално во состојбата каква што е на теренот од 1977 година кога што е донесен последниот закон за државјанство од 1977 година водењето на државјанството се префрлува од книгите на државјанство во матичните книги на родените. Затоа, за мене е обична демагогија кога се тврди дека бројката 15 е одбрана, заради тоа што државјанството не се води од 1977 година. Оваа Република имала свое законодавство за државјанството. Имала карактер на држава во поранешната заедница СФРЈ. И со според тоа државјанство, законите од 1954 година, 1965 и 1977 година било регулирано и правото одделен државјанин на друга Република да може да бара прием на државјанство во Република Македонија. Постојниот член 9 од Законот за државјанство на Република Македонија од 1977 година е многу либерален и дава право државјанство на Република Македонија да добие секој граѓанин од друга Република на поранешна СФРЈ, кој што ќе поднесе барање за прием на државјанство, кој што има наполнето 18 години и обезбедено живеалиште. Проблемот е во тоа што имаме огромен број на лица придојдени од други републики, пред се од соседна Србија кои се наоѓаат на територијата на Република Македонија и според досегашните важечки позитивни законски

прописи немале легално односно законски престој живеалишта на територијата на Републиката. И проблемот најмногу станува токму за нив. Затоа и беа тенденциите и барањата на одделни пратеници од пратеничката коалиција ПДП-НДП да државјанство на Република Македонија примаат сите лица поранешни државјани на поранешните републики на поранешна СФРЈ, кои што се затекнати на територијата на Република Македонија во денот на донесувањето на законот односно на неговото донесување во сила. Што значи се работи за лица кои што според досегашните позитивни законски прописи немаат регулиран законски престој и живеалиште на територијата на Република Македонија.

Понатаму, барањето за овие лица државјани на поранешните републики на СФРЈ да имаат поинаков и поблаг третман во однос на оние лица кои што би имале според член 7 статус на странец и би бареле како странци да примат државјанство не може да им се дозволи и да се оправдува со образложението дека имале тие лица право да се движат и да стануваат на територијата на цела Југославија. Имале право за слободен престој, движење, настанување, одбирање престој и живеалиште на територијата на поранешна СФРЈ на било кое населено место. Меѓутоа, со автоматското префрлување од една во друга република воопшто не им било, имале право да го променат своето државјанство. Овие лица, бидејќи тоа не го сториле, според сегашниот статус на државата Македонија како самостојна држава и статусот на државите на кои што припаѓаат каде што им се водат нивните матични книги на родените книгите на државјанството, не можат да имаат поинаков статус, освен странци. Истиот пример го споредувам со функционирањето на европската заедница како една економска асоцијација. И во оваа

асоцијација членките на истата имаат право државјаните на неа да користат единствен пасош, да се двжат на територијата слободно без никакви ограничувања на членките на оваа асоцијација, слободно да се настануваат, да имаат законски престој и живеалиште, да можат да користат работа и да ги плаќаат јавните давачки во таа држава. Меѓутоа, со самото тоа што го промениле живеењето од една во друга држава, тие не го промениле државјанството. Имајќи ги предвид овие образложенија сметам дека произволно утврдената бројка од 15 години е неодржлива и затоа треба да се прифати решението во членот 9 на уставниот закон за спроведување на Уставот, а тоа е овие лица да имаат третман на странец. Затоа, предлагам пошто Собранието веќе еднаш се изјасни, за што исто така давав свое образложение и амандман, овој состав на Собранието да го прифати.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој друг бара збор (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за нека крене рака.

35 гласаа за.

Констауирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор?

Господин Стефковски.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитувани пратеници, амандманот го поднесов се со цел да се заштитиме од она што фактички бевме сведоци денес, да се спречи едно, би рекол, непримерно однесување како една брана дека она што се предложи од министерот Фрчковски, може да стане практика

во работата на овој Парламент. Основното што беше и целата расправа што ја водевме ние во врска со членот 7, а сите се повикувате на членот 26, ставот 3, јасно произлегува едко однесување кое што во практиката се покажа на денешната седница како непримерно. Со други зборови јас прифаќам она што пишува во Деловникот, меѓутоа да знаеме до каде. Ако веќе е усвоен текст од овие пратеници што седат овде тоа значи дека имаме суспенција токму на тие пратеници што го изгласаа тој текст на членот 26 ставот 3. Оттука, се поставува прашањето дали можеше денеска откога го изгласавме амандманот на членот 7 во однос на точката 2 министерот Фрчковски исто така да поднесе амандман токму на членот 7 што го изгласавме. Мислам по онаа логика што се применува во однос на членот 26 ставот 3 дека може. Оттука сметам дека мојот амандман фактички ја санкционира онаа состојба која што овој Парламент ја усвои и тоа мислам треба да биде единствено решение и практика во работата на Парламентот.

СТОЈАН АНДОВ:

Повторно не отвараме процедурална расправа.

Бидејќи не отвараме процедурална расправа, прашувам кој бара збор по амандманот.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака.

30 пратеници гласаа за.

Според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 26, став 3 поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

Молам, кој бара збор?

Господин Голубовски.

XVII/1/СП/ЉР

ВЛАДИМИР ГОЛУБОСКИ:

Во своето излагање сакам да ве убедам дека Законот за државјанство на Република Македонија не е само обичен закон, туку дека претставува и една индикација на одредени политички процеси и јас си земам слобода да кажам го открива заговорот против Република Македонија внатре и однадвор.

Македонскиот народ го остварува својот вековен идеал и за прв пат во својата историја има своја самостоја и суверена држава. Но, дали стратешките цели на соседите и пошироко на оние кои традиционално биле и се присутни на Балканот, еволуирале за да можеме да прифатиме претпоставка дека Република Македонија со јачината на своите аргументи може непречено да го одржи статусот на самостојна и суверена држава. Би било најдобро да поверуваме дека преку ноќ соседите се откажале од вековните аспирации и добро осмислената стратегија спрема Македонија. Сите замисли долгорочно и на суптилен начин се градат врз основа на обезличувањето на националната структура и претставување на Македонија како мултинационална држава што веќе отворено деновиве како став беше обелоденет во "Нова Македонија" при што македонскиот народ се сведува само под категоријата најбројна етничка група што е нејзин хендикеп како што тврди авторот!?

Ваквите тези кои се блиски до оние на соседите кои го негираат македонскикот нациоанлен карактер на Република Македонија има за цел да ги елиминира сите воопоставени одбранбени национални механизми и да го спречи нивното градење. Соседните земји имаат совршено развиена методологија и служби за остврување на хегемонистичките и експанзионистичките замисли спрема Македонија.

Таквите настојувања ги остварувале и повторно ќе ги реализираат преку македонци кои се лоцирани во државната хиерархија и треба да делуваат долгорочно. Сите тактички замисли имаат за цел на македонците да им се наметне во психата дека неможат сами, дека ни требаат сојузници, дека проблемите треба да ни ги решаваат други. Намерно се предизвикува губење на довербата во сопствената држава како што е случајот во западниот дел на Македонија, каде српското влијание веќе ги остварува своите цели. Со овозможувањето на паралелна администрација првиот чекор кон федерализација на Македонија се охрабруваат Бугарските аспирациии во едниот и во другиот случај се јавува проблемот со албанското малцинство. Припадниците на албанското малцинство организирани и предводени од нивните партиии, а пред се се од ПДП и НДП кој програмски се засноваат на националистичко-сепаратистичка основа, на двоен начин го загрозуваат територијалниот и националниот интегритет на Македонија, следејќи ја сопствената стратегија за голема Албанија и вклучени во играта за Македонија кој ја водат останатите соседи. Проблемот за нивото на малцинските права кои се остваруваат во Македонија, се користи за потенцирање и искористување на слабостите на Македонската држава која во изминатите децении не изгради механизми за контрола на престојот на своја територија на граѓаните од другите делови на поранешна Југославија, што како политика, за жал, продолжува.

Битката за Македонија почнува и ќе го доживее својот расплет токму на ова прашање. Стратегијата на соседите што е и логично со оглед на високиот ризик на директно воено интервенирање, во ситуација на релативен мир во Македонија се определува за нејзино внатрешно дестабилизирање, во развивањето на нционалната

Македонската целина и во ширање во дефектизмот дека Македонија наводно ќе биде поделена доколку инсистира на статусот на трајна сувереност и самостојност. Таквите "излезни" решенија веќе се најавуваат од македоските политички партии, едни, оние од левкиот блок бившите комунисти зборот Југославија за секој случај го заменија во своите програми со зборот Балкан, но не кријат дека под тоа подразбираат возобновување на политичко територијално поврзување со остатокот на поранешна Југославија.

Другите од т.н. националниот блок, отворено програмски се залагаа за поширок балкански сојуз, при што се потенцираат определбите за поврзување со Бугарија, а името на Турција се користи како алиби за нечистата совест.

Затоа Законот за државјанство на Република Македонија нема важност само како системски закон, тежина која би ја имал во било која држава која се конституира како суверена и самостојна, туку повеке од тоа. Законот за државјанство на Република Македонија веќе е дел од политичките игри и од битката за Македонија, како елемент на перфидно замислените сценарија во центрите на соседните земји, а кои треба да се реализираат од македонци  кои презеле обврска таквата мисија да ја извршат.

На Законот за државјанство на Република Македонија ќе се разоткријат како предавници сите оние кои можат активно да влијаат во процесот на неговото донесување, а постапуваат спротивно од македонските национални и државни интереси.

Прифаќањето на предлогот на Владата со 15 години престој во член 26 став 3 за стекнуваше на автоматско право на државјнаство на Република Македонија или било која друга варијанта со престој помал од 30 години ќе претставува вовед во граѓанска војна, односно либализација на Македонија што е и цел на стратегијата осмислена од надвор.

XVII/4.-

Македонскиот народ иако политички изманипулиран, збунет и заплашен од политиката на сегашниот државен врв нема да ја прифати наметнатата ситуација во која за прв пат во мир ќе ја изгуби својата едиснтвена држава.

Одговорот ќе биде како и на секој народ соочен со национално предавство, а притоа нема да може да ја избегне казната од народот никој што личните амбиции ги става пред националните и кој што непримерно во светската историја на својот народ му предпочита ропство во замена на вековните стремежи за слобода и своја национална држава.

Дека таквата политика, македонскиот народ не ја прифаќа, доказ се и резултатите од делумните избори за упразнетите пратенички места во Собрание на Република Македонија. Македонскиот народ го избра бојкотот на изборите како единствена можност да го искаже своето неосгласување со актуелната државна политика. Таквото однесување не е мотивирано само со економската и социјална криза која ја загрозува егзистенцијата на граѓаните, а во која голем удел има токму неспособноста и немоќта на оние кои ја имаат власта, туку и од длабокото спротивставување на една политика која е предавничка во однос на националните интереси.

Барањата од албанските националисти и сепаратисти за измена на Уставот и вградувањето на албанското малцинство како конститутивен народ на македонскта држава, односно на федерализација на Република Македонија поаѓаат од тврдењето за нивната бројност во Република Македонија.

Ваквите барања кои се искажани со демократска фразологија се само прва фаза од следниот агресивен чекот за федерализација а потоа и распарчување на Македонија. Тие од една страна,

бараат граѓанска држава, а одруга страна држава со двоен национален идентитет, што е доказ за перфидноста на баратето.

Факт е дека во Македонија преку енормно голем и неконтролиран механички прилив престојуваат голем број албанци од останатите делови од поранешна Југославија и Албанија:

Дел од тој прилив е мотивиран од големоалбанската стратегија, но исто така дел е како резултат на една континуирана политика во поранешна Југославија да се развие националната структура во Македонија и овој простор национално да се обезличи т.е. да се оствари крајната цел Македонија да претставува само географски поим.

Албанските националисти и сепаратисти водени од центри надвор од Република Македонија, а внатре координирани преку ПДП и НДП го бојкотираа пописот бидејќи ќе мораа меѓународно да го признаат својот пораз за лагата која ја лансираа за нивната бројност, односно за потеклото на нивното присуство.

Албанскиот национален агресивизам не ја прифаќа Балканската реалност дека во сите балкански држави живеат делови од народите на соседните земји како национални малцинства. Организирани од ПДП и НДП, но сега и од ново регистрираните албанкси политички партии, албанските националисти и сепаратисти се обидуваат да ја оживеат националистичката и во суштина фашистичка идеја за обединвуање на сите албанци во една држава дури и со доминација и завладување на просторите на соседните држави, а особено на македонската.

Од наведените причини Република Македонија има свое историско право во процесот на своето конституирење како самостојна

XVII/6.-
Суверена држава да го реши прашањето на механичкиот прилив на начин кој праксата на другите земји во светот го верифицира како деморатски.

Затоа предлагам Собранието во понатамошниот тек во расправата по амандманите, да го прифати амандманот кој го предлагам како пратеник на ВМРО-Демократска партија, на член 26 став 3 со кој за стекнување на државјанство на Република Македонија се предвидува престој од најмалку 30 години.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави Панче Минов.

ПАНЧЕ МИНОВ;

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,
Амандманот поднесен од г-динот подностиел кој во образ-ложението на истиот поднесе свое партиско експозе не го прифаќам и сметам дека Предлогот од Владата предложен од членот 26 став 3 е еден демократски став кој изразува односно уредува едно предимствено право на граѓаните од републиките на бивша Југославија во нивното предимствено право на стекнување на државјанство во Република Македонија каде по одредени услови и со исполнување на тие услови по автоматизам стекнуваат државјанство на Република Македонија, што го сметам за добра работа.

Фактички овој став 3 има своја заштитна функција и по мое длабоко убедување најактуелниот услов, а тоа е времетраењето на пријавеното живеалиште од 15 години сметам дека е објективен рок и реален и ја врши заштитната функција на државата Република

Македонија ??????????? содржани во овој амандман од 30 до 35 години, сметам дека се нереални и необ-јективни.

Инаку,сметам дека овој амандман не кореспондира со самата суштина на членот кој е демоктарски и кој е либерален и кој регулира два постулати кои се многу битни во стекнувањето на државјанство тоа е правната сигурност и правниот континуитет кој со вакви предлози фактички се создаваат и правна несигурност и се губи правниот континуитет и за граѓаните на Републкка Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (никој)
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претрсот и амандманот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака? (35 пратеници гласаат за)
Констатирам дека амандманот не е усвоен.
Отворам претрес по Амандманот на член 26 став 3 поднесен од пратениците Авди Муртизани и Оломан Сулејмани.
Дали некој бара збор? (никој)
Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, нека крене рака? (никој)
Констатирам дека Амандманот не е усвоен.
Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 поднесен од Пратеничката група на Илинден-слободни демократи.
Дали некој бара збор?
За збор се јави Михаил Пановски

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Очигледно дека и претходните амандмани што не се усвоија и овој нема да се усвои, но барам нека не се гласа тогаш за годините, туку да се гласа само во оној дел каде бараме рокот за поднесување за барање на државјанство да се скрати од 1 година
на 6 месеци.

Амакдманот го преиначувам само на овој дел и барам да се гласа.

Амандманот гласи: "Рокот за поднесување државјанство да не биде една година, туку да биде 6 месеци".

СТОЈАН АНДОВ:

Го молам министерот дали е ова битна измена и дали нешто значи.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Владата не го прифаќа амандманот, двапати се изјаснивме за слично скратување и сметаме дека рок од една година не загрозува никакви права и дава можност да се регулира на прав начин статусот кој го регулира овој член.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандамнот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (35)

35 пратеници гласа за амандманот.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Имаме амандман од пратеникот д-р Кирил Ковачевски.

Амандманот Ви е поделен.

Господинот Ковачевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по текстот на амандманот за бришење на ставот 4 на членот 26 поднесен од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, пратениците Тодор Петров и Владимир Голубовски и пратеничката група "Илинден" - Слободни демократи.

Молам, дали некој бара збор?

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Со предлогот на Владата доколку се усвои, на Република Македонија и се одредува инфериорна меѓународна позиција со ограничен суверенитет и е спротивно на правната логика затоа што прејудицира состојба што се регулира со член 118 од Уставот на Република Македонија.

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, бидејќи сме изморени ке ја искористам положбата за читање на амандманот и за негово образложение.

Амандманот што е предложен од Владата односно ставот 4 од членот 26 гласи: "Доколку со меѓународен договор за сукцесија на поранешна СФРЈ биде регулирано и прашањето за рокот на стекнување на државјанство на државјаните на поранешната СФРЈ ќе се применува рокот утврден во договорот.

Ставот 4 од овој член 26 е една формална одредба чие место воопшто не е во овој закон, бидејќи нема никакво правно значење, туку само го оптеретува текстот на законот и во овој случај ќе ги употребам зборовите на министерот тоа е тафтологија на Уставот.

Сите меѓународни договори за да бидат валидни и составен дел на внатрешниот поредок на една земја претходно треба да бидат ратификувани. Значи, сходно на тоа тој меѓународен договор треба да биде ратификуван од овој парламент. Затоа нема потреба однапред прејудицирање дека ние како парламент ќе прифатиме некој меѓународен договор чија

содржина однапред не ја знаеме, а ја знаеме содржината I на законот што во овој случај е ставена.

Според тоа, предлагам ставот 4 да се брише, бидејќи нема никакво правно значење и само го оптеретува текстот на предложениот закон.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа ние донесовме устав со кој ја уредуваме државата Македонија. Тој устав е и гаранција за другите држави како ние како држава ќе се однесуваме во меѓународниот живот. Тоа е едниот дел. За да направиме појака гаранција за односот со другите држави одредницата од членот 118 јасно говори кога меѓународните договори стануваат составен дел на правниот систем на државата и дека откако ке бидат ратификувани да не можат со внатрешните закони да се изменуваат. Овде, оваа уставна одредница со овој условен член се дерогира. Веднаш кажуваме дека ние ќе прифатиме нешто ако биде. Условно, што значи дека одредбата од членот 118 ја ставаме под сомнение да можеме да менуваме пред да дојде договорот да биде ратификуван.

XVIII/1.- СС/ЛЈ

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (продолжение)

Порадл сигурноста но уставот поради нашето државничко однесување кон другиот иностран елемент, господа, овој дивљак во законот треба да го избришеме. Предлагам, еднаш да размислиме за она што треба да работиме.

Владата ова го предлага од причина што, еве, ако дојде некој од страна, ние ќе им кажеме - еве имаме закон дека вака ке постапуваме. Па, зошто го донесуваме уставот кога им гарантираме гаранција дека тие договори ке ги почитуваме. И, поради ова јас сметам дека не сме сериозни. Владата може да поднесе, но ние како парламент ако усвоиме, ние сме  несериозни законодавци. Владата е предлагач, таа може да предложи што сака. Меѓутоа, ако ние овде усвоиме нешто, тогаш Владата ја симнува од себе одговорноста а ние ја примаме на себе. Јас говорам од свое име. Она што го предложила Владата тоа е нејзино право дали од тоа ќе добие поен, дали ке изгуби или не или слично.

ТОДОР ПЕТРОВ:

За мене сосема е неприфатливо мислењето на Владата според кои се одбива бришењето на овој став 4 од членот 26 според предложените амандмани од повеќе пратеници и пратенички групи заради следното:

Прво, сметам дека е во спротивност со членот 118 од Уставот на РМ, според кој меѓународните договори што се ратификувани во согласност со устав се дел од внатрешниот правен поредок и неможе да се менуваат со закон, меѓутоа, стануваат дел од внатрешниот правен поредок после нивната ратификација со закон во овој Парламент.

Понатаму, за мене, ми се чини дека предложеното решение беше и остана една фарса за да пратеничката група на коалицијата ПДП НДП ги преседе овие часови за време на донесувањето на овие закони

XVIII/2.-
од оваа 41 седница. '

Прво ваквата формулација на предложениот нов став 4 од членот 26 прејудицира решение за кое што овој парламент не се изјаснил. Точно е дека во Лондон почна меѓународна конференција за поранешната конференција за СФРЈ меѓутоа повеќе се однесува за правното наследство на поранешна СФРЈ и договорот што ќе биде донесен, односно потпишан на оваа меѓународна конференција за поранешна СФРЈ не се однесува за сите држави во целиот свет, туку се однесува само за државите што се правни наслендици на поранешна СФРЈ. На тој начин сметам дека отпаѓа и образложението дека доколку се прифати поинакво решение од она што го предлага Владата ќе се намали преговарачката позиција на нашата делегација на оваа конференција на соодветните работни тела.

Пред се, мислам дека преговарачка позиција на било која делегација треба да биде ставот и законот на овој парламент, а не нивна слободна интерпретација на одделни ставови за кои тие самите ќе проценат дали вреди или невреди. Впрочем, ако испраќаме преговарачка делегаицја на оваа конференција и со нејзино присуство, истата останува без, доколку не ги дефинираме правилата на овој парламент и одлуките за одделно однесување на републиката, оваа наша делегација фактички останува, без преговарачка позиција.

Затоа, сметам дека предложениот став 4 на членот 26 треба да се избрише.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Една забелешка на претседателот од аспект што набрзина прочита 5-6 подносители на амандманот па сега испаѓа дека секој зборува за својот поднесен амандман.

Ние, како пратеничка група исто така поднесовме еден амандман и јас ке зборувам за него, а се однесува пред се на членот 26 ставот 4.

XVIII/3.-

Овој член и став 4 не беше воопшто во игра, да речам така, на онаа последна седница кога министерот Фрчковски го поднесе амандманот. Видете, овој амандман уследува после откако се утврди членот 26, ставот 3, онака како што гласи. Во таа варијанта постоеше овој текст на ставот 4 но, како работен заклучок, тоа беше вистината, нели, да го усвоиме како работен заклучок се со цел да се, ете, додвориме, да ги умилкуваме пратениците од ПДП за да им дадеме некоја шанса без оглед што ке се усвои вака законот да, како ќе одлучи Европа со меѓународниот договор, да така и ќе се постапи.

Оттука сметаме дека ако во една варијанта она што се нуди во членот 26 ставот 4 како работен заклучок сега се подигнува на ранг, на норма на закон. Значи, имаме несериозен предлог, за мене, па од тука и нашето залагање како пратеничка група дека навистина, условни одредби нема место во законот за државјанство на Репбулика Македонија.

Прашањето што се нуди во овој став е уредено со членот 118 од Уставот на Репбуликата и сметам дека нема место за ваква одредба во законот.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас ги прочитав сите затоа што сите амандмани од бувка до буква се исти. Сите се исти.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Почитувани пратеници, самиот факт што толку групи и независни пратеници и поединци одреагирале на овој амандман на Владата покажува дека се работи за нешто многу важно.

Ако за самиот закон  господинот Стоиле Стојков, законот за државјанство рече дека е главен стожер на македонската држава и со тоа на македонската нација, тогаш усвојувањето на овој амандман од ова Собрание би претставувало вистинска катастрофа.

XVIII/4.-

Ставот 4 од членот 26 го предлага Владата и тој кореспондира со ставот на премиерот Бранко Црвенковски изречен на македонската телевизија дека ние ќе почекаме на решението на женевската конференција кога се работи за законот за државјанство, а, со овој амандман 4 ние однапред се обврзуваме да прифатиме се што ке ни се каже во заклучоците од женевската конференција. Во тој случај овој закон што ние го носиме толку време не важи. Значи, се обврзуваме да важат тие ставови без оглед што ние сега ке донесеме.

Ќе си земам слобода тука да го цитирам излагањето на еден наш долгогодишен дипломат објавен на 25 септември во оваа година, под наслов "Во Женева со преиспитан курс". Тој македонски дипломат дава еден сосема различен рецепт за начинот на решавашето на нашите проблеми од оној што досега го практикувавме. Значи, што не ги заострува внатрешните конфликти, но, и не го содржи оној безграничен комплекс "без дно", кој е често присутен кај нас македонците, а да не сме свесни за него. Еве го текстот на македонскиот дипломат:

"Задача на Женевската конференција е воспоставување мир на српско-хрватско-босанските простори. Тоа е најважна и речиси единствена цел. Се друго се игри за дефинирање и размрсување на сопствени европски и други спротивставени политички, економски и воени интереси на пошироките југословенски простори и пошироко на Балканот.

Таа војна трае цела година. За тоа време ние, како самостојна и независна држава не учествувавме во таа војна. Напротив. Но, и покрај тоа и нас, не седнуваат на маса заедно со завојуваните страни под терминот "југословенска криза". Тоа е предтекст моќните да ги распоредуваат своите интереси определувајќи го статусот на овој или на оној на Балканот и на ЈУ-просторот.

XVIII/5.-

По фијаското со името и по нафтената политичка блокада сега им останува "ахкловата пата" да ја бараат во малцинското прашање бидејќи по својата природа тоа е многу податливо за нечесни манипулации.

Изнесените оценки даваат основа да поставиме поинаков курс на нашето понатамошно учество и однесување на Женевската конференција.

Прво, не постои југословенска криза. Европската заедница, Бадинтеровата комисија, рекоа, а сега и обединетите нации велат: СФРЈ веќе не постои, така што и формално правно нема основ за таков термин. Постои српско-хрватско-муслиманско судир, војна, криза. Тој судир има долга историја со кој ние и Словенија немаме врска. Судирот трае и ќе трае со децении. Ќе не стават ли и нас во истиот казан со децении?

Второ, како самостојна и независна држава која не војувала, ние и Словенија треба да бараме на конференцијата да имаме статус на сосед бидејќи сме соседи на една од завојуваните страни, на Србија. Односно статус каков што имаат Италија, Бугарија, Албанија, Унгарија, Романија, а да не не вбројуваат меѓу завојуваните страни. Наш став би требало да биде дека единствено сме директно инволвирани на подрачјето на сукцесијата и на ниедно друго. На другите пак подрачја сме заинтересирани само во својство на соседи.

Наше гледиште, ова е многу важно, знам дека ви е тешко и сте деконцентрирани но подвлекувам дека ова ќе биде катастрофа ако ние вака го донесеме во нашата држава "наше гледиште треба да биде дека супцесијата не е категорија што произлегува од српско-хрватско-босанската криза. За наследството за бивша Југославија ќе се расправаше и доколку таа се распаднеше по мирен пад. Според тоа да бараме ова прашаше да се изземе од Женева и да се решава брзо и независно од таа криза. Инаку, ќе му нема крај.

XVIII/6.-

За шестото преговарачко подрачје, за безбедноста и соработката на нашиот простор мораме да бидеме по офанзивни ние го зачувавме овој простор безбеден инаку ќе имаше војна на уште четири европски држави нашии соседи. Со монструмот со името со блокадите и со манипулации со малцинското прашање објективно европската заедница е таа што ја подрива безбедноста на нашиот простор. Има основи за ова да поднесеме и формална жалба,- демарш до Обединетите нации и КЕБС, макар и прескокнувајќи ги Сајрус Венс и Лорд Овен.

По се ова некој ќе се праша дали ваквиот курс со заострени ставови нема да го отежне признавањето на нашата независност од страна на Европската заедница и другите. Не! Напротив! кажува нашиот дипломат Трајановски.

АЦО СПИРОВСКИ:

Почитувани пратеници, мислам дека сепак сериозно треба да се гледа спрема понудениот амандман на Владата. Мое лично мислење во однос на оваа проблематика е дека сепак ние не одиме и натаму со девалвирање на некои работи, со тоа што ке внесеме одредби во законот за државјанството на кои воопшто не им е местото тука.

Ова сакам да го кажам од причина што ние знаеме, можеме да се потсетиме каква беше постапката по однос на донесување на Уставот и од пошироката меѓународна заедница истото нејзино барање во однос на тоа да биде запозната со одредбите на нашиот Устав. Понатаму, сведоци сме како извршивме промена на Уставот во некои одредби што ретко ги содржи било кој друг Устав во светот. Сега, еве повторно едно, така да кажам додворување до Европа во однос на тоа да внесеме одредби во законот за државјанството, со тоа што предвидуваме некои идни состојби а за кои воопшто немаме претстава како ке се одвиваат.

Јас мислам дека нема потреба од вакво оптоварување на законот особено од тоа што навистина овој закон мора да прифатиме дека го гра-

диме на нашиот национален интерес, го прилагодуваме спрема тоа и не треба да оставаме никакви резерви или додворувања, како што веќе појаснив во однос на тоа што однапред оставаме некои работи за кои навистина не знаеме како ќе се одвиваат. Неможе да стои во законска одредба некоја идна недефинирана состојба. Навистина, законот треба да се чита да се толкува и применува онака како што е напишан. Со тоа нависитна правиме само едно оптоварување на законот.

Свесно да размислиме сите, да се ослободиме од паритиските дисциплини, дали, еве и Владата нека каже навистина има место за вакви одредби во Законот, и покрај тоа што Уставот дозволува, да речеме, вакви состојби.

Сакам и тоа да кажам дека сепак треба да се разграничат овластувањата на Владата и на овој Парламент, и покрај тоа, ако одиме и покрај ова мое образложение да прифатиме состојба сепак да се вметне ова во законот, ваквиот амандман, сепак ми се чини дека тие меѓународни договори пак ќе дојдат на ратификаицја пред овој парламент. Повторно ќе предизвикаме некои состојби. Да ги оставиме состојбите да се одвиваат тогаш кога ќе дојдат. Да не предвидуваме сега состојби непотребни и да го оптоваруваме законот. Јас не знам, дали овој закон треба да се покаже пред Европската заедница, да се пофалиме дека ете ние однапред предвидовме одредби, однапред сме подготвени да потпишеме некои работи, само кажете кои се. Да оставиме она, како ќе не води националниот интерес така да се однесуваме во тој момент. Сега да останеме на текстот на законот.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сакав само да ставам една процедурална забелешка на претседателот на Собранието кој после излагањето на пратеникот Стефковски кажа дека амандманите се исти.

Исти се, ама и не се исти. Иста е содржината на амандманот, а различен е предлагачот. Затоа, обврска на претседателот е да го стави на гласање секој амандман од секој предлагач, според редоследот на предлагањето. Ако не се прифати амандманот на пратеникот Стефковски, можеби на пратеникот Петров, можеби на пратеникот нареден кој предложил. Така што барам да се почитува Деловникот.

СТОЈАН АНДОВ:

Да, меѓутоа тука е до буква исто се. Нема потреба. До буква е исто. Јас сите ги прочитав кои го предлагаат тој амандман..

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Сметам за потребно да се каже и тоа дека во матичната комисија беше кажано и ми се чини дека беше заклучок овој закон, особено оваа точка е во спротивност со Уставниот поредок на Република Македонија.

Исто така, сакам да кажам и тоа дека истата таа Европска заедница, нивната Бадинтерова комисија ни ги наложи амандманите што подоцна ги усвоивме, а што се покажа дека апсолутно немаат врска со признавањето. Ние, сеуште сме не признати од таа Европска заедница.

Затоа сметам да покажеме минимум достоинство како држава и да ја уредиме државата онака како што ние сакаме. Се покажа дека Европската заедница и сите тие учесници на Лондонската конференција дури не сакаат да го стават ниту на дневен ред нашето признавање предложено од страна на нашите преговарачи таму.

Затоа сметам дека ваков став е нонсенс во било каков предложен закон и предлагам да го отфрлиме, односно да се усвои овој амандман.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

XIX/1.-ДВ/МЛ

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, пратениците Тодор Петров и Владимир Голубовски и пратеничката група на Илинден-Слободни демократи кој гласи: "Ставот 4 на член 2 и 6 сеобрише".,

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Излегов на говорницата да кажам дека се чувствува едно расположение да се донесе законот оваа вечер, па оттука предлагам една мала пауза за консултација со координаторите на пратеничките групи од СДС - Либерална партија од Социјалистичката партија, не-зависните пратеници во присуство на министерот Фрчковски и претседателот Андов, а пратениците би ги замолил за пет минути да останат во салата.

СТОЈАН АНДОВ:

Предларам кратка пауза, а пратениците ги молам да останат во салата.

(По паузата).

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа сега не настапувам во свое име туку како овластен известител на ЗПК.

XIX/2.-

Навистина секој од вас извештајот го има пред себе. Меѓутоа, како кој ќе сфати  и што ќе прочита од него тоа е право ка секого. Јас најдов за потреба да покрај своето настапување како пратеник во свое лично име сега се јавувам и како претставник на ЗПК.

Комисијата на 19 октомври разгледувајќи го овој амандман на Владата како точка 4 во член 26 најде дека не да го подобрува правниот систем туку напротив да го влошува и станува несериозна работа. Затоа Комисијата не го поддржа овој амандман и констатира дека не е во согласност со членот 118 од Уставот на Република Македонија и му предлага на Собранието да не го прифати, туку напротив да ги прифати односно поддржи амандманите на групата пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и Тодор Петров кои беа во тој момент разгледувани.

Ве молам сватете го ова на Комисија која е исклучиво составена од правници на кои правото им е занает, кои не сакаат да водат политика и да припаѓаат ниту на една партија ниту сакаат да поддржуваат било кој, туку од чисто стручна страна го разгледуваше Комисијата на која од 12 членови беа присутни 10 и каде немаше ниту воздржани ниту пратеници со издвоено мислење туку сите го прифативме тоа дека оваа одредба е неуставна и на Собранието му препорачуваме да не се прифати. Ова е ставот на Комисијата, а кој како и што ќе мисли, како ќе ветува, како ќе води политика, тоа Комисијата не ја интересираше.

Ке ме прашате зошто тоа го направивме. Тоа го направивме поради законските и деловничките овластувања, да водиме сметка дали со некоја законска одредба е во согласност со Уставот и со законите. Ако не е да му на тоа укажеме и му дадеме препорака на Собранието да не го прифати. Ве молам тоа сериозно да го сватиме. Законот треба да има уставност. Во Уставот е и политиката.

XIX/3

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Да ве потсетам кога го донесувавме Уставот уште во фаза на нацрт нашиот претседател го гарантираше дека токму така ќе биде, во разни таму европски институции и разни европски контакти. Денес имаме слична состојба, однапред даваме гаранции за нешто што не знаеме, барем во демократијата не би требало да е толку извесно. Тоа е првата работа што сакав да ја констатирам, а за сериозноста за работата на овој Парламент, сепак ние сите заедно придонесуваме или не.

Втората работа е токму тоа што го кажа господинот Стојановски како известувач од ЗПК. Би било сериозен преседан ако една таква комисија со така висока степен на усогласеност, колку што јас знам имаше само еден против или беше едногласно одбиен предлогот на Владата, тоа сега да го игнорираме.

Трет елемент, не би требало дневно политичките потреби на владеачката коалиција да се ставаат над интересот на Република Македонија. Тоа што тие ветиле или не ветиле тоа си е нивни проблем како ветуваат и дали можат тоа да го исполнат. Македонија не смее да иде во Женева да и се решава судбината за еден закон кој длабоко припаѓа во онаа категорија на суверено право на секоја држава. Незнам колку вие сами можете да одлучувате. Можеби, трагедијата на еден дел од пратениците се состои во тоа што и не смеат да помислат, веројатно да размислуваат сами, но сепак би било добро да се донесе исправна одлука.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас немаше да се јавам за дискусија доколку известителот на ЗПК на свој начин од оваа говорница овде, на некој начин не го злоупотребуваше дигнитетот на Комисијата од следните причини:

XIX/4

Прво во искажувањето по однос на извештајот на работата на ЗПК по овие амднамки кои се предмет на разгледување во ова Собрание. За волја на вистината треба да се каже и следното. ЗПК работеше на работна кворумот. Од 13 членови беа присутни 7, седмиот бев јас а другите членови сите беа членови од опозицијата на Владата. Во такви услови не постоеше ни нормална атмосфера за работа на Комисијата ова го кажувам од причини што се пледираше од оваа говорница дека Комисијата со целокупниот свој стручен авторитет застанала во оценување на тоа дали амандманите се против уставни или не се уставни, мислам за да се знае до крај затоа што дел од пратениците од парламентарните групи кои се во позицијата ми го поставуваат прашањето што се случило на ЗПК во моментот кога Томислав Стојановски излагаше од оваа говорница. Јa користам приликата тоа да го кажам така како што беше.

Оценката за тоа дали стручно мислеше искажала ЗПК, јас ќе го почитувам извештајот на ЗПК затоа што сепак беше донесен согласно деловникот за работа. Но, за волја на вистината треба да се знае тоа што кажав дека Комисијата работеше на работ на кворумот со еден член плус од потребниот кворум.

Јас исто така, сакам да коментирам и нешто друго, размис-лувањата на истата ЗПК затоа што има спротивно мислење на добар дел од членовите таму во врска со членот 118. Јас го признавам правото на поднесувачите што сакаат дел од одредбите од предлагачот ги изменат на овој или оној начин, но да се става во контекст дека амандманот што е предложен од Владата на ставот 4 од членот 26 е во спротивност со членот 118 е чисто дискутабилно прашање затоа што членот 118, јас ќе ве потсетам гласи: "меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот

правен  поредок и неможе да се менува со закон.? Тоа значи јас чисто и лично не верувам дека некоја конференција за бивша СФРЈ по ова прашање ќе постигне консензус на сите членки, затоа што и сите членки од бивша СФРЈ имаат различни интереси по однос на ова прашање и на различен начин ги штитат своите интереси. Но, доколку тоа се случи сите членки да постигнат договор на таа конференција тогаш нужно ни е во тој парламент ќе мораме тој договор да го ратификуваме и да го применуваме и не само тоа. Дали овој состав на овој Парламент или другите состави на Парламентот ќе бидат полно пати во позиција, со оглед на нашите аспирации што ги имаме за поширока европска интеграција во сите европски форми и институции, често да одлучува и да прифаќа договори кои не така еднодушно ќе може да ги носи. Но, поради главната, стратегиската цел, унификација и на самостојна Република Македонија во европските простори нужно тоа ќе го прави. Затоа, сметам, враќајќи се назад на амандманите дека илеревантно е спрема мене дали амандманите ќе се прифатат или ќе остане предлогот на Владата. Нужно е сигурно е тоа дека ако се постигне таков договор ние мора да го ратификуваме и спроведуваме. Мислам дека толкава расправа, да се дава значење  на овој амандман, апсолутно не заслужува такво внимание, и самата расправа по ставот 4, бидејќи однапред ние се имаме договорено преку Уставот на начин цивилизациски како треба да постапуваме по однос на меѓународните договори.

XX/1/JK/OM

ЈОРДАН БОШКОВ:

Дами и господо, јас нногу се израдував кога слушнав дека на барање на координатор се прекинува седница за да се сретнат координаторите, министерот и претседателот на Собранието. И мислев дека дигнитетот ќе се пази и нема потоа да се расплинуваме повторно во начелни расправи. Вака по се изгледа и прекинот беше без плод.

Како мој мал прилог кон ова прашање, дали е редно во законот да стои став 4 или не. Едноставно ќе речам дека дикцијата на Уставот не го допушта тоа. Сите имаме добиено и Извештај на соодветната комисија, тоа што таа што работела на работ на кворум зборува негативно најнапред за членството на таа комисија, а инаку се поставува прашањето каде биле. Но нејзината одлука е полноважна.

Појдувајки од тој аспект, јас само сакам вас да ве охрас рам да поддржите бришење на став 4 од членот 26. Едноставно во Уставот тоа не е така предвидено. Меѓународни договори кои ќе ги ратификува овој Парламент нормално е да бидат составен дел на внатрешното државно законодавство. Но таков договор се уште не е постигнат, прашање е дали воопшто ќе има таков и дали воопшто Собранието ќе ратификува. Според тоа, нема никаква потреба да стои овој став.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Ова е само потврдување дека не се прифаќа став 4, дополнително внесениот став.

Инаку, Владата има писмо до нас од 14 октомври со кое вели дека не го повлекува предложениот закон во првобитниот текст. Ова дополнување е дополнително ставено. Доколку се прифати овој став, јас сметам дека ние сами се негираме во смисла прифаќаме ставови на Комисија за сукцесија на бившата СФРЈ без ние што мислиме односно кој

пропис ние ќе го донесеме. Друго, сите закони ние ги донесуваме на територијата на Република Македонија и исклучиво важат и се применуваат на територијата на Македонија. Ниту нашата обврска условена во законот може да ја обврзе Комисијата за сукцесија во Брисел ниту обратно, Брисел неможе дирекно да не обврзе нас. Недоразбирашето е во тоа што, точно, ратификуваните договори се изедначуваат со законите и тие имаат сила на територијава. Тука треба претходно да се спроведе постапката, да се доозваничи дека тие се ратификувани. Во однос на словенечката конвенција за меѓусебните односи дипломатски, СОК или друга комерцијална и деловна банка па овде два часа неможевме да го ратификуваме. Значи, претходно треба да се спроведе постапка за ратификување. Инаку вака и на шалтер кога ќе се јави ние треба да им кажеме во полиција Брисел да праша по кој рок ќе стекне право на државјанство. Треба со се фамилија со се деца да оди таму па да му каже, па ние потоа да му кажеме ... За оваа територија конечно треба да дадеме што мислиме. Меѓутоа, кога ќе се договорат нашите овластени претставници ќе спроведеме постапка за ратификација и нормално сметам како и досега ќе прифатиме, сепак тоа е европски став. Но овде политички да се вградува јас сметам дека правно технички не е одржливо, а директно е во спротивнсот со Уставот. Инаку ќе треба уставна постапка да спроведуваме. Со изоставување сметам дека може да се прифати текстот на членот 26.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Би сакала да кажам некој збор за принципите кои ги спроведува ова Собрание т.е. Владата. При поднесување на некои амандмани, конкретно на нашата Комисија, кои беа дојдени и во Собранието, Владата инсистираше на тоа

како принцип да не се оптоваруваат закони со одредби кои се третираниво друг закон, а во случајов таа одредба е третирака во Уставот. Во Уставот во член 18 точно се вели дека меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и неможат да се менуваат со закон. Незнам зошто сега се крши тој принцип и овој закон се оптоварува со некоја одредба која е стрикно уставно дефинирана. Зборуваме за принцип кој што треба да го спроведуваме.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претрес-от по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака.

За амнандманот гласаа 45 пратеници.

Дали има некој против?

Против се 28 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласање?

12 пратеници се воздржаа од гласање.

Консатирам дека амандманот е усвоен.

Преминуваме на претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака.

XX/4
(Сите 83 пратеници креваат рака)

Дами и господа пратеници, ве повикувам да станеме да го поздравиме најважниот Закон за Република Македонија, кој едногласно е усвоен од сите 83 присутни пратеници.

(Сите присутни во салата станаа и се слушна едногласен силен продолжен аплауз)

Ве молам, еве јавноста може да заклучи дека овде нема предавници, нема кратковиди, има загреани глави, има долги јазици, но тоа е својствено на секој Парламент, ништо повеќе.

Инаку, да продолжиме натаму сега неможеме, изморени сме, утре да продолжиме во 11,оо часот.

(Седницата заврши во 21,30 часот)